2025

## ПРВ МЕЃУНАРОДЕН ФОРУМ
**(18.9.2024)**

# РАЗМЕНА НА ИДЕИ ЗА ДОБРИ ПРАКТИКИ

**Локална Установа Библиотека „Благој Јанков Мучето“**
**Струмица**

Министерство за култура
на Република Македонија

ЛУ БИБЛИОТЕКА
БЛАГОЈ ЈАНКОВ МУЧЕТО
СТРУМИЦА

СТРУМИЦА

**Локална Установа Библиотека**

**„Благој Јанков Мучето“**

**Струмица**

**ПРВ МЕЃУНАРОДЕН ФОРУМ**

# РАЗМЕНА НА ИДЕИ ЗА ДОБРИ ПРАКТИКИ

## Електронско издание

**Струмица, 2025**

# Патувањето на исфрлените книги од ѓубре до библиотека

д-р Филиз Мехметоглу, Р. Турција
mehmetoglufiliz@gmail.com

**Апстракт**

Во главниот град на Република Турција, Анкара во општината помеѓу работниците коишто собираат и метат ѓубре се случи еден феноменален настан. Во населбата Чанкаја каде што е формирана републиката и се управувала долги години, работниците од општината Чанкаја од оставените книги до кантите за ѓубре, формираа една библиотека.

Целта на овој труд е да се покаже еден уникатен пример дека е можно да се изгради навика и љубов кон книгите и читањето дури и кај најниската класа и ниво. И тоа без големи трошоци, дури бесплатно и плус фрлените книги се искористени и пак се вратени на читателите.

**Клучни зборови:** библиотека во општина Чанкаја, работници во општина, искористени книги.

## Вовед

Целта на овој труд е да се покаже еден пример на создавање библиотека без финансиски средства и да се адаптира на македонското општество. Трудот е истражуван од медиуми и видеа за вести. Потоа најдените вести се преведени од турски јазик на македонски јазик. Целосниот текст е анализиран со заклучок и на крај е додаден дел од визуелен материјал за поддршка на трудот.

## Од отпад до Библиотека

Комуналните работници на општина Чанкаја во Анкара, додека го собираат ѓубрето за време на ноќните смени, собираат и книги фрлени покрај ѓубрето. Работниците за чистење во главниот град формираа библиотека со книгите што ги собраа од ѓубрето.[1]

---

[1] (УРЛ-2).

Според писмената изјава дадена од Општина Чанкаја, работниците за чистење основале библиотека во мај 2016 година со книгите оставени до контејнерите за ѓубре.[2] Библиотеката е отворена во 2017 година со 700 книги.[3] Бројот на книги, кој при основањето на библиотеката изнесуваше 3 500, на крајот на 2018 година со донации достигна до 25 000 книги.[4]

Книгите кои беа во читлива состојба се одржувани и класифицирани според наслови.[5] Библиотеката, содржи енциклопедии, романи, книги за историја и личен развој, која првенствено може да ја користат комуналните работниците кои го користат градилиштето. Работниците можат да позајмуваат книги, да читаат и да играат шах за време на одморот во библиотеката. Покрај тоа, децата на работниците имаат корист од одделот за детски книги којшто е создаден за нив. Библиотеката е отворена за секој.[6]

Градоначалникот на Чанкаја, Алпер Ташделен, потврди дека донациите на книги направени по формирањето на библиотеката се многу вредни. Ташделен изјави дека е горд на своите колеги кои не само што ја исчистиле целата Чанкаја, туку основале и библиотека, а потоа преземале активности да им носат книги на оние кои не можат да дојдат во библиотеката.[7]

**Местото на библиотеката**

Старата фабрика за тули, која беше изградена пред 45 години и претворена во руина, лоцирана во областа Имрахор, беше обновена и стана центар за состаноци на работниците за чистење на општина Чанкаја. Центарот, кој го користат 600 работници дневно, има фризерски салон и библиотека создадена од книги собрани од ѓубре кои се одржувани од комуналните работници.[8]

Надворешната текстура на фабриката, која беше изградена во далечната 1970 година, беше зачувана токму таква каква што беше.[9]

20-годишниот менаџер на библиотеката Ерај Јилмаз (во 2017 г.) вели дека имало вкупно 4 018 книги. Тој ги класифицирал на 17 различни категории. Најпрво ги чистиме книгите, ги контролираме страниците и се грижиме за книгите.[10]

Јилмаз објаснува дека од основањето на библиотеката, 97 општински работници позајмувале книги на секои 2 недели, а најмалку 6 работници ја посетувале

[2](УРЛ-1).
[3](УРЛ-7).
[4](УРЛ-1).
[5](УРЛ-4).
[6](УРЛ-1).
[7](УРЛ-1).
[8](УРЛ-4).
[9](УРЛ-2).
[10](УРЛ-6).

библиотеката секој ден. Тој вели дека „Работниците поминуваат овде за време на нивните паузи за чај и ручек во текот на денот и ги читаат своите книги. Се зголемува и бројот на луѓе кои позајмуваат книги од нашата библиотека, што е навистина задоволство за нас. Искрено, интересот е над моите очекувања“.[11]

**Мобилна библиотека**

Од друга страна пак, еден многу битен развиток е тоа што камион за ѓубре е претворен во мобилна библиотека. Работниците на општината камион за ѓубре го претворија во мобилна библиотека за да ги достават собраните книги до селските училишта и до околните библиотеки. Мобилната библиотека содржи класици на турската и светската литература, книги за политика и личен развој.[12]

**Книгите се праќаат во селските училишта и затвори**

Емирали Уртекин е бизнис менаџер на местото за собирање ѓубре, тој вели дека жителите на Чанкаја, кои слушнале за проектот, почнале да донираат книги.

Книгите собрани од општинското ѓубре откако ќе бидат исчистени и одржувани планираат да ги испратат и до училиштата, до околните училишта кои имаат потреба.[13]

Општината сега ги испраќа тие книги во училиштата и затворите низ Турција на кои им требаат книги.[14]

Емирали Уртекин, одговорен за собирниот центар на работниците за чистење, рече дека се многу задоволни од интересот за проектот. Привлекувајќи внимание на чувствителноста на жителите на Чанкаја и велејќи дека проектот ќе расте понатаму со поддршка. Уртекин рече: „Нашата цел е најмалку 5 илјади книги. Кога ќе ја надминеме оваа бројка, сакаме да создадеме библиотеки во селските училишта кои немаат библиотека. Се грижиме, ги чистиме и ги заштитуваме книгите што работници ќе ги донесат во нашата библиотека. Којшто слушна за нашата библиотека ни рече „и ние сакаме да донираме книги за објектите на библиотеките за деца“. Една од нашите цели е да подготвиме добри поединци за иднината со тоа што ќе ги угостиме децата и ќе ги запознаеме со прекрасни места“ - рече тој.[15]

До сега е донирано книги во 20 основни училишта и 4 затвори.[16]

**Од работниците „ја развиваме нашата култура“**

[11] (УРЛ-2).
[12] (УРЛ-1).
[13] (УРЛ-2).
[14] (УРЛ-3).
[15] (УГЛ-4).
[16] (УРЛ-7).

Библиотеката содржи книги во 17 различни категории како што се светски класици, хорор, трилер, турска литература и политика. Орхан Ајкутлу, еден од работниците кој има право да ги однесе книгите дома благодарение на системот за регистрација, рече: „Обично времето за одмор го поминуваме во библиотеката. Повеќето книги што ги бараме можеме да ги најдеме овде. Ја развиваме нашата култура. Подобро е да читаме книги и да играме шах со пријателите овде, наместо да седиме напразно во слободните часови".

Муса Килич, кој работи како комунален работник веќе две години, рече: „Заедно подготвивме можности кои не можат да се најдат во повеќето работни средини. Чувството е убаво и да се работи и да се студира".[17]

Иако библиотеката е доста далеку од центарот на градот, општинските работници како Мурат Серкок, кои сакаат да читаат книги, паузата ја поминуваат во оваа библиотека. Серкок, кого го запознавме додека читаше книга во библиотеката, вели дека често ја користи библиотеката: „Скоро еден месец работам како шофер во општината и секогаш доаѓам овде кога имам време. Воодушевен сум од ова место. Се радувам што побрзо да ја завршам работата и да дојдам тука, бидејќи се релаксирам од секојдневните проблеми и одмарам овде".

Комуналните работници се многу среќни што се дел од оваа работа. Ефе Акпинар го опишува процесот на собирање книги од ѓубрето и нивното носење на градилиштето на следниов начин: „Свесните луѓе ги ставаат книгите во вреќи или торби до контејнерите. Кога ќе ги видиме овие книги, ги земаме и ги ставаме во предниот дел на возилото. Потоа му ги доставуваме на нашиот пријател кој работи во библиотеката". Акпинар вели дека од почетокот на проектот го израдувало тоа што ќе види книги оставени покрај контејнерите за ѓубре: „Кога ќе видиме книги оставени до контејнерот, се чувствуваме среќни. Сакаме веднаш да ги земеме новите книги и да ги донесеме во нашата библиотека. Колку поголемо можеме да го направиме ова место, толку подобро ќе биде".

Друг комунален работник, Бекир Каракоч, кој има 13 годишен стаж со воздивнување вели: „Требаше порано да почневме да собираме книги".[18]

**Нов проект**

Емирали Уртекин, одговорен за собирниот центар на комуналните работници, рече дека во центарот имаат многу проекти, како што е мобилната библиотека, исто така, во иднина планираат и кино за работниците. Друг проект е да се постави кино во

[17] (УРЛ-4).
[18] (УГЛ-2).

просторот на центарот за состаноци на работниците за чистење и да се прикажуваат бесплатни филмови на работниците и нивните семејства.[19]

Во весникот „Газете Дувар“ весникот завршува со многу значаен параграф којшто дава адреса и телефонски број за тие коишто сакаат да донираат книги во библиотеката.

Оние коишто сакаат да донираат за библиотеката можат да ги испратат книгите на следнава адреса: Центар за работници за чистење на општина Чанкаја, İmrahor Mahallesi, İmrahor Caddesi, No:51, Çankaya/Ankara. Телефон: 0 312 496 16 13.[20]

**Анализа и Заклучок**

Од целиот анализиран текст добиваме пет главни и битни добивки.

Првата добивка: исфрлените книги се спасени и се користат повторно, а воедно се спасени голем број дрвја од сеча.

Како второ во Општината на најниското ниво каде што работат комуналните работниците, добија висока свест за книги, читање, култура и личен раст и развој коешто е најбитното. Веќе тие работници се изменети и станаа други луѓе, културни и развиени граѓани и свесни семејни татковци и сопрузи. Работниците како поединци во општеството успеваат да достигнат повисоко ниво на квалитет во нивниот живот, коешто исто така, го зголемува и квалитетот не само на семејниот живот дури и на општеството.

Третата добивка: во околните села на Анкара каде што има училишта, работниците им носат книги за нивните библиотеки. И тоа со еден камион за ѓубре којшто е претворен во мобилна библиотека.

Четвртата битна добивка е тоа што после чистењето и поправката на книгите ги праќаат во школските библиотеки во Анкара и околината и на затворите низ цела Турција.

Петтата и последната добивка од општествена гледна точка е тоа што не само работниците што собираат ѓубре туку и другите работници во општината ја користат библиотеката, на тој начин им се зголемува квалитетот на животот. Исто така и другите граѓани коишто живеат во спомнатата населба (во Чанкаја) потврдено е дека ја користат библиотеката. Ова значи дека една од најдолната класа во општеството се приближува и добива други навики како и другите граѓани во општеството. Ова овозможува братство и единство во општеството.

[19] (УРЛ-4).
[20] (УРЛ-4).

Од гореспомнатите гледни точки добивките се еколошки, општествени, семејни и лични. Проектот не е планиран туку е спонтано настанат со желбата на работниците и поради тоа е успешна библиотека. Со надеж дека овој случај ќе биде пример-модел за развој на најниската класа и ниво во македонското општество. И особено помеѓу работниците за чистење во општините.

**Користена литература**


Електронски извори вести од медиуми:

УРЛ-1: „Yasam/copten-cikan-kitaplarla-kurulan-kutuphane-buyuyor“, 14.01.2019. İnal, Aybüke. Anadolu Ajansı: https://www.aa.com.tr/1364114 (дата на истражување: 19.08.2024).

УРЛ-2: „Turkce/haberler-turkiye“, 11.12.2017. Öztürk, Fundanur. BBC News Türkçe: https://www.bbc.com/ -42307964 (дата на истражување: 19.08.2024).

УРЛ-3: „Turkiye/copten-cikan-40-bin-kitap-kutuphanede“, 04.06.2021. Tüccar, Öykü. NTV Radyo ve Televizyon Yayıncılığı: https://www.ntv.com.tr/video/4tNuD6vUakinIqguPueN-A (дата на истражување: 19.08.2024).

УРЛ-4:„Temizlik-iscileri-copten-cikan-kitaplarla-kutuphane-kurdu“, 17.12.2017. Alan, Serkan. Gazete Duvar: https://www.gazeteduvar.com.tr/kultur-sanat/2017/12/17 (дата на истражување: 21.08.2024).

УРЛ-5: https://ebelediye.cankaya.bel.tr (дата на истражување: 19.08.2024).

Видео (видеата постојат во страниците на долните вести):

УРЛ-6: https://www.bbc.com/turkce/haberler-turkiye-42307964 (дата на истражување: 19.08.2024).

УРЛ-7:https://www.ntv.com.tr/video/turkiye/copten-cikan-40-bin-kitap-kutuphanede, 4tNuD6vUakinIqguPueN-A (дата на истражување: 19.08.2024).



**Abstract**

In the capital city of the Republic of Turkey, Ankara, a phenomenal case occurred in the opposition among the workers who collected and swept the wood. In the village of Chankaya, where the republic was formed and governed for many years, the workers of the Chankaya opshchina formed a library from the books left next to the canteens for rubbere.

The purpose of this work is to show in a unique example that it is possible to build the habit and love of books and reading even in the lowest class and level. And this without large crumbs, duri free and plus frle books are eradicated and again door horse readers.


**Keywords:** Library in Çankaya Municipality, Municipal Workers, Books evaluated.

**Додатоци**

Овој дел од трудот под наслов „Додатоци“ вклучува визуелен материјал од формираната библиотека во Чанкаја, Анкара.



*Слика бр. 1: Поранешната состојба на фабриката за тули којашто е реновирана и пренаменета за библиотека и други активности (УРЛ-4)*




*Слика бр. 2: Внатрешен поглед на библиотеката (УРЛ-1)*



*Слика бр. 3: Внатрешен поглед на библиотеката (УРЛ-2)*




*Слика бр. 4: Мобилна библиотека создадена од контејнер за ѓубре (УРЛ-1)*




*Слика бр. 5: Општина Чанкаја (УРЛ-5)*

Çankaya
BELEDİYESİ

*Слика бр. 6: Логото на Општина Чанкаја (УРЛ-5)*

# Споделување добри практики во работењето на библиотеките

## Библиотеките како носители на промени во руралните заедници

м-р Наташа Василевска-Трајчевска, виш библиотекар
ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ - Струмица
natasavasilevskatrajcevska@yahoo.com

**Апстракт**

Ова истражување се однесува на клучната улога на библиотеките како средство за размена во руралните заедници, истражувајќи го нивниот повеќекратен придонес во руралниот развој. Преку длабинско истражување, оваа студија има за цел да фрли светлина на тоа како библиотеките служат како катализатори за ширење на знаењето, подобрување на вештините и зајакнување на заедницата во руралните области. Истражувањето користи пристап со мешани методи, интегрирајќи ги и квалитативните и квантитативните податоци, за да обезбеди сеопфатно разбирање за влијанието на библиотеките врз руралниот развој. Клучните наоди ја нагласуваат важноста на библиотеките за поттикнување на образованието, зачувување на локалната култура и промовирање на социо-економскиот раст во руралните области. Импликациите од овие наоди се протегаат надвор од границите на поединечните заедници, нагласувајќи ги пошироките општествени придобивки од добро воспоставената библиотечна инфраструктура во руралните региони.

**Клучни зборови:** библиотеки, рурален развој, ширење на знаењето, зајакнување на заедницата, социо-економски раст, образование, зачувување на културата.

**Вовед**

Руралниот развој останува главна глобална грижа, со различни иницијативи и стратегии кои постојано се развиваат за да се решат уникатните предизвици со кои се соочуваат руралните заедници. Меѓу инструменталните фактори кои придонесуваат за руралниот развој, библиотеките се појавуваат како моќни агенти на промени. Ова истражување се обидува да го открие повеќекратниот придонес на библиотеките за руралниот развој, расветлувајќи ја нивната улога како суштински средства за размена кои го олеснуваат ширењето на знаењето, подобрувањето на вештините и зајакнувањето на заедницата.

Поделбата рурално-град е постојан предизвик во контекст на развојот. Руралните заедници често се соочуваат со бариери за пристап до образование,

информации и технологија, што го попречува нивниот социо-економски напредок. Во овој контекст, библиотеките се појавуваат како катализатори за промени, служејќи како центри на заедницата кои ги премостуваат празнините во знаењето и ги овластуваат поединците да се движат и да учествуваат во пошироката развојна средина.

***Ширење на информации и пристап до знаење***

Библиотеките, како складишта на различни информации, го олеснуваат пристапот до широк опсег на образовни ресурси. Со нудење книги, списанија и дигитални материјали, библиотеките им овозможуваат на жителите на руралните средини со знаење од клучно значење за земјоделските практики, здравствената заштита, претприемништвото и другите клучни домени. Овој пристап до информации служи како камен-темелник за градење капацитети и развој на вештини, поттикнувајќи поинформирано и поотпорно рурално население и за возврат, поттикнува култура на континуирано учење, зајакнување на поединците со знаењето неопходно за личен развој и развој на заедницата.

***Широк пристап до образовните ресурси***

Библиотеките во руралните области функционираат како чувари на различни образовни ресурси. Тие содржат книги, списанија, истражувачки трудови и мултимедијални материјали кои покриваат широк спектар на теми, обезбедувајќи им на поединците средства да ја прошират својата база на знаење. Во руралните области каде што пристапот до формалното образование може да биде ограничен, библиотеките стануваат непроценливи платформи за независно учење. Достапноста на образовните ресурси е наменета за различни возрасни групи, од деца кои ги истражуваат чудата на литературата до возрасни кои бараат практично знаење за професионален развој.

***Можности за доживотно учење***

Библиотеките нудат повеќе од статична збирка книги; тие служат како динамични простори за доживотно учење. Со организирање работилници, семинари и предавања, библиотеките стануваат места за интеракција со експерти и соработници. Овие настани опфаќаат различни теми, од научни достигнувања до локална историја, негување култура на љубопитност и континуирано образование. Можностите за доживотно учење ги поттикнуваат поединците да се прилагодат на околностите кои се развиваат, подобрувајќи ги нивните вештини за решавање проблеми и способностите за критичко размислување.

***Премостување на дигиталниот јаз***

Во модерната ера, пристапот до дигитални информации е клучен за личен и професионален развој. Библиотеките играат клучна улога во премостувањето на дигиталниот јаз преку обезбедување на компјутерски капацитети, пристап до интернет и дигитални ресурси. Ова не само што го олеснува истражувањето и учењето, туку и гарантира дека поединците во руралните области се опремени со вештини за дигитална писменост неопходни за учество во глобалната економија на знаење.

***Локализирано зачувување на знаењето***

Библиотеките придонесуваат за зачувување на локализираното знаење преку собирање и архивирање материјали релевантни за специфичната историја, традиции и практики на заедницата. Ова локализирано знаење, често пренесувано низ генерации, е зачувано во библиотечните збирки, обезбедувајќи пристап до нивното културно наследство на идните генерации. На овој начин, библиотеките стануваат чувари на домородните знаења, промовирајќи чувство на идентитет и континуитет во заедницата.

Накратко, ширењето на знаењето преку библиотеките во руралните области е повеќеслоен процес кој вклучува не само обезбедување пристап до разновидни образовни ресурси, туку и создавање можности за континуирано учење, дигитално зајакнување и зачувување на локалното знаење. Овој сеопфатен пристап осигурува дека библиотеките стануваат енергични центри за интелектуален раст и развој на заедницата во руралните области.

***Зајакнување на заедницата***

Библиотеките се трансформативни простори кои се протегаат надвор од складиштата на информации. Тие служат како центри на заедницата, обезбедувајќи простор за заеднички вложувања и развој на вештини. Работилниците и програмите за обука што се одржуваат во библиотеките ги обучуваат поединците за практични вештини, од земјоделски техники до дигитална писменост. Овие иницијативи не само што ги подобруваат индивидуалните способности, туку и создаваат мрежа на овластени поединци кои, пак, стануваат агенти на промени во нивните заедници. Понатаму, библиотеките играат клучна улога во граѓанскиот ангажман, олеснувајќи ги дискусиите и активностите кои ги овластуваат заедниците колективно да се справат со локалните предизвици.

***Социо-економски раст***

Библиотеките значително придонесуваат за социо-економскиот раст во руралните области преку различни иницијативи. Програмите за поддршка на претприемништвото во библиотеките им обезбедуваат на потенцијалните сопственици на бизниси ресурси, можности за менторство и вмрежување, охрабрувајќи го развојот на локалните бизниси. Покрај тоа, библиотеките служат како информативни центри за пазарните трендови, земјоделските практики и технолошкиот напредок, овозможувајќи им на руралните популации да се прилагодат на променливите економски предели. Програмите за дигитална писменост што се спроведуваат во библиотеките ги опремуваат поединците со основните вештини за вклучување на онлајн пазарите, а со тоа ги прошируваат економските можности и придонесуваат за целокупната финансиска благосостојба на заедницата.

***Зачувување на културата***

Зачувувањето и славењето на локалната култура е составен аспект на библиотеките во руралниот развој. Во библиотеките се сместени збирки кои ја прикажуваат уникатната историја, традиции и уметност на заедницата. Со обезбедување на платформа за културни настани, изложби и сесии за раскажување приказни, библиотеките стануваат активни учесници во зачувувањето на културното наследство. Ова не само што поттикнува чувство на гордост и идентитет кај членовите на заедницата, туку придонесува и за одржлив развој на заедницата преку препознавање и вреднување на нејзиниот богат културен колаж.

***Чувари на локалното наследство***

Библиотеките во руралните области играат клучна улога во зачувувањето и славењето на богатото културно наследство единствено за секоја заедница. Со зачувување на збирките кои вклучуваат ракописи, историски документи, артефакти и снимки, библиотеките стануваат чувари на локалните традиции. Овој напор за зачувување се протега надвор од пишаните материјали за да вклучи усна историја, традиционални занаети и други елементи кои го дефинираат културниот идентитет на заедницата.

***Архиви на заедницата***

Библиотеките дејствуваат како архиви на заедницата, документирајќи приказни, ритуали и фолклор кои инаку би можеле да исчезнат во нејасност. Преку партнерства

со локални историчари, експерти за култура и членови на заедницата, библиотеките собираат и дигитализираат материјали, обезбедувајќи дека нематеријалните аспекти на културното наследство се достапни за сегашните и идните генерации. Оваа архивска функција не само што ги штити културните практики, туку и ги олеснува истражувачките и образовните иницијативи фокусирани на уникатниот идентитет на заедницата.

***Културни настани и изложби***

Библиотеките служат како динамични простори за културни настани и изложби. Од традиционални музички изведби до уметнички изложби и раскажување приказни, овие настани ги здружуваат заедниците за да ја прослават нивната културна различност. Библиотеките често соработуваат со локални уметници, изведувачи и едукатори за да ги организираат овие настани, поттикнувајќи чувство на гордост и единство меѓу членовите на заедницата. Културните експонати организирани од библиотеките обезбедуваат опиплива претстава за историјата на заедницата, овозможувајќи им на жителите да се поврзат со своите корени и да го споделат своето наследство со другите.

***Зачувување на јазикот***

Во многу рурални области, уникатните јазици се составен дел на културниот идентитет. Библиотеките активно придонесуваат во напорите за зачувување на јазикот преку собирање, архивирање и промовирање литература на локални јазици. Програмите фокусирани на јазикот, како што се сесиите за раскажување приказни и јазични работилници, не само што ја зачувуваат јазичната разновидност, туку и ги зајакнуваат врските во заедницата. Со негување на лингвистичкото наследство, библиотеките обезбедуваат идните генерации да останат во контакт со нивните корени и да можат да комуницираат на јазикот на нивните предци.

***Културно образование и свест***

Библиотеките служат како образовни центри, нудејќи ресурси и програми кои промовираат културна свест и разбирање. Иницијативите за културно образование може да вклучуваат работилници за традиционални занаети, часови за готвење со локални рецепти или предавања за историското значење на културните практики. Преку пренесување на знаењето за културното наследство, библиотеките придонесуваат за пренос на вредности, поттикнувајќи чувство на припадност и гордост кај членовите на заедницата.

***Меѓугенерациска врска***

Библиотеките ги олеснуваат меѓугенерациските врски обезбедувајќи простори каде постарите членови на заедницата можат да ги споделат своите искуства и младите генерации да учат од нивната мудрост. Проектите за усна историја, круговите за раскажување приказни и менторските програми организирани од библиотеките создаваат можности за пренос на традиционални знаења и вештини. Оваа меѓугенерациска размена не само што ги зачувува културните практики, туку и го зајакнува социјалното ткиво на заедницата.

Во суштина, улогата на библиотеките во зачувувањето на културата во руралните средини оди подалеку од архивските материјали; вклучува активен ангажман во заедницата, поттикнување гордост за културното наследство и создавање простор за пренос на знаење низ генерациите. Како културни управители, библиотеките значително придонесуваат за живост и издржливост на руралните заедници, осигурувајќи дека нивните уникатни традиции продолжуваат да напредуваат во лицето на модернизацијата и глобализацијата.

**Заклучок**

Библиотеките во руралните области се појавуваат како мултифункционални институции кои играат клучна улога во обликувањето на траекторијата на развој. Покрај тоа што се складишта на книги, библиотеките се катализатори за ширење на знаењето, зајакнување на заедницата, социо-економски раст и зачувување на културата. Комбинираното влијание на овие функции создава синергетски ефект, поттикнувајќи холистички и одржлив развој во руралните заедници. Препознавањето и поддршката на различните улоги што ги играат библиотеките е клучно за формулирање на политики што ќе го искористат нивниот потенцијал како клучен придонесувач за севкупната благосостојба и напредок на руралните општества. Како што одиме напред, станува се поочигледно дека инвестицијата во робустна библиотечна инфраструктура е инвестиција во просперитетот и издржливоста на руралните заедници.

Улогата на библиотеките во руралните области оди подалеку од конвенционалните перцепции, појавувајќи се како динамични и неопходни придонесувачи за повеќекратниот развој на заедницата. Ова истражување ги разјасни клучните функции на руралните библиотеки, фокусирајќи се на ширење на знаењето, зајакнување на заедницата, социо-економски раст и зачувување на културата. Колективното влијание на овие улоги ја нагласува виталната важност на библиотеките како двигатели на напредокот во руралните области.

Руралните библиотеки служат како светилници на знаење, рушејќи ги бариерите за образование и поттикнувајќи култура на доживотно учење. Пристапот до различни образовни ресурси ги овластува поединците да стекнат вештини, да ги следат интересите и значајно да придонесат за нивните заедници. Со обезбедување можности за независно образование и организирање информативни настани, библиотеките стануваат катализатори за интелектуален раст, поттикнувајќи го духот на љубопитност што го проникнува секој аспект од руралниот живот.

Трансформативната моќ на руралните библиотеки се протега надвор од стекнувањето знаење; тие се активни актери во зајакнувањето на заедницата. Преку работилници за вештини, програми за стручна обука и иницијативи за граѓански ангажман, библиотеките создаваат плодна почва за членовите на заедницата да го реализираат својот потенцијал. Овластените поединци, опремени со знаење и вештини, стануваат движечка сила зад иницијативите предводени од заедницата, поттикнувајќи позитивни промени во областите кои се движат од земјоделството до здравствената заштита.

Библиотеките играат клучна улога во катализирањето на социо-економскиот раст во руралните заедници. Програмите за поддршка на претприемништвото, пристапот до информации за пазарот и иницијативите за дигитална писменост ги поттикнуваат жителите да учествуваат во економската активност, поттикнувајќи локални бизниси и подобрување на егзистенцијата. Со премостување на јазот помеѓу руралното население и пошироката економија, библиотеките стануваат клучни играчи во обезбедувањето одржлив развој кој е во склад со уникатните потреби и аспирации на заедницата.

Можеби подеднакво важна е и улогата на руралните библиотеки како чувари на културното наследство. Со зачувување на локалните традиции, јазици и историски наративи, библиотеките придонесуваат за одржување на културниот идентитет. Културните настани, изложбите и иницијативите за зачувување на јазикот создаваат чувство на гордост и поврзаност меѓу членовите на заедницата. Библиотеките стануваат живи складишта на историјата на заедницата, поттикнувајќи го вреднувањето на богатството на културната разновидност и обезбедувајќи основа за идните генерации да се надоврзат.

Тие овозможуваат значајна меѓугенерациска врска преку создавање простори за размена на знаења и искуства. Проектите за усна историја, програмите за менторство и круговите за раскажување приказни го премостуваат јазот меѓу генерациите, обезбедувајќи пренесување на традиционалните знаења и вештини. Оваа врска не само

што ги зачувува културните практики, туку и ја зајакнува социјалната кохезија што ја поткрепува отпорноста на руралните заедници наспроти современите предизвици.

На крајот на краиштата, руралните библиотеки се појавуваат како интегрални компоненти на холистичкиот развој на заедницата. Нивното значење се протега многу подалеку од физичките граници на полиците за книги, бидејќи тие активно се ангажираат со заедницата, се приспособуваат на потребите кои се развиваат и служат како катализатори за позитивни промени. Препознавањето и негувањето на различните улоги на руралните библиотеки е најважно за формулирање на инклузивни и одржливи стратегии за развој кои ги зајакнуваат поединците, го зачувуваат културното наследство и поттикнуваат отпорни заедници. Како што се движиме кон иднината, јасно е дека инвестирањето во робустна (цврста и моќна) рурална библиотечна инфраструктура е инвестиција во континуиран просперитет и виталност на руралните општества.

**Користена литература:**

Референци (извори):
https://www.sciencedirect.com/science/article/abs/pii/S0740818819302889
https://files.eric.ed.gov/fulltext/ED385254.pdf
https://www.ala.org/acrl/publications/keeping_up_with/srl
https://www.emerald.com/insight/content/doi/10.1108/S0065-283020170000043009/full/html
http://eprints.rclis.org/13127/1/Espen%27s_thesis_finished_1.pdf
https://scholarcommons.sc.edu/newlibrarianshipsymposia/newlibrarianshipsymposia/newnormalagenda/3/
https://books.emeraldinsight.com/resources/pdfs/chapters/9781787431126-TYPE23-NR2.pdf
https://www.journals.uchicago.edu/doi/abs/10.1086/702195
https://www.emerald.com/insight/content/doi/10.1108/DLP-04-2023-0025/full/pdf?title=rural-accessibility-to-digital-libraries-requirements-and-challenges

**Abstract**

This research delves into the pivotal role of libraries as a medium of exchange in rural communities, exploring their multifaceted contributions to rural development. Through an in-depth investigation, this study aims to shed light on how libraries serve as catalysts for knowledge dissemination, skill enhancement, and community empowerment in rural areas. The research employs a mixed-methods approach, integrating both qualitative and quantitative data, to provide a comprehensive understanding of the impact of libraries on rural development. Key findings underscore the significance of libraries in fostering education, preserving local culture, and promoting socio-economic growth in rural settings. The implications of these findings extend beyond the confines of individual communities,

highlighting the broader societal benefits of a well-established library infrastructure in rural regions.

**Keywords:** Libraries, Rural Development, Knowledge Dissemination, Community Empowerment, Socio-economic Growth, Education, Cultural Preservation.

# Волонтирањето во библиотеките (зошто, како, со кој) – алка за поврзување и зајакнување на заедниците и генерациите

Гонца Запрова Анастасова, виш библиотекар
Аница Глигорова Милева, советник-библиотекар
ЛУБ „Благој Јанков Мучето"- Струмица
zaprovagonca@gmail.com;
a.mileva@yahoo.com

**Апстракт**

Во овој труд на тема *„Волонтирањето во библиотеките (зошто, како, со кој) – алка за поврзување и зајакнување на заедниците и генерациите"*, откако ќе дадам краток вовед за поимот волонтирање и зошто е потребно волонтирањето во библиотеките, ќе стане збор за тоа, како и со кој може да се спроведе волонтирањето во библиотеките со цел да се поврзат и зајакнат заедниците и генерациите во општеството во кое општиме, постоиме, твориме, сè со цел да се даде акцент на иновативноста и креативноста. После општиот дел за волонтерство, ќе споделиме дел од нашето искуство со волонтирањето, (карго-велосипед).

**Клучни зборови:** волонтирање, библиотека, заедница, иновативност, карго-велосипед.

## Вовед

Доброволното давање е една од највозвишените состојби на човековата свест, нешто што ни припаѓа нам (на нашето време, знаење, искуство, материјални добра) и истото може да биде спроведено на различни начини. Ретки се оние кои безрезервно работат за другите, без да остварат лична материјална корист.

## Поим за волонтирање, што е волонтер

Постојат повеќе дефиниции за волонтерство; една од нив вели: „Волонтер[1] е личност која доброволно и бесплатно работи за добробитта на другите луѓе, или за некоја општа цел", - односно волонтери се лица, кои заради реализирање одредена активност во служба на заедницата, придонесуваат за нејзиниот развој и го ставаат на располагање своето време, труд, искуство, знаење, вештини и др.

[1] Терминот потекнува од латинскиот збор volontarius – што значи доброволец.

Според Милан Вујаклија, зборот „волонтер“ означува некого кој служи доброволно и бесплатно.[2] Во „Речникот за социјална работа“ е наведена следната дефиниција: „Волонтер е лице кое се нуди да служи со негови или нејзин слободен избор, обично без финансиски надоместок“ (Barker L., 1987). Она по што се препознаваат волонтерите е нивниот бесплатен труд. Во дефинирањето на волонтерството обично се кажува дека тоа не подразбира остварување лична полза, зашто и самото е чувство на среќа, задоволство и радост од давањето и правењето добро за некого. Луѓето кои решиле да волонтираат како причина за тоа ја потенцираат желбата да научат, да стекнат нови знаења, да ги усовршат сопствените вештини, да запознаат нови луѓе и др. Значи, волонтерот работи бесплатно, но притоа може да добие одреден надомест што ги покрива неговите трошоци, како превоз, социјално осигурување и сл.

Генерално во светот бројот на волонтерите сè повеќе се зголемува. Историјатот и корените на волонтерската работа во Македонија се врзува за традиционалната солидарност како препознатлива карактеристика на културата на македонскиот народ. Традицијата и природата на ваквата солидарност е најблиска на фамилијарните и меѓусоседските односи развиени на принципот на меѓусебната поддршка и помош. Ваквата помош најчесто се однесува на работи кои се преобемни за да можат да се извршат само од членовите на потесното семејство. Овој облик на волонтерско работење се задржал и денес, но во помали размери заради темпото на живот кое го наметнува „новото време“. Во периодот пред независноста, кога Македонија сè уште беше дел од СФР Југославија, може да се каже дека делевме исти, односно слични искуства како и другите републики кои беа дел од заедничката држава. Волонтеризмот се состоеше од ангажирање на младите за волонтерското работење, така наречени младински акции, со цел да се обнови и реконструира земјата по воениот период.

***Зошто е потребно волонтирањето во библиотеките***

Дали сме се запрашале за што сè може да служи библиотеката во нашиот град? Дали сме посакале тоа да е многу повеќе од една зграда каде одиме да земеме книга, да ја замениме или да ја читаме омилената книга? Што ако оваа зграда, како центар на знаење, информации и идеи, стане главно збирно место во градот каде ќе уживаме да го поминеме своето време, а покрај значајните книги и полици, да имаме можност да посетиме различни видови настани, да се запознаете со иновативни технологии, или што и да е потребно на нашата заедница?

[2] Вујаклија М, Лексикон страних речи и израза, Београд, 1975

Библиотеките како проактивни центри кои ги насочуваат своите знаења и можности кон потребите на заедницата, потребно е да ги следат светските трендови во библиотечната дејност и да станат центри на секое информативно и едукативно подрачје, како и да се трансформираат од тивки места во мултикултурни центри каде најгласна е идејата, иновацијата и креативноста. „Библиотеките, книгите и библиотекарите можат да ги возбудат луѓето од сите возрасти, особено кога ќе се најдат на неочекувани места“. Со волонтирањето „Запознаваме нови луѓе, разговараме за нашите услуги, па дури и повторно ги воведуваме луѓето во библиотеката кои можеби биле далеку од нас некое време“.

***Преку кој и како може да се спроведе волонтирањето во библиотеките***

Библиотека на тркала е шанса да дадеме придонес кон оживување на библиотеката во нашата заедница, а воедно и да искусиме еден нов начин на работа кој промовира соработка, комуникација, креативност, експериментирање и ја истакнува важноста на подлабоко разбирање на основите на дизајнерските методи и технологијата. Библиотека на тркала – „Велосипедот Велко“ е нашиот проект за проширување на семејството на читатели, нови пријателства, нови активности, нови услуги.

***Како и со кој спроведовме нова услуга во библиотеката***

Оваа година библиотеката „Благој Јанков Мучето“ од Струмица, воведува нова иновативна услуга – библиотека на тркала и со тоа се приклучува кон Агендата на ООН 2030 за зелени библиотеки. Со ова услуга библиотеката излегува од своите реални ѕидови и книгата ја носи поблиску до корисниците, во овој случај тоа би биле читатели со инвалидитет, повозрасната популација на граѓани над 65 години и лица со посебни потреби. Идејата е дека книгата треба да стигне до секој, а пречките кои реално постојат сега има можност да бидат надминати.

Преку апликацијата COBISS+, корисниците можат да проверат дали книгата која ја бараат е достапна во нашата библиотека, а преку апликацијата m COBISS, бараната граѓа може да ја резервираат и на тој начин книгата да биде донесена до домашна адреса кај читателите (корисници) регистрирани за таа услуга.

Иницијатори на проектот се м-р Аница Глигорова Милева, библиотекар-советник и м-р Гонца Запрова Анастасова, виш библиотекар. Електричниот карго-велосипед е донација од семејството Александар и Љопче Илиеви.

Нашата нова услуга ја спроведуваме со „Велосипедот – Велко“. Зошто велосипед? Затоа што основната идеја ни беше со малку приспособување, креативност

и работа со нозете, со велосипедот Велко да можеме да станеме мобилна точка на услуга во заедницата. Знаеме дека велосипедите одат таму каде што не можат книжарниците, обезбедуваат елемент на изненадување и предизвикуваат лична врска што ќе ги промовира библиотечните услуги на нови начини. Прелиминарниот поглед на услугата заснована на велосипед во нашата општина открива дека услугата на велосипедот може да биде флексибилен медиум за иновативен пристап во различни урбани средини. Малиот карактер на велосипедот овозможува многу личен контакт со заедницата дури и на пат до закажани настани. „Возило што ни овозможува пристап до нашата заедница на поинаков начин“. Секако, библиотечните услуги базирани на велосипед ја комплементираат проширената урбана култура на велосипеди. Услугата почна да се спроведува од месец јуни. Со велосипедот направени се повеќе од дваесет домашни посети и полека но сигурно се промовира овој начин на работа во нашата општина.



Слика 1


Слика 2


Слика 3



Слика 4




Слика 5





Слика 6 Слика 7

***Што бараме, што ни е потребно за спроведување на проектот?***

За спроведување на проектот потребни се млади, креативни и посветени ентузијасти од локалната заедница кои – сакаат да направат промена во општеството, да придонесат со нови, креативни идеи. Тие млади ентузијасти – волонтери ќе го возат велосипедот Велко по велопатеката во Струмица. Со овој тип на волонтерство им се дава шанса на младите да дадат свој придонес кон оживувањето на библиотеката во заедницата, а воедно да искусат и еден нов начин на работа кој промовира соработка, комуникација, креативност, експериментирање и ја истакнува важноста на подлабоко разбирање за соживот во општеството. Услугата книга

**Заклучок**

Сè помалку и помалку луѓето меѓусебно општат и се грижат едни за други. Сè помалку се грижат за добробитта на другите луѓе. Волонтерството драстично ја олеснува работата на организациите, а посебно во библиотеките, зашто работата во библиотеките се сведува на организирање на задачите и активностите, а со волонтирањето, волонтерите им помагаат на библиотекарите и социјално се инклузираат во локалната заедница во којашто престојуваат.

Оттука, целта е да се поттикне волонтерството помеѓу младите, да се промовира ставот дека волонтирањето не е работење без пари, туку давање придонес за подобро општество.

**Користена литература**

Лексикон страних речи и израза, М. Вујаклија, Београд, 1975
mbojanova2014 m.trud.pdf (пристапено на 1.2.2024)
https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/zakoni/precisten_tekst_volonterstvo.pdf (пристапено на 6.2.2024)

**Abstract**

In this paper on "Volunteering in libraries (why, how, with whom) - a link to connect and strengthen communities and generations", after giving a brief introduction to the term volunteering and why volunteering in libraries is needed, it will be discussed , as well as with which volunteering in libraries can be carried out in order to connect and strengthen communities and generations in the society in which we live, exist, create, all in order to emphasize innovation and creativity. After the general part about volunteering, we will share some of our experience with volunteering.

**Keywords:** volunteering, library, community, innovation, cargo bike.

# Популаризација на книжниот фонд преку позиционирање на библиотеката како активно културно јадро

м- р Александра Јуруковска, библиотекар
ЈУ Градска библиотека „Браќа Миладиновци“ – Скопје
a.sokolovska@gmail.com

**Апстракт**

Трудот се занимава со современите предизвици на јавните библиотеки, како и со начините на кои и библиотеките и библиотекарите одговараат на нив. Во насока на постојан дослух со потребите на денешниот читател, како и на современото општество, популаризацијата на книжниот фонд и на самата библиотека бара иновативни решенија и проекти, кои постојано ќе потсетуваат дека библиотеката е активно и важно културно-образовно јадро во општеството. Конкретните примери, проекти и активности спаѓаат во доменот на споделување добри практики во работењето на библиотеките, кои траат повеќе години или повеќе сезони. Споменатите тековни проекти ја третираат врската домашен автор – домашен читател, стратегијата за библиотеката како отворен простор за културна и социјална интеракција и безбедно место за креативно изразување. Во еден сегмент, трудот се занимава и со иновативниот пристап и креирање содржини од доменот на неформалната едукација и создавањето нова читателска публика. Преку референците и потсетување на историјата и традицијата на одделот за популаризација, текстот го следи и континуитетот во однос на изнаоѓање решенија за зголемување на читачката култура кај различните генерации.

**Клучни зборови**: културно јадро, отворен пристап, позиционирање, мост меѓу авторите и читателите, едукативно јадро, креативно изразување, третото место, third place, читачка култура.

**Вовед**

Еден од најголемите предизвици на библиотеките на денешнината е да останат атрактивно и активно место за посетителите/читателите и важен сегмент од културно-општественото живеење на една заедница. Всушност, токму овие предизвици и ги поттикнуваат библиотекарите постојано и одново да ги реобмислуваат своите задачи, да бараат одговор на современите прашања, но и да бараат начини да стигнат до денешниот читател. Дефинициите за библиотеката како информациско и културно јадро се напластуваат со нови аспекти. Денес повеќе од кога и да е библиотеките, без

разлика на видот на кој припаѓаат, непречено го реобмислуваат своето постоење, функционирање, па и одржливост.

Романтичните дефиниции за чувари на писменоста и меморијата бараат постојана реактуализација, промоција, потсетување и видливост, што е особено деликатно за мала културна средина како Македонија. Наспроти огромната и вековна библиотечна традиција и баластот од историски непобитниот факт за Македонија како центар на словенската писменост, се чини дека прашањата за опстојбата на библиотеките сѐ уште побројни или мултиплицирани. На нив се таложат и темите за читачката култура, за атрактивноста на книгите наспроти дигиталните алатки и уреди и достапноста на информациите на еден само еден клик.

Ниту е нешто ново ако се каже дека библиотеките во денешно време *меѓу другото* се занимаваат и со книги, зашто бројот на услуги и активности што библиотеките низ светот го нудат е навистина бескраен. Иновативноста во осмислувањето, реализацијата и одржливоста на тие услуги и настани е уште еден од предизвиците во низата. Всушност, за иновативноста како *modus vivendi* на современите библиотеки говорат многу трудови и конференции организирани од IFLA, меѓу кои и тематот на Журналот бр. 46 од 2020 година посветен на Менаџирање на знаењето и библиотеките. Во него, авторите Леда Бултрини (Leda Bultrini) и Вида Нуман (Wilda Newman) велат: „Во свет што постојано се менува иновацијата е клучен фактор за успех, па дури и за опстојба на организациите/институциите. Ова се однесува и на библиотеките, односно подеднакво и на профитните и на непрофитните организации. Библиотеките може и треба да го сфатат ова како за својата работа внатре, така и за целокупната одговорност што ја имаат кон општеството и заедницата. Всушност, тие имаат една патронска/родителска улога во општеството. Оттука, нивниот однос кон иновативноста има двојно значење или тежина: да се реобмислуваат себеси и својата работа, но и да бидат носители на иновативноста во општеството на кое му служат“. (заб.прев) [1]

Текстот се задржува на два носечки програмски проекти на ЈУ Градска библиотека „Браќа Миладиновци“ - Скопје за подигнување на читачката култура и позиционирање на ГБСК како атрактивно културно јадро во главниот град. Притоа и најмала компаративна анализа може да покаже дека овие активности ја следат децениската традиција на библиотеката за доближување на книгата до читателите на најразлични начини, што всушност е и основата за формирањето на посебен оддел -

[1] IFLA, Knowledge management and library Journal: Innovation in a changing world,Vol. 46 No. 1, 2020. URL: https://repository.ifla.org/bitstream/123456789/341/1/ifla-journal-46-1_2020.pdf (преземено на 31.7.2024)

Одделот за популаризација како дел од културно-просветната дејност на институцијата, што може во континуитет да се следи уште од периодот 1945/46.[2]

**Кампањата „Читаме современи македонски автори“**

**Идеја:** Следејќи ја мисијата да биде скопско и македонско културно и едукативно јадро, но и место на паметење, меморија и портал кон културата, а пред сè кон литературата, ЈУ Градска библиотека „Браќа Миладиновци“ - Скопје на 1 септември 2022 година ја иницираше кампањата „Читаме современи македонски автори“. Кампањата е и одговор на предизвикот да се победат предрасудите што долго време владееја меѓу читателската публика, па и кај самите библиотекари, дека немаме добри македонски автори, односно добри книги од нив?! Проектот беше поттикнат од потребата и како автори и како библиотекари да ги отвориме вратите за нашите современици, а нивните книги високо да ги позиционираме на пултовите, да бидат на дофат на публиката, но и на самите библиотекари. Бидејќи по дефиниција македонската литература е литература на мал јазик, запоставувањето на современата книжевна продукција на македонски јазик, на сметка на странската и преводна литература (често и со сомнителен квалитет или сомнителен превод без јазична редакција) може да доведе до далекусежни последици. Водени од тоа дека современите македонски писатели треба да бидат читани пред сè од домашната публика, кампањата се темели на сериозна стратегија која значи поддршка и за авторите и за издавачите и за **македонскиот јазик.**

Првиот циклус (септември 2022 – мај 2023) поминаа одлично! Претставени беа осум автори и осум наслови, добивме голем медиумски интерес и поддршка и најважно од сè – бројна публика која почна редовно да доаѓа на нашите настани. Во просек настанот Разговор со авторот редовно го следат меѓу 40-50 луѓе. Притоа, кампањата наиде на огромна поддршка и од сите македонски издавачи, што беше поттик и за вториот циклус (септември 2023 – мај 2024). Во време на нашата средба тука, ГБСК гордо го започна и третиот циклус, што ќе трае до мај следната година.

**Динамика:** Кампањата „Читаме современи македонски автори“ се одвива етапно низ неколку активности: Секој месец библиотеката предлага Книга на месецот, која е достапна во сите објекти, а паралелно се промовира преку медиумите и социјалните мрежи.

[2] За историјатот на Одделот за популаризација на ГБСК повеќе може да се види во „Монографијата 55 години Библиотека Браќа Миладиновци“, стр. 39, Скопје, 2000

Првата седмица од месецот е Разговор со авторот, а на крајот и Клубот на читатели – за оние што сакаат да ги споделат своите впечатоци по читањето на делото или да се запознаат со него. Треба да се напомни дека разговорот не е вообичаена промоција, туку е простор и време за авторот, за неговите дилеми, начин на пишување, истражување, еснафски проблеми. Многу често овие настани се мултимедијални и вклучуваат музика, видеопроекции, фотографии и редовна интерпретација на фрагменти од делото од професионален актер.

**Цели и визија**: на читателите да им се доближат делата на современите македонски писатели од поновата генерација. Библиотеката да го реобмисли, да потсети и да го оправда епитетот *мост* меѓу домашниот автор и домашната публика. Притоа, активностите во тоа поврзување бараат посебна инвентивност, детални стратегии и креирање содржини што ја прават ГБСК активно и атрактивно културно јадро, посетувано од многубројна и хетерогена публика. Како јавна библиотека сметаме дека токму нашите читатели треба да бидат тие кои ги читаат домашните писатели, односно дека како институција, меѓу другото имаме одговорност и кон националната литература и нејзината опстојба. Ова е поврзано и со креирање на читателскиот вкус на публиката, кој не може и не смее да биде сведен на актуелна преводна белетристика.

**Иновативен интегриран пристап**: Кампањата има посебна комуникациска стратегија и промоција на активностите преку медиумите, како и преку социјалните мрежи и современите дигитални платформи. За потребите на кампањата, креиран е посебен и веќе препознатлив дизајн (визуелен идентитет) за да може полесно да се комуницира со пошироката публика, посебно со помладите. Следејќи ги современите начини на комуникација, но и трендовите во маркетингот, како и потребите на своите корисници, библиотеката го прилагоди дизајнот за различни канали на комуникација: плакат, постер, дигитален флаер и фотографии соодветни за социјалните мрежи. „Читаме современи македонски автори“ стана препознатлива активност и на официјалните профили на библиотеката и на facebook и Instagram, каде што се најавува секој чекор од кампањата и се креираат посебни настани (event). За поголема видливоста и промоција се користат и клучните зборови и хаштази: **#ЧитамеСовремениМакедонскиАвтори #Книганамесецот #клубначитатели;**

**Досегашни резултати**:

- На саемот на книгата во Скопје во април 2024 година ГБСК го доби признанието „Промотор на читачката култура“ и тоа токму за кампањата „Читаме современи македонски автори“;
- Резултати од пултовите на ГБСК: Колегите кои имаат децениско искуство во директна работа со корисниците (на пултовите) сведочат за значително зголемен интерес за домашната продукција. За книгите „Хотел меѓу две војни“ од Александар Русјаков и „Диссомнии“ од Игор Станојоски имавме листа на чекање, нешто што не се случило со години за домашен автор. Овие резултати беа одлична основа за креирање и на идните листи за откуп на книги;
- Создавање редовна публика и читатели што со нетрпение ја очекуваат следната книга и следната средба со некој современ автор. Најголемиот поттик се младите луѓе кои наоѓаат начин да се вклучат и во интеракција на самиот разговор;
- Влијанието на кампањата врз понудата по библиотеките, книжарниците во Скопје, отворање и промовирање на исти и слични иницијативи од книжарници, организации и библиотеки;
- Личните сведоштва и благодарност од авторите за просторот што го добиваат во библиотеката и меѓу читателите;
- Видливост на библиотеката и интерес од страна на медиумите. Само за илустрација, во текот на 2023 година за сите активности, меѓу кои доминираат оние од кампањата, ГБСК имаше повеќе од 250 објави, интервјуа, ТВ прилози од сите печатени и електронски медиуми.

**Кампањата како едукација**:

- Средбата со авторите е едукација за начинот на кој пишува, истражува, создава еден автор. Разговорите како поглед одблизу или зад сцената. Овие информации се полезни за повеќе типови публика: читатели, издавачи, писатели, идни писатели и за самите библиотекари;
- Едукација на млади читатели и вљубеници во книгата, кои се вклучија и како модератори на Клубот на читатели. Дел од нив иницираа и други проекти во и за библиотеката, станаа редовни членови, издадоа свои книги. Тоа потврдува дека фразата „Книгата менува животи“ - никогаш нема да застари и избледи!
- Едукација на библиотекарите – запознавањето со современите македонски писатели одблизу овозможува поинвентивен пристап при препораката или претставувањето на книгата пред читателите. Дел од најактивните библиотекари беа

вклучени и како модератори на Клубот на читатели и активни чинители во анимирањето и создавањето нова читачка публика.

**Работилницата за креативно пишување на ГБСК - простор за изразување на младите креативци**

„Инспирирани од мноштвото курсеви, кои ги нудат приватните академии, дојдовме до идеја да направиме бесплатна работилница за креативно пишување на која ќе може да се пријави секој кој сака да пишува, а не само оние што можат да си го дозволат тоа. Менторот на курсот, писателот Александар Русјаков, природно се наметна бидејќи беше еден од најуспешните автори во кампањата „Читаме современи македонски автори“. Низ заедничките разговори, бура на идеи и виор на ентузијазам, го започнавме двомесечното патување – ова е почетокот на предговорот на Снежана Стојчевска во „Антологијата на иднината“[3] книга што е најубавиот резултат од нашата Работилница за креативно пишување, што ја реализиравме во периодот април/мај 2023 година.

**За работилницата**: На Работилницата која беше целосно бесплатна, се пријавија 30 средношколци и студенти, а успешно или целосно ја завршија повеќе од половината од нив. Низ процесот на креативно пишување ги водеше писателот Александар Русјаков, кој низ интеракција и поставување задачи, предизвици, прашања и одговори со нив работеше на пишување: поезија, кратка проза, проза, основи на сценарио, драмски текст. Тие за време на работилницата посетија и неколку културни настан, кои потоа заедно ги дискутираа и анализираа.

**„Антологија на иднината“** е збирка која вклучува песни, проза и есеи од 23 млади креативци кои учествуваа и создаваа за време на Работилницата. Овие млади луѓе добија бесплатно членство од нашата библиотека, со што за време на работилницата активно и го користеа нашиот книжен фонд. За време на Манифестацијата Бела ноќ на 1 октомври 2023 тие го имаа и централниот термин во настаните организирани од страна на Библиотеката. Тогаш всушност го читаа и покажаа она што го создадоа за време на Работилницата. Целиот перформанс беше според нивно сценарио и режија, а вклучуваше и водител/модератор, музички изведби и настани. На овој начин нивната поврзаност со библиотеката, како и нашата визија – ГБСК да биде <u>нивното сигурно место за изразување доби и конкретни реализации.</u> Притоа, квалитетот на нивните творби беше поттик, во рамките на својата издавачка дејност ЈУ Градска библиотека „Браќа Миладиновци“ во мај 2024 година да ја објави

[3] Антологија на иднината: поезија, проза, есеи“. Скопје, ЈУ Градска библиотека „Браќа Миладиновци“, 2024

антологијата. Проектот беше заокружен со голема мултимедијална промоција на 26 јуни. „Антологија на иднината“, како и кампањата „Читаме современи македонски автори“, исто така, доби и голема медиумска поддршка и видливост. Промоциите на „Антологијата на иднината“ продолжуваат и понатаму и тоа по иницијатива на учесниците во неа. Успехот на книгата, како и на самата Работилница е одлична насока за тоа дека проектот Работилница за креативно пишување треба да продолжи и понатаму.

Градската библиотека „Браќа Миладиновци“ како јавна библиотека има задача да биде носител на иновативноста во општеството, а тоа подразбира постојана отвореност кон културните и образовни потреби на заедницата. Во современ контекст ова значи постојана потрага по нови начини и методи книгата и самата библиотека и како објект и како институција да му се доближат на современиот читател, а никако поинаку. Создавањето и креирањето содржини што ќе допрат до помладата публика е од круцијална важност за иднината на самата библиотека. Децата и младината на денешнината се популација родена и израсната во информациски бум, во постојана дистракција и достапност до информациите, меѓу кои за жал не спаѓа и книгата. Проектите и настаните кои ја позиционираат библиотеката високо на културната мапа на Скопје се директен одговор против мноштвото закани за иднината на книгата. Создавањето атмосфера на отвореност, желба за соработка, создавање и нудење услови за креативно изразување на младите е примена на концептот за библиотеката како сигурно место, the third place што е особено популарно во сите истражувања за развојот на современиот човек. [4]

## Заклучок

Библиотеката во денешно време постојано треба да биде будна, гласно да потсетува на својата функција, активно да учествува во општествените, културните и образовните процеси преку изнаоѓање современи, нови и свежи решенија да им се доближи на читателите/корисниците. Во таа насока е и стратегијата за создавање програмски активности што ќе значат активно делување во културниот простор, позиционирање на библиотеката во календарот на креативно случувања во градот. Притоа, традицијата треба да ја пресретне современоста и да се спојат во интерес на иднината и на библиотеката и на идните генерации читатели, почнувајќи од младите и најмладите.

[4] За библиотеката како трето место, после домот и работата да се види повеќе на https://theartofcharm.com/art-of-personal-development/what-is-a-third-place-and-why-do-you-need-one/ (пристапено на 14.8.2024 )

Кампањата „Читаме современи македонски автори“ и Работилницата за креативно пишување на ЈУ Градска библиотека „Браќа Миладиновци“ – Скопје се извонредни примери за иновативен пристап во програмските содржини. Отвореноста на институцијата, протокот на идеи и луѓе, со акцент на помладите, интересот на културната фела, на медиумите и на културните дејци за нашата работа се некои од причините поради кои можеме да кажеме дека ГБСК е добар јатак на духовните ајдуци.[5]

**Библиографија:**


https://repository.ifla.org/bitstream/123456789/341/1/ifla-journal-46-1_2020.pdf

https://theartofcharm.com/art-of-personal-development/what-is-a-third-place-and-why-do-you-need-one/

Монографија „55 години Библиотека Браќа Миладиновци“. Скоје, Градска библиоетека „Браќа Миладиновци“, 2000

Монографија „70 години библиотека „Браќа Миладиновци“. Скопје, Градска библиоетека „Браќа Миладиновци“, 2015

Антологија на иднината: проза, поезија, есеи. Скопје, Градска библиотека „Браќа Миладиновци“, 2024



**Abstract**

The paper deals with the modern challenges faced by public libraries, as well as the ways in which both libraries and librarians respond to them. In line with a constant awareness of the needs of today's readers, as well as contemporary society, the popularization of the book fund and the library itself requires innovative solutions and projects that will continuously remind us that the library is an active and important cultural-educational nucleus in society. The specific examples, projects, and activities fall within the domain of sharing good practices in the operation of libraries, which have been ongoing for several years or seasons. The mentioned current projects address the relationship between domestic author and domestic reader, the strategy for the library as an open space for cultural and social interaction and a safe place for creative expression. In one segment, the paper also deals with innovative approaches and creating content in the field of informal education and building a new readership. Through references and reminders of the history and tradition of the popularization department, the text follows the continuity in terms of finding solutions to increase reading culture among different generations.



**Keywords**: cultural nucleus, open approach, positioning, bridge between authors and readers, educational nucleus, creative expression, the third place, third place, reading culture.


[5] Алузија на слоганот на Центарот за култура и библиотека Книќ „biblioteka jatak duhovnih hajduka“: https://centarzakulturuknic.rs/

# Споделување на добра практика

Тања Гошева,  библиотекар-советник
ЛУБ„Благој Јанков“ Мучето – Струмица
tanjagoseva@gmail.com

**Апстракт**

Со искуство од над 31 години во Локалната библиотека „Благој Јанков Мучето“ од кои 20 години како директор и над 11 години вработена во оддел за роднокрајна збирка и библиографии, Оддел стари и ретки книги кои постојат во библиотеката со книжен фонд над 750 книги од кои најстарата датира од 1814 год. кои постепено се внесуваат во програмата COBISS што е од големо значење за нашето културно наследство. Учествувам со труд со кој би дала значење на ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ - Струмица.

Фелата на библиотекари е  важен фактор - за развојот на културата, науката, образованието. Книгата - мајка на знаењето.

**Клучни зборови:** библиотека, стари и ретки книги, програма COBISS.

Низ активно инволвирање во работата како  библиотекар-советник, а со визијата за современа библиотека во која покрај гореспоменатите постојат: оддел за позајмување на деца, оддел за позајмување на возрасни, роднокрајниот оддел, оддел за обработка монографска публикација, оддел за периодика, оддел за информатика, популаризација на книга, оддел за дигитализација, издавачка дејност- библиотеката околу 100 пати се појави како издавач на роднокрајни автори- достапност на културните  вредности. Поддршка на едукацијата и развојот на библиотечната дејност. Визија – со исклучително иновативни проекти, работилници и соработка во постдигитално време.

Како изгледа работата во библиотеката? Кои се предизвиците на работата пред граѓаните и пошироко со познавачите на работата во библиотеките?

Како започнав со кариера во библиотека?

Со вработувањето во библиотеката на работното место во оддел за роднокрајна збирка и библиографии изработив и за првпат од библиотеката во Струмица излезе од печат „Библиографија на трудовите на Видое Подгорец“ труд кој беше финансиран од Министерство за култура по објавен конкурс во издавачка дејност за 2001 год. Во 2003

год. се стекнав со звање виш библиотекар, а од таа год. па се до 2022 год. бев директор на Локалната установа библиотека „Благој Јанков Мучето“ во Струмица. Плодни години на работа на една успешна библиотека, која 2006 година се реновира по проект на УНДП и со поддршка на Општина Струмица, одржани конкурси, организирање саеми на книги. Популаризации. Со еден збор се зборува за една современа успешна библиотека.

Процесот на чување на културно-историското наследство во библиотеката на Северна Македонија, која пред сè има свои специфики и опфаќа неколку клучни активности. Библиотеката активно собира, идентификувајќи ги културните материјали кои претставуваат културно-историско наследство. Со тоа библиотеката во Струмица може само да се пофали. Тука се пред сè книги, списанија, весници, фотографии, архивски документи и други материјали релевантни за историјата и културата на градот – земјата. Со собирањето, па и со појавувањето како библиотека со издавачка дејност, материјалите се дигитализираат како би се сочувале и како би било овозможен пристап до широката публика, како во Северна Македонија, но и надвор преку океанот по пат на интернет. Дигитализацијата овозможува сочувување на осетливите материјали и пристап во истражувањето на корисниците од другите држави-светот.

Библиотечната граѓа се каталогизира и се внесува во библиотечниот систем COBISS, а со тоа им се овозможува едноставно пребарување и пристап на корисниците. Тоа вклучува настанување на различни видови на каталози и бази на податоци. Предуслов за дигитализација, односно за кој било извор е квалитетен опис, тој помага во пребарувањето, пронаоѓањето, одбирањето, а подоцна и во дигиталната презентација. Од тој опис повлекуваме податоци и понатаму ги унапредуваме. Не смееме да заборавиме дека граѓата во дигитална форма ќе биде пребарувана не само како мета- податок, туку и по назив на текстот, авторот – и тоа е време кое доаѓа, во кое работиме. Библиотеката промовира свои дела, се појавила како издавач на роднокрајни автори како културни материјали и поттикнува истражување на културно-историско наследство на Струмица, односно на Северна Македонија. Тоа се прави по пат на организирани изложби, предавања, работилници, конкурси и други настани со кои се промовира важноста и богатството на културата на градот – државата.

Библиотеката овозможува едукативни програми и ресурси како би ја информирала јавноста за значењето на чувањето на културно-историското наследство на библиотека. Тука се вклучуваат информации од различни аспекти на културно наследство низ богатите фондови на збирки, но и на начин на кој поединци можат да учествуваат во сочувување на наследството. Библиотеката соработува со сите институции од културата од градот Струмица и пошироко со сите библиотеки во

Северна Македонија. Исто така, библиотеката соработува со училиштата од градот Струмица и населените места, оваа соработка овозможува и обука за библиотекари од основните и средните училишта. Делење стручност и најдобра пракса, а тоа придонесува за запознавање и надградба на библиотекарите од Струмица и населените места, експертиза и најдобри практики и придонесува за синергиски ефекти во зачувувањето на културното наследство.

Важно е да се одржува дијалог и соработка помеѓу различни општини како би се одржала соработка во интерес на заедничкото културно наследство кое претставува богатство на сите граѓани на државата. Овие елементи се само некои од клучните практики во зачувување на културното наследство, за успешно чување на потребите во континуираните заложби и ангажирања на локална, регионална и национална основа.

**Како се гледаат улогата на библиотеката во време на постдигитална ера?**

Во постдигиталниот период, улогата библиотекар е од голема важност, таа се менува и се приспособува на побарувањата на современото друштво.

Библиотекарите играат клучна улога во филтрирање, оценување и организирање на информации како би им помогнале на корисниците во пребарување на релевантни и точни извори. Во време на презаситеност со информации, информациската писменост е клучна работа. Библиотекарите имаат голема улога во образовниот процес на корисниците, во тоа како критички да се размислува за информации, користење на разни алатки и техники за пронаоѓање потребни информации. Библиотеките се чувари на културното наследство, а информациите од библиотекарите имаат клучна улога во дигитализацијата, пристапот до културните пишани дела. Во постдигиталното време, библиотеките како информациски центри се користат со нови технологии како вештачка интелигенција, виртуелни стварности и аналитички податоци како би се подобриле услугите во библиотеката кон своите корисници. Тоа се вклучува со лични препораки на библиотекарите и со напредни алатки за пребарување и анализа на информацијата. Накратко, и покрај промената на околностите со дигиталната технологија, улогата на библиотекарот и понатаму останува клучна во достапноста на информацијата, со поддршка на образованието и истражувањето сочувувајќи го културното наследство.

**Важност да се промовира читањето и културното знаење во денешното друштво?**

Промоција на читањето е од големо значење во денешно време од повеќе причини. Читањето го поттикнува развојот на критичкото мислење и аналитичките

вештини. Низ читањето на различни жанрови и перспективи, луѓето учат како да се дојде до информација, разбирајќи ги комплексните проблеми и носат информирани одлуки. Исто така, читањето е клучен елемент во образованието и континуираното усовршување. Читање различни видови текстови помагаат во развојот на комуникациските вештини, ја подобруваат способноста за изразување идеи, аргументи и ја разбираат суптилноста на јазикот, а има и позитивно влијание на менталното здравје. Редовното читање го намалува стресот, ја зголемува релаксацијата и го подобрува квалитетот на сонот.

Читањето на книжевноста и проучувањето на културното наследство помага во сочувување на културниот идентитет и традиција. Низ книжевните дела и други текстови луѓето можат подобро да ја разберат историјата, вредноста на идентитетот. Воедно, читањето на книжевните дела им овозможува да се стават во туѓите кондури, да ја разберат различната перспектива и развиваат емпатија - чувство кон другите. Тука е и охрабрувањето на креативноста низ книжевноста и уметноста, луѓето можат да истражуваат нови идеи, концепти и светови и да ги применат во своите креативни дела. Промовирањето на читањето и културата на знаење може да помогне во борбата против дезинформациите и лажните вести. Информираните и критички свесните граѓани се помалку подложни на манипулации и пропаганда. Генерално, промоцијата на читањето и културата на знаењето е клучна за развојот на информирано, образовано и ангажирано општество, кое може да го реализира својот целосен потенцијал и да се соочи со предизвиците на современиот свет.

Културното наследство на Северна Македонија е составен дел од европското културно наследство. Дигитализацијата на наследството овозможува не само пристап до материјали, туку и да стане дел од заедничка и единствена мрежа на знаење чија цел е да го зачува и вреднува огромното богатство на европското културно и научно наследство. Библиотеката „Благој Јанков Мучето“ од Струмица посветува посебно внимание на прашањата како да се поттикне создавањето квалитетна дигитална содржина, како да се подобри квалитетот на услугите и да се подобрат ресурсите, а се работи и на подобрување на размената на искуства и знаења од оваа област помеѓу библиотекари, кои го поттикнуваат создавањето на заеднички дигитални ресурси.

**Проекти оваа година**

Оваа година организиравме работилници, семинари, конференции на кои можеа да се сретнат експерти од различни дисциплини за да разменат идеи, искуства и најдобри практики. Сакаме да ја поттикнеме соработката на заеднички проекти кои вклучуваат собирање, зачувување и пристап до информации и културни артефакти. Ова

може да вклучува изложби, дигитализација на збирки, истражувачки проекти итн. Работиме поактивно на размена на ресурси како што се книги, списанија, архивски документи или уметнички предмети помеѓу институциите со цел да ги прошириме достапните збирки и да обезбедиме пристап до различни материјали. Работиме на развој на дигитални платформи и алатки кои овозможуваат заеднички пристап до дигитални збирки, размена на метаподатоци и соработка на дигитални проекти. Целта е да ја поттикне соработката помеѓу библиотеките, на регионално, национално и меѓународно ниво со цел заедничко решавање на проблемите и промовирање на интересите на нивните соодветни професии.

**Како технолошкиот напредок влијае на вашата активност и управување со информации?**

Технолошкиот напредок има значајно влијание на библиотечната активност и управување со информациите на неколку начини. Се овозможува дигитализација на голем број библиотечни ресурси, вклучувајќи книги, списанија, архиви и други материјали. Тоа овозможува широк пристап на информациите по пат на интернет, се намалува потреба од физички простор за складирање и го олеснува споделувањето и дистрибуцијата на ресурсите.

Технолошкиот напредок овозможува развој на виртуелните и дигиталните библиотеки кои на корисниците им овозможуваат пристап преку интернет, без разлика на нивната локација.

Овие виртуелни библиотеки често содржат широк спектар на дигитализиран материјал и овозможуваат дополнителни услуги како онлајн обуки. Библиотеките користат напреден систем за управување на базите со податоци кои овозможуваат организација, складирање и пребарување на информациите.

Овие системи го олеснуваат каталогизирањето на библиотечните ресурси, следењето на заемите и управувањето со корисничките сметки.

Исто така, технолошкиот напредок им овозможува на библиотеките да обезбедуваат персонализирани услуги за корисниците врз основа на нивните интереси. Ова може да вклучува препораки за читање, персонализирани известувања за нови ресурси и приспособени пребарувања.

Библиотеките користат аналитика на податоци за подобро да ги разберат потребите на корисниците, да го следат користењето на ресурсите и да ја проценат ефективноста на нивните услуги. Овие податоци им помагаат на библиотекарите да ги приспособат своите услуги и ресурси за подобро да ги задоволат потребите на корисниците. Накратко, технолошкиот напредок го трансформира начинот на кој

библиотеките управуваат со информациите и обезбедуваат услуги за корисниците, овозможувајќи им да бидат поефикасни, достапни и релевантни во дигиталната ера.

**Совет за младите луѓе кои размислуваат за кариера во библиотекарството и сродните професии?**

Следете ја својата страст – доколку се тоа книгите. Библиотекарството е интересно и различно подрачје кое овозможува многу можности. Следете ги своите интереси за да пронајдете работа која ќе ве исполни и мотивира секој ден. Вклучување волонтерски програми во локалните библиотеки.

Тоа ќе овозможи добивање пракса како искуство и разбирање на секојдневните задачи во библиотекарството.

Дигиталните вештини се битни во библиотекарството. Затоа предлагам: запознајте се со различните пребарувања на бази на податоци и користење на друштвените медиуми.

Информациската технологија во начинот на пристап до информации стално се менува. Свесни за најновите трендови во библиотекарството и сродните подрачја потребно е да се едуцираме. Библиотекарите често работат со различни корисници и со колегите. Развојот на добри комуникациски вештини е клучно за успешна кариера во оваа област. Никогаш не престанувајте да учите. Континуираното учење е клучно за успешна кариера во библиотекарството, животот.

Ова е дел од секој говор, покрај запознавањето со тоа што работи еден библиотекар и кои се неговите задачи, што поседува една библиотека кога нè посетуваат најмилите, најмалите.

Зошто е прекрасно да си член на библиотеката од мали нозе? Почнувајќи со децата од градинка кои се воодушевуваат кога доаѓаат во една современа библиотека, со многу сликовници, затоа што сите од забавачињата не знаат да читаат, но илустрациите се тие кои во таа возраст им помагаат да разберат што е напишано во книгата. Допирот со книгата, љубопитноста што се има на рафтовите најмалата минијатурна и џиновската сликовница за нив претставува восхит. При посета на учениците во библиотеката продолжуваме со тоа колку значи читањето на книгата која е и највериниот другар на децата, за да оставиме нивните учителки да ги запознаваат со секоја следна книга која треба да ја прочитаат, а ние постоиме за нив, да ја посетуваат библиотеката, да позајмуваат книги и да се надградуваат.

**Заклучок**

Нека следуваат трендови во индустријата... Информациска технологија и начинот на пристап до информациите стално се менува. Свесни за најновите трендови во библиотекарството и сродните подрачја се едуцираме. Библиотекарите често работат со различни корисници и со колегите од библиотеките каде што работат, но постојано се во контакт и со библиотекарите од државата и , и надвор однеа. Развојот на добри комуникациски вештини е клучно за успешна кариера во оваа област. Никогаш не престанувајте да учите. Континуираното учење е клучно за успешна кариера во библиотекарството, животот.

# Нови комуникационни и медийни модели в популяризирането на регионалното културно наследство

София Пейчева – РБ Кюстендил
Регионална библиотека „Емануил Попдимитров“
Р Бугарија

**Резюме**

Статията разглежда няколко примера за иновативни модели за популяризиране на културно наследство с местна и национална значимост, реализани в проектната дейност и утвърдени в практиката на Регионална библиотека Кюстендил. Анализът е в контекста на комуникационната стратегия и от гледна точка на краеведската дейност на Библиотеката като институция на паметта.

**Ключови думи**: регионалното културно наследство, комуникационна стратегия, Регионална библиотека Кюстендил, регионална културна политика.

Културното наследство - материално и нематериално и свързаните с него традиционни знания - е ключов елемент от имиджа и идентичността на населените места и регионите. Регионалната библиотека като институция на паметта има мисията да събира, съхранява, организира и разпространява краеведска информация и библиографията по краезнание. Чрез проектната си дейност през последните няколко години Регионална библиотека „Емануил Попдимитров” Кюстендил търси нови подходи при реализирането на тези функции.

Проект „Регионална библиотека „Ем. Попдимитров” Кюстендил – информация, координация, памет”, финансиран от Министерство на културата, се осъществи в края на 2022 г. Той включва дейности, свързани със затвърждаване на мястото на библиотеката като координационно звено за методическа и квалификационна дейност за обществените библиотеки в областта и като институция на паметта, предлагаща иновативни подходи за съхраняване и презентиране на културно-исторически обекти. Една от дейностите по проекта, наречена „Код Кн (Code Kn) – природа, вяра, знание”, се състои в разработването на информационно-рекламен продукт в три тематични кръга – архитектурни паметници и институции, обекти на вярата (църкви и манастири), природни обекти. Иновативното в дейността е обединяването на множество подходи в изработването на крайния продукт – библиографски, краеведски, технологични,

туристически, културно-исторически. „Код Кн (Code Kn) – природа, вяра, знание” има за цел да представи град Кюстендил като привлекателна туристическа дестинация, чрез създаването на уеб базиран рекламно-информационен продукт. По същество той се състои в разработването на видеоклипове и пощенски картички. Картичките са решени в ретростилистика, а иновативното е в технологичното изпълнение- заснемане с дрон и прилагане на QR код, който открива съдържание в страницата на библиотеката www.libkn.bg. Видеоклиповете са представени в YouTube, Facebook и Instagram страниците на Библиотеката. Богатото културно и природно наследство на Кюстендил от неразглеждана досега страна - чрез виртуални туристически разходки и атракции, насочени към различни публики и допълнени и разширени на второ ниво с богата библиографска информация. За реализацията са използвани богатият наличен фонд и професионалният ресурс на отдел „Краезнание“ на Регионална библиотека „Ем. Попдимитров“ Кюстендил. В първите 24 часа след публикуването им достигнаха гледаемост над 500. (Фиг. 1,2,3) Реализацията на продукта е пример за партньорство между културно-информационен институт, каквато е библиотеката, Община Кюстендил, Архиерейското наместничество Кюстендил, туристическия и рекламния сектор в стремежа да се покаже градът и регионът в най-добрия му имидж – комбинация от плодородната земя, благоприятен климат, паметници на културата и природни забележителности. Включените обекти са : Гранички манастир „Св. ап. и ев. Лука” , Митрополитски храм „Успение Богородично”, Храм-паметник „Св. вмчк Мина”; Регионална библиотека „Ем. Попдимитров”- като архитектурна сграда и институция. Природните обекти – Вековни секвои в местността Ючбунар, Водопад „Полска Скакавица”, лесопарк „Хисарлъка”. Подбраните архитектурни обекти са недвижими ценности с национално или местно значение, а останалите - съчетават в себе си природни и исторически значими стойности.

Видеата се излъчват на екрани, монтирани на витринни пространства на Библиотеката, в оживени пешеходни зони, в съседство с туристически забележителности, което гарантира непринуденост при рекламата на съответните обекти. Те са предоставени безвъзмездно на Община Кюстендил, училища и институции с отношение към туризма или обектите и с интерес да ги популяризират. Включени са в образователната програма на отдел „Краезнание” - учебни часове и програми на клубовете „Роден край”.

И, ако приложим принципа, че „краезнанието е също и автентично възстановяване на културната среда, то е и актуализиране на културното наследство чрез превръщането му в многократно по-достъпен дигитален ресурс, подпомагащ

неговото преосмисляне от следващите поколения”[1], то със сигурност можем да обобщим: новосъздаденият културен продукт има стойността на креативно съдържание, което може да бъде разширявано, актуализирано или допълвано с обекти и информация, значими включително и за бизнеса в региона. Идеалната цел е да напомним на местната общност, че живее в град с богата история и уникална природа и те, освен повод за основателна гордост, са също така възможност и ресурс.

Реализацията на проекта утвърди мястото на Библиотеката като културна институция, която е надежден партньор на местния бизнес в предлагането и предоставянето на информационни ресурси.

Динамичната информационна среда наложи разработването на нова комуникационна стратегия на Библиотеката, базирана на следните принципи:

- привличане на обществения интерес и повишаване на обществената информираност за дейността на библиотеката чрез разгръщане на нови комуникационни канали между нея и потребителите;
- осигуряване на възможност на потребители за интерактивно взаимодействие и директна комуникация с библиотеката;
- повишаване нивото на видимостта на библиотеката в медиите и социалните мрежи;
- разширяване на медийните партньорства.

Първа стъпка в реализацията на новата медийна стратегия беше технологичното обновление на съществуващия уеб сайт, което да отговори на повишените информационни очаквания на потребителите. Разкриването на секция „Дигитална библиотека Кюстендил” е принос към съхраняването и популяризирането на богатото документално книжовно наследство в областта. Приоритетно е представен богатият фонд на отдел "Краезнание".

Друг подход за популяризиране на съдържание с регионална значимост са рубриките с краеведска тематика в социалните мрежи. Във фейсбукпрофила на Библиотеката се поддържат 4 рубрики: "*На този ден преди... години”, „100-те най-влиятелни кюстендилци”, „Кметовете на Кюстендил”," Годишнини на видни кюстендилци*". Те носят всички белези на традиционните рубрики - периодичност , идентичен дизайн, но в случая са базирани на дигиталните краеведски ресурси и представляват широкодостъпен източник за популяризиране на местната идентичност в условията на глобализация[2].

---

[1] **Панчева**, Цветанка. Книжовни проекции на локалното или българското краезнание от Възраждането до днес.- София:УИ Св. Климент Охридски, 2019, с. 13

[2] **Пак** там, с. 253

Стремежът на Библиотеката да изгражда положителен имидж сред кюстендилската общественост чрез активно медийно присъствие е в основата на създаването на предавания в регионални електронни медии - телевизия "Запад", радио "Фокус". Рубриката "Книгите, които ни свързват" се превърна в траен канал за многоаспектно информиране - от отразяване на събития до информация за нови книги, знание за библиотеката като институция, новости и услуги. Всеки месец предаванията достигат до над 15 000 абоната в цяла Югозападна България, а гледанията в YouTube надхвърлят 5000 пъти.

Динамичнопроменящата се информационна и електронна среда е предизвикателство пред Библиотеката в търсене на модерни похвати за популяризиране на богатото културно наследство на региона. "Предизвикателство е не просто включването на публичната комуникация в регионалните културни политики, тъй като това е факт, а преосмислянето на равнище мениджмънт, туризъм, културен туризъм; представяне в сайтове, социални мрежи и създаване на съдържание, съобразено с потребностите на микротаргетите и създаване на ефективна комуникационна среда".[3] Разгледаните модели чертаят добри тенденции и разгръщат възможности за утвърждаване Регионалната библиотека като ключов фактор на единното глобално информационно пространство.



Фиг. 1.

[3] **Мавродиева,** Иванка. Публичната комуникация на библиотеки, архиви, музеи като част от регионални културни политики. В: *Регионални културни политики за опазване на книжовно-документалното наследство в институциите на паметта- библиотеки, архиви, музеи (Кюстендилски сборник ).* София : УИ Св. Климент Охридски, 2020, с.147




Фиг. 2.




Фиг. 3.

**Използвани източници:**

**Мавродиева,** Иванка. Публичната комуникация на библиотеки, архиви, музеи като част от регионални културни политики. В: *Регионални културни политики за опазване на книжовно-документалното наследство в институциите на паметта-библиотеки, архиви, музеи (Кюстендилски сборник ).* София : УИ Св. Климент Охридски, 2020, с.141-149

**Панчева**, Цветанка. Книжовни проекции на локалното или българското краезнание от Възраждането до днес.София :УИ Св. Климент Охридски, 2019, 352 с.

**Панчева**, Цветанка. Модерната обществена библиотека - създател и посредник в разпространението на местни електронни ресурси.- В: *Библиотека*, 2013, № 2-3, с. 67-77

**Summary**

The article examines several examples of innovative models for the promotion of cultural heritage of local and national significance, implemented in the project activity and confirmed in the practice of the Kyustendil Regional Library. The analysis is in the context of the communication strategy and from the point of view of the local history activity of the Library as an institution of memory.

**Keywords:** regional cultural heritage, communication strategy, Kyustendil Regional Library, regional cultural policy

# Библиотеките некогаш и сега

Александра Божиновска, библиотекар
Рада Петреска, библиотекар
ЈУ Градска библиотека „Браќа Миладиновци“ - Скопје

**Апстракт**

*Развојот и значењето на библиотеките од античко до современо време*

Терминот „библиотека“, потекнува од старогрчкиот збор „βιβλιοθήκη“, и означува „место за чување книги“. Античките библиотеки, како што се Библиотеката во Александрија и Библиотеката во Пергам, играле клучна улога во чувањето и ширењето на знаењето. Во средниот век, манастирските и катедралните библиотеки биле центри за чување и пренос на античкото знаење, додека ренесансата донела значајни промени во развојот на библиотеките. Современите библиотеки нудат разновидни ресурси, вклучувајќи физички и дигитални материјали и играат значајна улога во образованието, истражувањето и поддршката на заедницата. Најголемите светски библиотеки денес, кои претставуваат глобални центри на знаење и културно наследство.

**Клучни зборови:** библиотека, антика, среден век, современи библиотеки.

**Вовед**

Уште од почетокот на новата ера кога пергаментот е заменет со папирус, започнува ерата каде се олеснува создавањето на книгата, за дури во средниот век поради општествено- економските услови да се наложи потребата за што поголем број писмени луѓе, односно доаѓа до ширење на писменоста, а со тоа и отворање училишта, факултети и универзитети каде се јавува и потребата за отворање поголем број на библиотеки.

Библиотеката како институција што собира, стручно обработува, трајно чува и дава на користење библиотечен материјал, била и останала чувар, заштитник на книжното богатство, народното творештво и култура. Библиотеките отсекогаш биле образовни институции и место за социјална интеракција, но во исто време и конкретен простор каде научната, стручната „фела“ ги доживува своите ѕвездени мигови, кои се основа, камен-темелник на многу научни откритија, изуми и законитости.

Зборот „библиотека“ потекнува од старогрчкиот збор „βιβλιοθήκη“ (bibliothēkē), што се состои од две компоненти:

-„βιβλίον“ (biblion) – што значи „книга“ или „папирусна свитка“. Овој збор се користел за означување книги или други пишани материјали.

-„θήκη“ (thēkē) – што значи „клупа“ или „сандак“. Во контекстот на библиотеки, оваа компонента укажува на место за складирање или чување.

Комбинацијата на овие две компоненти „βιβλιοθήκη“ (bibliothēkē) значи „место за чување книги“ или „сандак со книги“. Овој термин се користел за означување институции или простори каде што се чуваат книги и други писмени материјали.

Овој грчки термин подоцна бил усвоен од латинскиот јазик како „bibliotheca“, а од таму преминал во различни јазици, вклучувајќи го и современиот македонски јазик како „библиотека“.

**Библиотеките во античкиот период**

Во античкиот период, библиотеките играле клучна улога во чувањето и ширењето на знаењето. Најстарите познати библиотеки потекнуваат од Месопотамија (денешен Ирак), каде што библиотеките се појавиле во храмовите и кралските палати. Овие библиотеки чувале глинени таблички со записи на клинесто писмо. Една од најзначајните библиотеки била таа на кралот Ашурбанипал во Нинива.

Една од најпознатите библиотеки во античкиот свет била библиотеката на Александрија, основана во 3-тиот век пр. н. е. во Александрија, Египет. Таа била огромна и многу важна за чувањето на знаењето, со збирки на книги и ракописи од различни цивилизации. Најверојатно била уништена во серија катастрофи, вклучувајќи и пожари.




*Библиотека во Александрија*

Библиотеката на манастирот „Света Катерина“ во Египет, древната библиотека, каде денес се наоѓаат околу 3 330 христијански записи на грчки, арапски, сириски, словенски и други јазици, како и илјадници книги и свитоци, а некои од нив се од 4 век.



*Библиотеката во манастирот „Света Катерина“ во Египет*

Други библиотеки од античкиот период се и библиотеката на Пергам, библиотеките на Рим, како и библиотеките во хеленистичкиот свет.

Библиотеката на Пергам се наоѓала во древниот град Пергам (денешна Турција) и била основана околу 3-тиот век пр. н. е. Според легендата, била една од главните ривали на библиотеката на Александрија, и била позната по својата колекција на пергаментни свитоци. Во Римската империја библиотеки биле распространети, особено во големите градови. Една од најзначајните била Библиотеката на Августус, основана од императорот Август во 1-тиот век пр. н. е. и која била дел од неговиот форум.

По освојувањата на Александар Велики, многу од градовите кои биле основани или реконструирани, како Антиохија и Селевкија, имале свои библиотеки кои го собирале и чувале знаењето од различни делови на империјата.

Во антиката, библиотеки биле не само места за чување книги, туку и центри на образованието и интелектуалната размисла, кои имале големо влијание врз културниот и научниот развој на своето време.

**Библиотеките во средниот век и нивното значење**

Библиотеките во средниот век биле многу повеќе од места за чување книги. Тие биле клучен фактор за одржување и развој на знаењето и образованието. Тие одиграле важна улога во зачувувањето на античкото знаење, образованието и културната размена, што имала долгорочно влијание врз развојот на западната цивилизација. Во овој период, библиотеките играле клучна улога во зачувувањето, ширењето и

пренесувањето на знаењето во време на многу поголеми предизвици за разлика од претходните периоди.

Библиотеките најчесто се наоѓале во манастири и катедрали. Монасите и монахињите биле одговорни за зачувување и копирање на книгите, вклучувајќи ги и античките текстови и христијанските литургии. Манастирските библиотеки одиграле клучна улога во зачувувањето на научното и филозофското знаење, кое било претходно достапно во античкиот свет. Во манастирите имало простории наречени скрипториуми каде монасите рачно препишувале текстови. Овие скрипториуми биле центри за производство на книги и често биле уредени за да ја максимизираат продуктивноста и квалитетот на транскрипцијата.

Библиотеките честопати биле поврзани со образовни институции како што се катедралните училишта и универзитети кои почнале да се развиваат во средниот век. Овие библиотеки служеле како важен ресурс за образование и истражување. Многу важни интелектуални фигури од средниот век, како што се Томас Аквински и Августин, го користеле фондот на библиотеките за истражување и пишување на нивните дела.

Најстарата библиотека во Швајцарија била основана во 719 година. Во 1983 година, УНЕСКО ја прогласи оваа библиотека за светско културно наследство. Освен постарите печатени книги, во оваа манастирска библиотека има и многу ретки ракописи, за кои може да се пристапи онлајн.



*Санкт Гален, Швајцарија*

Библиотеката Ал- Каравијин во мароканскиот град Фес, според историчарите е најстарата библиотека во светот. Основана е во 859 година како дел од универзитетот кој исто така е еден од најстарите универзитети во светот и се одликува со историја долга 1165 години.







*Библиотеката Ал- Каравијин во градот Фес, Мароко*

**Библиотеките во период на ренесансата**

За време на ренесансата, периодот од 14 до 17 век, библиотеките доживеале значителен развој и трансформација. Овој период било време на интензивно обновување и ревизија на класичното знаење и култура, што имало длабоко влијание врз развојот на библиотеките. Универзитетите како што се Универзитетот во Болоња, Универзитетот во Оксфорд и Универзитетот во Париз забележале значителен раст во нивните библиотечни збирки. Овие библиотеки почнале да содржат не само религиозни и филозофски текстови, туку и нови научни и класични текстови. Многу благородни семејства и кралски династии почнале да основаат приватни библиотеки. Овие библиотеки честопати биле препознатливи по нивните богати збирки на ретки и скапи книги. Ренесансата била време на интензивен превод на класични текстови од грчки и латински на други јазици, што придонело за растот на библиотечните збирки. Објавувањето нови книги, вклучувајќи дела од областа на хуманистичките науки,

науката и филозофијата, исто така било во пораст. Пронајдокот на печатарската машина во 15 век, од страна на Јохан Гутенберг имало длабок ефект врз библиотеките. Печатењето овозможило да се репродуцираат книгите побрзо и поевтино, што довело до поголем број  книги и забрзано ширење на знаењето.

Библиотеките во ренесансата често биле дизајнирани со фокус на естетиката и функционалноста. Архитектурата на овие библиотеки вклучувало широки простори, импресивни читални и убаво уредени ентериери.





Библиотеката во Ватикан

Ватиканската библиотека, основана во 1475 година, е значајна не само поради својата обемна колекција, туку и поради нејзината архитектура и улога во зачувувањето и ширењето на знаењето. Библиотеките станале културни и интелектуални центри. Обезбедувањето книги и образовни ресурси придонеле за развој и ширење на ренесансниот хуманизам. Многу ренесансни покровители, како што се Медичи во Фиренца, финансирале библиотеки и проекти поврзани со собирање и зачувување на знаењето.

**Библиотеките во современиот свет**

Во целиот свет постојат околу 320 000 библиотеки кои нудат библиотечен материјал на стотици милиони луѓе, каде и да се наоѓаат. Многу од нив се сместени во

конвенционални згради каде граѓаните ги добиваат потребните информации, зајмуваат книги итн. Но, постојат делови од светот каде книгите сè уште се дистрибуираат со велосипед, ранец, хеликоптер, брод, мотор, магаре, камила, камион, автобус или со коњ.

На пример, во провинцијата Кајамарка во Перу нема библиотека, така што сите книги се распоредени во куќите на седумстотини земјоделци.

Како следен пример е Колумбија, каде што учител по име Луис Соријано секој викенд патува на своето магаре, носејќи книги во околните села каде луѓето со нетрпение го очекуваат неговото доаѓање. Во Анкара пак, собирачите на ѓубре направиле своја библиотека од фрлените книги во контејнерите, и така ги опслужуваат граѓаните уште од 2017 година.

Покрај економските, социјалните и другите разлики ширум земјите во светот, упорноста на човекот и желбата да го доближи пишаниот збор до луѓето и да го поедностави начинот за полесен пристап до книгата.

Светот се менува. Се менуваат и новите информатички технологии, дигитализацијата како интегрален дел од библиотечните процеси ја поедноставува работата во библиотеките. Библиотеките денес се наоѓаат среде нова ера на можности поради дигитализацијата. Во денешниот свет, библиотеките играат клучна улога во културата, образованието и во научно истражувачката работа на заедницата. Нивната функција и структура значително се променија со напредокот на технологијата, промените и потребите на корисниците.

Современите библиотеки нудат широк опсег на ресурси, вклучувајќи книги, е-книги, аудиокниги, дигитални бази на податоци и медиумска содржина. Секој од овие ресурси е достапен преку физичка или преку онлајн платформа. Многу библиотеки интегрираат нови технологии како виртуелна реалност (VR), 3D печатачи и интерактивни прикази за обука и креативни активности.

Со развојот на интернетот, на библиотеката и се нудат онлајн услуги за резервации на книги, пристап до дигитални ресурси и виртуелна библиотека.

Современите библиотеки се импресивни по нивната големина и разновидност на ресурсите. Големите градски, национални и универзитетски библиотеки денес во светот се градат во еден сосема современ, футуристички стил или се со традиционален изглед што потсетува на топла, домашна атмосфера.

Библиотеките насекаде во светот, дали се работи за древни, современи или библиотеки на иднината, со нивната фамозна градба, архитектура и фонд на книги се наоѓаат на мапата на туристичките понуди.

Дел од најголемите современи библиотеки во светот во однос на големината на градбата како и ресурсите.



*Библиотека на Конгресот, Вашингтон-САД*

Број на ресурси: Над 17 милиони книги и ракописи.



*Британска библиотека (Британска библиотека), Велика Британија*

Број на ресурси: Над 170 милиони предмети, вклучувајќи книги, ракописи и други медиуми.



*Национална библиотека на Кина, Пекинг*

Број на ресурси: Околу 40 милиони книги и други материјали.



*Државна библиотека на Русија, Москва*

Број на ресурси: Над 47 милиони книги и ракописи.

Овие библиотеки претставуваат центри на глобално знаење, со огромни и разновидни збирки на книги, ракописи и други документи. Тие играат клучна улога во зачувувањето и дистрибуцијата на знаењето и културното наследство.

**Заклучок**

Библиотеките, како културни институции, имаат значајна улога во развојот на човековото општество, од антиката до денес. Од нивните почетоци во античката цивилизација, кога биле центри на знаење и интелектуален развој, до манастирските и катедралните библиотеки од средниот век, кои ги зачувале античките текстови и културното наследство, до периодот на ренесансата, која донела иновации во архивирањето и организација на знаењето, библиотеките продолжуваат да се развиваат и приспособуваат.

Современите библиотеки се динамични информативни центри кои покрај складирањето книги и документација, обезбедуваат широк опсег на дигитални ресурси и технолошки услуги. Нивната улога се протега од обезбедување образовни програми, пристап до интернет и поддршка на заедницата, што ја нагласува нивната важност како центри за учење, социјална интеграција и културно збогатување.

Најголемите светски библиотеки, со нивните обемни збирки и ресурси, ја нагласуваат глобалната поврзаност и важност на библиотечните институции. Тие претставуваат клучни извори на знаење и културно наследство, играјќи фундаментална улога во образованието, истражувањето и зачувувањето на човековата историја и култура.

Библиотеките продолжуваат да бидат незаменлив дел од современото општество, со постојано адаптирање на новата технологија и потребите на корисниците, што ги прави важни и незаменливи центри на знаење и културна инклузија.

Дигиталната ера коренито го менува начинот на кој луѓето добиваат информации, нудејќи нови начини на библиотеките да ја задржат општествено-културната значајност, релевантност и актуелност.

Но сепак, традицијата да се отиде во библиотека помеѓу полиците богати со мудрости, да се почувствува мирисот на книгите и да се прочита омилената книга, ќе остане и покрај вртоглавиот прогрес на технологијата. Посебната магија на библиотеките преполни со книги, самиот амбиент, никогаш не може да се замени со ниту еден таблет или паметен телефон.

Користена литература
https://www.history.com/news/8-impressive-ancient-libraries
https://n1info.rs/kultura/a495424-najstarija-svetska-biblioteka-koja-radi-bez-prekida-do-danas/
https://princh.com/blog-the-history-of-libraries-middle-ages-and-renaissance/
https://www.mastersinlibraryscience.net/25-most-famous-libraries-of-the-world/

**Abstract**

The development and significance of libraries from ancient to modern times. The term „library" comes from the ancient Greek word „library", meaning „a place for storing books". Ancient libraries, such as the Library of Alexandria and the Library of Pergamum, played a key role in the preservation and dissemination of knowledge. In the Middle Ages, monastery and cathedral libraries were centers for the storage and transmission of ancient knowledge, while the Renaissance brought significant changes in the development of libraries. Modern libraries offer a variety of resources, including physical and digital materials, and play a significant role in education, research and community support. The world's largest libraries today, representing global centers of knowledge and cultural heritage.

**Keywords:** library, antiquity, middle ages, modern libraries.

# Иновативни придобивки и предизвици во библиотеките

Ивона Цамтовска Јанкуловска, виш библиотекар
Градска библиотека „Браќа Миладиновци“ - Скопје

**Апстракт**

Библиотеките отсекогаш играле повеќеслојни улоги во нивните заедници. Тие не сè само простории за позајмување книги, тие се простории за соработка и поврзување. Современата библиотека обезбедува мултифункционален простор. Имплементирањето на иновативни услуги значи искористување на технолошките и културните промени кои ќе ги трансформираат овие предизвици во позитивни можности или би донеле проблем и за некои библиотеки.

Иновациите играат клучна улога во библиотеката за воведување креативност во постоечките услуги или процеси, што доведува до зголемени корисници, профит и заемно задоволство. Овој труд е фокусиран на важноста на иновативноста и креативноста во обезбедувањето услуги и споделување на добри практики во работењето, ќе ги претстави реализираните програми од нашите активности, ќе одговори на како и зошто да користиме некои нови инспиративни услуги и вештини.

**Клучен збор:** иновации, библиотека, библиотекар, книги, пракса, вештина, услуги, креативност, дигитална библиотека, технологија.

## Вовед

Во ерата на брзи промени и напредок во технологијата, библиотеките се соочуваат со предизвици кои бараат нови иновации и креативни решенија. Традиционалната улога на библиотеките како чувари на книги и информации постепено се трансформира во динамични центри за учење, соработка и културна размена. Оваа еволуција не само што бара нови вештини од библиотекарите, туку и создава нови можности за иновација и креативност во библиотечната средина.[1]

Иновациите во библиотеките се однесуваат на примената на нови технологии. Во последните години, многу библиотеки започнаа да интегрираат дигитални ресурси, како што се електронски книги, онлајн бази на податоци и виртуелни платформи за читање. Овие технологии не само што ја олеснуваат достапноста на информациите,

[1]Noor Abutayeh, "The Libraryasan Inspiring Spacefor Learningand Innovation" (2021). Library Philosophy And Practice(ejournal).6354.
https://digitalcommons.unl.edu/cgi/viewcontent.cgi?article=12080&context=libphilprac,08.2023
https://digitalcommons.unl.edu/libphilprac/6354

туку и ја поттикнуваат креативноста во начинот на кој библиотеките ги презентираат своите услуги. На пример, многу библиотеки организираат вебинари, виртуелни работилници и интерактивни сесии за да ги ангажираат корисниците и да ги поттикнат на активно учество.Библиотеките денес се повеќе фокусирани кон создавање инклузивни простори кои поттикнуваат соработка со други институции. Програмите за поттикнување на читањето, креативното пишување, уметноста и креативноста, се само некои од иницијативите кои библиотеките ги воведуваат за да привлечат различни групи на корисници. Овие програми не само што ја зголемуваат видливоста на библиотеките, туку и ја зајакнуваат нивната улога како центри за иновации во заедницата.[2]

## Иновации во библиотеките

Би сакал да го започнам мојот труд со одговорот на основното прашање. Што се подразбира под тоа да се биде иновативен? Иновација доаѓа од латинскиот „Novus“, што значи нов.[3] Иновативното е ново и оригинално. Ако сакате да експериментирате и да наоѓате нови начини да ги правите работите, тогаш вие сте иновативна личност. Во современата информациска ера, библиотеките се соочуваат со предизвици кои бараат иновации и адаптација на новите услови на работа. Со цел да се задоволат потребите на корисниците и да се зголеми ефективноста на услугите, споделувањето добри практики станува клучен аспект во библиотечниот сектор. Оваа концепција не само што овозможува размена на знаење и искуства, туку и поттикнува професионален развој и унапредување на библиотечните услуги. По дефиниција, библиотеките собираат информации за тековните и идните потреби на корисниците.[4]

Креативните вештини во библиотеките се од суштинско значење за развојот на нови начини на комуникација и ангажирање со корисниците. Библиотекарите денес не треба да се само информатори, туку и креативци кои помагаат во креирањето на пријатна и инспиративна средина. Користењето на социјалните медиуми и други дигитални платформи за комуникација со корисниците е еден од начините на кои библиотеките можат да ги прошират своите услуги и да создадат поголема свест за своите ресурси. Оваа форма на комуникација не само што ја зголемува видливоста на

[2] Rajat Ari, IMPORTANCE AND ROLEOF LIBRARIES IN OUR SOCIETY,: 2017, 59 - https://tamraliptamahavidyalaya.org/tmrr/vol2/5RAri_F1.pdf,08,2023

[3] https://www.vocabulary com/ dictionary/ innovative

[4] Muhammad Anwar, Tang Zhiwei; Social Media Makes Things Possible For Librarians: A Critical Note, October 11, 2019 https://biomedgrid.com/fulltext/volume6/social-media-makes-things-possible-for-librarians-a-critical-note.000985.php

библиотеките, туку и поттикнува интеракција и повратни информации од корисниците.[5]

Важно е да се напомни дека иновациите и креативноста во библиотеките не се само резултат на технологијата, туку и на соработката помеѓу библиотекарите и нејзините корисници.

Подобрувањето на библиотечните услуги е да се прифатат нови технологии кои можат да го подобрат корисничкото искуство, да ги насочат работните текови ѝ да овозможуваат пристап до богата колекција на литература и информации. Библиотеките можат да користат дигитални платформи, како што се: веб-локации, апликации, социјални медиуми или поткасти. Да се автоматизираат некои од нивните услуги, како што се: самонаплата, позајмување и враќање на книгите преку книгомат, што може да им заштеди време на вработените и би помогнало во работењето на библиотеките и на библиотекарите кои постојано учат едни од други и се стремат кон континуирано подобрување на библиотечните услуги.[6] Услугите на дигиталната библиотека нуди широк спектар на услуги кои го олеснуваат пристапот и користење на информации. Поради развојот на дигитализацијата на книгите и онлајн читањето, литературата, уметноста па дури и социјалната култура се соочуваат со големи промени. Неопходно е да се приспособи на развојот на ситуацијата, за производство на онлајн литература и уметничко творештво и да се зајакне позитивното водство.[7]

**Споделување добри практики**

Споделувањето добри практики и успешно реализирани проекти ворработењето на библиотеката е клучно за подобрување на ефикасноста и услужливоста. Ова се само дел од реализираните проекти и активности во последните неколку години во нашата библиотека. Градската библиотека „Браќа Миладиновци“ е изградена со уникатна архитектура, иновативен дизајни и отворени простори за да ги поттикне посетителите да комуницираат, да истражуваат, претворајќи ја библиотеката во центар на заедницата, каде што луѓето можат да се сретнат и да разменуваат идеи.

Со организирање на редовни обуки за вработените, состаноци и дискусии каде што библиотекарските тимовите спроведуваат успешните стратегии, реализирани се повеќе конференции, семинари, работилници и онлајн форуми. Тие се со цел за размена

[5]LISEDUNET WORK, 2018. Digital Library Services, https://www.lisedunetwork.Com/digital-library-services/; 8. 2023

[6] https://www.quora.com/How-can-library-services-be-improved-to-better-meet-the-needs-of-users

[7]Андреева, Г. „Новата технолошка револуција и јавните библиотеки – предизвици, проблеми и нови визии“. *Библиотекарство* Волумен 38 (2022), бр .1-2

на идеи и искуства, кои им овозможија на библиотекарите да се поврзат и да соработуваат со колегите од другите библиотеки низ земјата и пошироко.

Со развојот на дигиталната платформа Омека, дигитална библиотека создаде виртуелен простор за размена на информации и ресурси. Таа претставува непроценлив извор за истражувачите. Нашата дигитална библиотека има дигитална архива која содржи стари фотографии од нашиот град, ретроспектива и анализа на минатото кои се дневник на едно живеење. Збирката „Фотомонографија за Скопје 1963-1990“ која е објавена содржи емотивни фотографии за тоа како некогаш изгледал и живеел градот пред и после катастрофалниот земјотрес во 1963 година.[8]

Градот Скопје претставен преку културата, уметноста, пишаните дела, модата и спортот, библиотеките и уметниците докажаа дека можат да работат заедно. За да ја претставиме избраната литература на креативен и иновативен начин, избравме да ја промовираме поезијата и нејзините автори. Преку проектот „Нацртај песна“, добивме уметнички слики од поезијата. Уметници од нашата земја избраа различни песни каде со својот талент и креативност ги претворија во трајни уметнички дела.

Дигиталната збирка на ретки публикации содржи 4 ракописи на македонски јазик, тоа е оригинално сценарио напишано за македонски филм „Јазол“ од нашиот автор Славко Јаневски.[9] Исто така, во нашата дигитална библиотека содржи фотографии, разгледници кои се рачно напишани белешки од домашни автори.

Библиотеката има голема соработка и партнерства со училиштата, универзитетите, издавачките куќи и амбасадите, кои создаваме нови проекти, заеднички иницијативи и иновации кои можат да имаат позитивно влијание на корисниците.

Библиотеката го промовираат читањето и писмената култура преку програми за поттикнување на читањето и едукативни иницијативи. Секој месец нашата библиотека нуди низа активности за деца од предучилишна возраст; тоа е едукативна програма која учи низ игра. Преку соработката со издавачките куќи и детски автори реализирани се креативни работилници. Организираните настани во библиотеката сѐ со цел да ги поттикнат најмладите да читаат и да ја посетуваат библиотеката.

Применување на еколошки практики во работењето: Во рамките на библиотеката се организира и едукативна хортикултурна програма за младите во паркот на Библиотеката. Бидејќи во фондот на Библиотеката има енциклопедии и книги од областа на ботаниката, хортикултура и сѐ што е поврзано со флората, целта на овој

[8] Андреева, Г. „Фотомонографија за Скопје 1963-1990“. *ЈУ Градска библиотека „Браќа Миладиновци“, Скопје, 2020.*

[9] https://digitalna.gbsk.mk/2023

проект е децата уште од најрана возраст да ја развијат свеста за зачувување на зеленилото, екологијата и за сите нејзини придобивки за здрава животна средина.

Креативните услуги за млади во библиотеките можат значително да го збогатат искуството на младите посетители и да ги мотивираат да бидат редовни корисници.

Реализирани се работилници за креативно пишување и онлајн креативни активности кои ги поттикнаа младите учесници да ги изразат своите таленти.

Затоа се реализираше ***Работилница за креативно пишување***, која беше организирана за средношколци и студенти кој ја водеше писателот Александар Русјаков. Преку имагинацијата која ја користеа младите се создадоа оригинални и изразни текстови во збирката насловена „Антологијата на иднината“.

Со примена на Гејмификацијата во библиотеката за првпат беше реализиран проектот „Гг4а“- кој е креативен книжевен натпревар преку користење на дигиталната

апликација „Класкрафт“. Овој проект кој комбинира онлајн-медиуми и книги дизајниран е како забавна игра и ја поттикнува креативноста кај младите со интерактивни активности како квизови, загатки и игри поврзани со литературата. Неговите цели се подигање на свеста за читањето, учење низ групи и поттикнување на меѓугенерациска соработка. Развивање на дигиталната писменост и безбедно користење на интернетот.[10] Овие услуги не само што ќе ја направат библиотеката поатрактивна за младите, туку и ќе придонесат за нивниот личен и професионален развој.

**Придобивки и предизвици на креативните библиотеки:**

Креативните библиотеки имаат потенцијал значително да го подобрат искуството на корисниците и да придонесат за развојот на заедницата. Со справување со предизвиците, тие можат да станат центри на иновации и учење. На пример, библиотеките можат да споделат информации за успешни програми на работење.

Придобивките би биле подобрување на корисничкото искуство, повеќето интерактивни и практични активности ги привлекуваат корисниците и ги поттикнуваат да се вратат повторно во библиотеката.[11]

Со промоција на иновации и креативност ќе се придонесе за развој на нови идеи и проекти преку креативни програми и настани. Размената на успешни стратегии и иницијативи помеѓу библиотеките може да резултира во подобрување на услугите.

Библиотеките, како институции, често се соочуваат и со следниве предизвици - недостаток на ресурси и дополнителни финансии за обезбедување современи алатки и технологии, за континуирано одржување и обновување на ресурсите. Има потреба од

[10] https://www.malinc.si/wp-content/uploads/2020/09/Classcraft_pravila.pdf
[11] https://www.linkedin.com/advice/0/what-best-ways-improve-library-services-skills-library-services,08.2023

постојани обуки за библиотекарите заради новите технологии и методи кои би придонеле за развивање креативни и иновативни вештини. Технолошките предизвици носат брзо темпо на промени кои бараат постојано ажурирање на опремата и софтверот со кој работат библиотекарите.[12]

Пристапноста и инклузивноста е клучна да се обезбеди, со тоа сите членови на заедницата да имаат пристап до креативните програми. Но, и приспособување на програмите за различни возрасни групи и луѓе со различни потреби.

Простор и инфраструктура кој треба да се приспособи на библиотечните простори, за нови креативни активности и технологии, како и доволно простор за сите активности и корисници. И за крај ќе се соочиме со традиционалните перцепции, за кој е потребно менување на стереотипите за библиотеките дека се тивки места за читање.[13]

**Промотивните стратегии во библиотечните услуги – Вештини и услуги**

Иновативните и креативни вештини се клучни за модерните библиотекари, бидејќи тие им овозможуваат да се приспособуваат на брзо променливите технологии и потребите на заедницата.[14] Развивањето на дел од следните вештини ќе им помогнат на библиотекарите да останат релевантни и да обезбедат висококвалитетни услуги во динамичното и дигитализирано општество.

**Овде можеме да ги наброиме:**

дигитални библиотеки и е-ресурси;

социјални медиуми;

креативно размислување и иновации;

проекти;

планирање и организирање;

развивање и имплементирање проекти за унапредување на библиотеката;

буџетирање и финансирање;

управување со финансиски ресурси и наоѓање на нови извори на финансирање;

аналитички и истражувачки вештини;

[12] Urhefe-Okotie, Enite Anita, "Marketing Techniques and Skills Required by Librarians for the Promotion of Library Services and Resources Utilizationin Academic Librariesin Nigeria: The 21st Century Perspective" (2023). Library Philosophy and Practice (e-journal). 7778. https://digitalcommons.unl.edu/libphilprac/7778 (Page No'5; No6, No13-14) (02.07.2024)

[13] Abidina Abubakar , Innovative and creative skills for the 21st Century librarian: benefits and challenges librarie,, August 2018,Information Impact Journal of Information and Knowledge Management, (https://www.researchgate.net/publication/326966235_Innovative_and_creative_skills_for_the_21st_Century_librarian_benefits_and_challenges_in_Nigerian_academic_libraries) (15.06.2022)

[14] Shivakumar Acharya, Library services marketing: Anoverviewo fstrateg iesan dout comes (https://www.ijlsit.org/html-article/19091) (26.06.2024)

културна компетентност и инклузивност.[15]

Во библиотеките, дигиталната писменост, дигиталните вештини и медиумската писменост може да бидат предмет на нови иновативни услуги кои би им се пружале на корисници кои се од постарата популација. Библиотеките се одлично место за учење, така што, обуката за дигитална писменост во библиотеките ќе биде одличен избор, да се обезбеди поддршка за корисниците од третата доба, на кои им е потребна, за да се стекнат со основите на компјутерската писменост.[16]

**Заклучок**

Споделувањето на добри практики е од клучно значење за професионалниот развој на библиотекарите. Со размена на знаење и искуства, библиотекарите можат да се запознаат со новите трендови, методи и технологии во библиотечната работа. Оваа постојана едукација не само што ги подобрува вештините на поединечни библиотекари, туку и ја зајакнува целокупната библиотечна професија.[17] Учеството во програми за обука и семинари каде што се презентираат успешни примери од практиката, може да ги инспирира библиотекарите да имплементираат слични иницијативи во своите библиотеки. Новите технолошки предизвици се навистина голем проблем за библиотеките, кои немаат доволно средства за да ги следат светските библиотеки и нивните трендови, како и имплементирањето на креативни иновативни промоции во библиотеката.[18] Понекогаш различни библиотечни активности преку маркетинг стратегии, иновативни услуги, добра кампања за читање, но и креативни решенија за популаризација на книгата се доволни за да се постигне целта, а тоа е повеќе и позадоволни корисници во вашата библиотека.

**Користена литература:**

Noor Abutayeh, "The Libraryasan Inspiring Spacefor Learningand Innovation" (2021). Library Philosophy And Practice (e-journal) 6354. https://digitalcommons.unl.edu/cgi/viewcontent.cgi?article=12080&context=libphilprac, 08.2023 https://digitalcommons.unl.edu/libphilprac/ 6354

[15]S. K. Patil, Pranita Pra dhan* Library promotion practices and marketing of Library services: Arole of Library professionals S. K. Patil, Pranita Pradhan*, Procedia - Social and Behavioral Sciences 133 (2014) 249 –254 https://core.ac.uk/download/pdf/82182409.pdf

[16] Valentina Popovič, Upotreba digitalnih alata umalijavnim bibliotekama; Ljig-Sombor,(2023), 66-67.

[17] Effective Book Marketing Strategies for Consistent Sales,SEP2,2021;https://self-publishingschool.com/book-marketing/,08.2023

[18] Nina Verishagen. Published by Elsevier Ltd, Social Media Series, Social Media The Academic Library Perspective, Chandos Publishing, 2019;
https://www. sciencedirect.com/science/article/pii/B9780081024096000183

Rajat Ari, IMPORTANCE AND ROLEOF LIBRARIES INOURSOCIETY,: 2017, 59-

https://tamraliptamahavidyalaya.org/tmrr/vol2/5RAri_F1.pdf,08,2023

https://www.vocabulary.com/dictionary/innovative

Muhammad Anwar, Tang Zhiwei ; Social Media Makes Things Possible For Librarians: A Critical Note, October 11, 2019 https://biomedgrid.com/fulltext/volume6/social-media-makes-things-possible-for-librarians-a-critical-note.000985.php

LISEDUNET WORK, 2018. Digital Library Services,

https://www.lisedunetwork.com/digital-library-services/; 8.2023

https://www.quora.com/How-can-library-services-be-improved-to-better-meet-the-needs-of-users

Андреева, Г. „Новата технолошка револуција и јавните библиотеки – предизвици, проблеми и нови визии." *Библиотекарство* Волумен 38 (2022), бр. 1-2

Андреева, Г. „Фотомонографија за Скопје 1963 - 1990". *ЈУ Градска библиотека „Браќа Миладиновци", Скопје. Скопје, 2020*

https://digitalna.gbsk.mk/2023

https://www.malinc.si/wp-content/uploads/2020/09/ Classcraft_pravila.pdf

https://www.linkedin.com/advice/0/what-best-ways-improve-library-services-skills-library-services, 08.2023

Urhefe- Okotie, Enite Anita, "Marketing Techniques and Skills Required by Librariansfor the Promotionof Library Services and Resources Utilization in Academic Libraries in Nigeria: The 21st Century Perspective" (2023). Library Philosophy and Practice (e-journal). 7778.

https://digitalcommons.unl.edu/libphilprac/7778 (Page No'5; No6, No13-14) (02.07.2024)

Abidina Abubakar, Innovative and creative skills for the 21st Century librarian: benefits and challenges librarie,, August 2018, Information Impact Journal of Information and Knowledge Management,

(https://www.researchgate.net/publication/326966235_Innovative_and_creative_skills_for_the_21st_Centurylibrarian_benefits_and_challenges_in_Nigerian_academic_libraries) (15.06.2022)

Shivakumar Acharya, Library services marketing: Anovervie wofst rategies and out comes (https://www.ijlsit.org/html-article/19091) (26.06.2024)

S. K. Patil, Pranita Pradhan* Library promotion practices and marketing of Library services: A role of Library professionals S. K. Patil, Pranita Pradhan*, Procedia - Social and Behavioral Sciences 133 ( 2014 ) 249 – 254

https://core.ac.uk/download/pdf/82182409.pdf

Valentina Popovič, Upotreba digitalnih alata uma li javnim bibliotekama; Ljig-Sombor, (2023), 66-67.

Effective Book Marketing Strategies for Consistent Sales, SEP 2, 2021;

https://self-publishingschool.com/book-marketing/,08.2023

Nina Verishagen. Published by Elsevier Ltd, Social Media Series, Social Media The Academic Library Perspective, Chandos Publishing, 2019;

https://www.sciencedirect.com/science/article/pii/B97800810240960

**Abstract**

Libraries have always played multifaceted roles in their communities. They are not just rooms for borrowing books; they are rooms for collaboration and connection. Themodern library provides a multifunctional space. Implementing innovative services means taking

advantage of technological and cultural changes that will transform these challenges into positive opportunities or would bring problems for some libraries. Innovation plays a key role in the library to introduce creativity into existing services or processes, leadingto increased users, profits and mutual satisfaction. This paper is focused on the importance of innovation and creativity in providing services and sharing good practices in operations, it will present the implemented programs of our activities, it will also answer how and why to use some new inspiring services and skills.

**Keyword:** Innovation, Library, librarian, books, practice, skill, servicescreativity, digital library.

# Библиотеките некогаш и сега

м-р Љиљана Крстевска
ЈУДГ Детска радост-Скопје

**Вовед**

Библиотеките се културни и образовни институции кои играат клучна улога во преносот на знаењето и образованието на луѓето. Нивната функција и значење еволуирале низ вековите, од простори за чување ретки ракописи до модерни центри за дигитална информација. Овој труд ќе го разгледа развојот на библиотеките во светот и Македонија, истражувајќи ги нивните промени во контекстот на технологијата и општествените потреби.

**Историја на библиотеките**

Библиотеките имаат долга и богата историја која започнува уште во античкиот период. Една од најпознатите антички библиотеки е александрискиот библиотечен центар, основан во 3 век пр. н. е. во Египет, кој содржел десетици илјади свитоци. Во средновековна Европа, библиотеките биле сместени во манастири и биле фокусирани на зачувување религиозни текстови. Во времето на ренесансата, библиотеките почнале да се отвораат и за пошироката јавност, а печатот и развојот на книгопечатарството помогнале во ширење на книгите и литературата. Во 19-тиот и 20-тиот век, со појавата на јавните библиотеки, информацијата станала достапна за сите, а библиотеките станале културни и образовни центри за заедниците.

**Модерни библиотеки и нивната трансформација**

Во денешно време, библиотеките се трансформираат од традиционални институции за чување книги во мултимедијални центри за учење. Со дигитализацијата и појавата на интернетот, информациите стануваат сè подостапни, а библиотеките ја пренасочуваат својата улога кон обезбедување дигитални ресурси, како и создавање иновативни простори за учење и соработка. Многу модерни библиотеки во светот сега нудат пристап до електронски книги, аудиокниги, дигитални бази на податоци и онлајн курсеви. Тие, исто така, се вклучуваат во програми за дигитална писменост и други активности за зајакнување на заедниците.

**Библиотеките во нашата земја**

Библиотеките кај нас имаат долга историја која се враќа назад до средновековието. Првите библиотеки биле формирани во рамките на манастирите, каде што монасите ги препишувале и зачувувале религиозните и образовните текстови. Во периодот на Османлиската Империја, библиотеките се развивале во рамките на училиштата и религиозните установи. По ослободувањето и создавањето на современа Македонија, библиотеките почнуваат да се развиваат како јавни и национални институции. Денес, постојат повеќе од 60 јавни библиотеки, со Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" во Скопје, како водечка институција. Современите македонски библиотеки се фокусирани на модернизација и дигитализација на своите колекции, со цел да им обезбедат на корисниците поголем пристап до светската и домашната литература. Тие се соочуваат со предизвици како што се недостаток на финансии и потребата за подобрување на технолошката инфраструктура, но се исто така и во чекор со трендовите за развој на дигитални услуги и виртуелни библиотеки.

Библиотеките некогаш биле места за чување ракописи и книги, но, денес тие се многу повеќе од тоа – тие се живи центри за учење, иновации и заедница. Промените во технологијата и дигитализацијата создадоа нови можности, но и предизвици за библиотеките. Во светот и во Македонија, тие продолжуваат да се развиваат и адаптираат кон новите потреби на општеството, останувајќи непроценливи извори на знаење и културна меморија. Библиотеките, во нивната најосновна форма, настанале како резултат на човековата потреба за зачувување, складирање и организирање на информациите и знаењето. Првите библиотеки биле создадени со цел да се чуваат ракописи и документи, важни за културата, религијата, управата и образованието. Еве како започнала нивната историја:

**Почетоците на библиотеките**

Првите познати библиотеки датираат од древната Месопотамија (околу 2600 пр. н. е.), каде што биле пронајдени архиви од глинени плочки со клинесто писмо. Овие плочки содржеле административни, економски и правни записи, но и литературни текстови како „Епот за Гилгамеш". Тие биле сместени во згради кои служеле како архиви, храмови или кралски дворци. Во Египет, библиотеките биле дел од храмовите, каде што свештениците чувале папирусни свитоци со религиозни текстови, медицински и математички записи. Библиотеките на фараоните, како оние во Хелиополис и Теба, содржеле значајни архиви за административно и културно знаење.

Во античка Грција, библиотеките почнале да се развиваат како центри за филозофско и научно учење. Една од најпознатите библиотеки од овој период е Александриската библиотека во Египет, основана во 3 век пр. н. е. од страна на Птоломеите. Таа била најголемиот центар за учење во античкиот свет и содржела стотици илјади свитоци со дела од различни области: литература, филозофија, наука и историја. Неговиот универзитет – Мусеумот – го привлекувал најголемите умови на времето. Во Римската Империја, библиотеките се рашириле низ целата империја и станале важен дел од јавниот и приватниот живот. Многу римски богаташи имале свои приватни библиотеки, а со времето се отворале и јавни библиотеки финансирани од државата. Со распадот на Римската Империја, многу од античките библиотеки исчезнале, но зачувувањето на книжевното наследство продолжило во манастирите. Средновековните монаси биле главни чувари на знаењето во Западна Европа, препишувајќи и чувајќи ракописи во манастирските библиотеки. Овие библиотеки имале мали колекции, но биле клучни за зачувувањето на класичните текстови за идните генерации. Во исламскиот свет, библиотеките имале огромно значење. Во Багдад, за време на Абасидскиот Калифат, бил основан „Куќа на мудроста“ (Баит ал-Хикма), каде што биле собрани и преведени голем број грчки, персиски и индиски текстови. Оваа библиотека станала центар за научни истражувања и преведувачки активности.

За време на ренесансата, библиотеките станале центри за научно и хуманистичко учење, поттикнувајќи ја културната преродба во Европа. Библиотеките како Ватиканската библиотека и библиотеката на Медичите во Фиренца станале големи депоа за книжевно и уметничко богатство. Со откривањето на печатот во 15 век, библиотеките почнале да се зголемуваат и да стануваат достапни за поширока јавност. Печатените книги ја зголемиле достапноста на информации, а библиотеките почнале да играат важна улога во образовниот процес.

**Модернизацијата на библиотеките**

Во 19-тиот и 20-тиот век, со развојот на индустријата и урбанизацијата, пораснала потребата за образовни и културни ресурси достапни за поширока популација. Многу земји почнале да отвораат јавни библиотеки финансирани од општините, со цел да се промовира образованието и културниот развој. Јавните библиотеки, како Карнеги библиотеките во САД, станале достапни за сите слоеви на општеството и се фокусирале на промоција на читањето и образованието.

Денес, библиотеките се модернизирани и интегрираат технологија, овозможувајќи пристап до дигитални ресурси, е-книги, онлајн бази на податоци и

мултимедијални содржини. Многу библиотеки нудат простори за соработка, иновации и учење, создавајќи нови улоги како културни и образовни центри во дигиталната ера.

Библиотеките, од нивните антички корени до модерното време, продолжуваат да играат суштинска улога во зачувувањето и ширењето на знаењето и културното наследство. Од архиви на древни текстови до дигитални мултимедијални центри, библиотеките еволуираат со текот на времето, адаптирајќи се кон новите технологии и општествени потреби.

**Поделба на библиотеките**

Библиотеките можат да се поделат според различни критериуми како што се нивната функција, видот на материјалите што ги содржат, или нивниот пристап и начин на организација. Најчестите поделби на библиотеките:

**Според функцијата и целта**

*а) Јавни библиотеки*

Јавните библиотеки се достапни за пошироката јавност и обично се финансирани од страна на локалните заедници, градовите или државата. Тие обезбедуваат бесплатен пристап до книги, списанија, весници, дигитални ресурси и други видови материјали за едукација и забава. Јавните библиотеки нудат различни програми и услуги како што се читање за деца, курсеви за дигитална писменост, културни настани, и работилници.

*б) Школски библиотеки*

Школските библиотеки се дел од основните и средните училишта и имаат цел да ги поддржат образовните програми на училиштето. Тие нудат учебни материјали, книги за читање, и ресурси кои се насочени кон академските потреби на учениците и наставниците.

*в) Академски библиотеки*

Академските библиотеки се наоѓаат во рамките на универзитети, факултети и други високообразовни институции. Тие се фокусирани на обезбедување ресурси за научни истражувања, образование и академски активности. Академските библиотеки содржат книги, научни списанија, истражувачки трудови, дисертации и специјализирани колекции кои се користат од студенти, професори и истражувачи.

*г) Национални библиотеки*

Националните библиотеки се одговорни за собирање, чување и зачувување на националното културното и литературното наследство. Тие обично ги содржат сите книги, периодични изданија и други материјали што се издадени во одредена земја. Пример за таква библиотека е Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" во Скопје.

*д) Специјални библиотеки*

Специјалните библиотеки се фокусираат на специфични области на знаење или индустрии, како што се: здравството, правото, економијата, инженерството или уметноста. Тие можат да бидат дел од истражувачки институти, болници, компании или специјализирани образовни институции. Целта на овие библиотеки е да обезбедат специфични информации и ресурси за професионалци и истражувачи во дадената област.

**Според видот на колекциите**

*а) Традиционални библиотеки*

Традиционалните библиотеки ги чуваат и организираат своите колекции во печатена форма, како што се книги, списанија, весници, ракописи и архивски материјали. Тие главно се насочени кон физичкото складирање и заштита на материјалите.

*б) Дигитални библиотеки*

Дигиталните библиотеки содржат колекции во дигитален формат, како што се електронски книги, дигитални списанија, мултимедијални содржини, слики, аудио и видеоматеријали. Тие обезбедуваат онлајн пристап до своите ресурси преку интернет, овозможувајќи полесен пристап до информациите за корисниците.

*в) Хибридни библиотеки*

Хибридните библиотеки комбинираат традиционални (печатени) и дигитални ресурси. Тие обезбедуваат пристап до материјали и во физички и во дигитален формат, создавајќи интегриран систем за учење и истражување кој ги користи предностите на двата формати.

**Според пристапот и организацијата**

*а) Отворени библиотеки*

Отворените библиотеки им овозможуваат на корисниците слободен пристап до колекциите. Тие обично имаат простор за читање, компјутери за интернет пристап, и различни услуги за поддршка, како на пример библиотекари кои им помагаат на корисниците да пронајдат и користат информации.

*б) Затворени библиотеки*

Затворените библиотеки имаат ограничен пристап до колекциите и најчесто се резервирани за специфични корисници, како што се вработените во одредена институција или членови на академска заедница. Материјалите често се чуваат во посебни простории и се достапни само по барање.

*в) Виртуелни библиотеки*

Виртуелните библиотеки се целосно дигитални и не постојат физички. Тие обезбедуваат пристап до онлајн ресурси, дигитални книги и документи преку интернет платформи. Виртуелните библиотеки често ги користат облачните технологии за складирање и дистрибуција на содржините.

**Според видот на корисниците**

*а) Детски библиотеки*

Детските библиотеки се наменети за деца и млади. Тие нудат книги, списанија, мултимедијални материјали, и организираат програми и активности кои ги поттикнуваат читањето, учењето и креативноста кај децата.

*б) Студентски библиотеки*

Студентските библиотеки се специјализирани за потребите на студентите. Тие нудат материјали за учење, истражувачки ресурси, и работни простори за индивидуално или групно учење. Овие библиотеки се најчесто дел од академски институции.

*в) Заеднички библиотеки*

Заедничките библиотеки обезбедуваат ресурси за поширокота заедница, вклучувајќи различни групи на корисници, како што се локални жители, деца, студенти

и професионалци. Тие можат да организираат различни културни и едукативни настани, како што се читања, работилници и дискусии.

Поделбата на библиотеките според различни критериуми покажува дека тие играат различни улоги во општеството, адаптирајќи се на специфичните потреби на своите корисници. Независно од нивната функција или организација, библиотеките остануваат важни центри за знаење, учење и културен развој.

**Важноста на библиотеките во денешно време**

Библиотеките во денешно време имаат клучна улога во општеството, и покрај брзите промени во технологијата и начинот на кој пристапуваме до информации. Нивната важност произлегува од нивната способност да се адаптираат на новите околности и да обезбедат релевантни ресурси и услуги кои ги задоволуваат потребите на луѓето. Главни причини зошто библиотеките се важни во современиот свет:

**Пристап до знаење и информации**

Библиотеките обезбедуваат бесплатен и отворен пристап до голем спектар на информации и ресурси, како што се книги, списанија, весници, аудио и видеоматеријали, дигитални содржини, научни бази на податоци и многу повеќе. Тие се посветени на демократизација на знаењето, обезбедувајќи пристап за сите, без разлика на економскиот статус, возраст или образование. Ова е особено важно во денешниот свет, каде што разликите во пристапот до информации можат да создадат големи нееднаквости.

**Поддршка на образованието и доживотното учење**

Библиотеките се клучни партнери во формалното и неформалното образование. Тие им помагаат на учениците и студентите да пристапат до потребните материјали за нивните студии, обезбедуваат простори за учење и поддршка за истражување. Покрај тоа, библиотеките нудат програми за доживотно учење, како што се курсеви за дигитална писменост, јазични часови, работилници за личен развој и многу други. Во денешниот динамичен свет, каде што постојано се појавуваат нови информации и вештини, библиотеките играат клучна улога во обезбедувањето на алатки за учење и адаптација.

**Центри за заедницата и социјална инклузија**

Библиотеките служат како заеднички центри кои ги поврзуваат луѓето од различни социјални и културни средини. Тие обезбедуваат простор за социјална

интеракција, размена на идеи и културно вклучување. Библиотеките нудат бесплатни програми и активности, како читања за деца, културни настани, јавни предавања и дискусии, што им помага на заедниците да се обединат и да го промовираат културниот и социјалниот развој.

**Поддршка на дигиталната писменост и технологијата**

Во време на дигитална револуција, библиотеките играат важна улога во поддржувањето на дигиталната писменост. Тие обезбедуваат пристап до компјутери, интернет и други технологии за оние кои немаат таква можност дома. Ова е особено важно во руралните и маргинализираните заедници каде што пристапот до технологијата може да биде ограничен. Библиотеките, исто така организираат курсеви за дигитални вештини, како што се: основни курсеви за користење компјутер, интернет пребарување, онлајн безбедност и користење софтверски апликации.

**Зачувување на културното и историското наследство**

Библиотеките играат витална улога во зачувувањето на културното и историското наследство на едно општество. Тие чуваат ракописи, ретки книги, историски документи, фотографии и други артефакти кои го сочинуваат културниот идентитет на нацијата. Преку дигитализација на овие материјали, библиотеките овозможуваат широка достапност до нив и ја осигуруваат нивната заштита за идните генерации.

**Промоција на читањето и литературната култура**

Библиотеките се места каде што се промовира читањето и љубовта кон книгата. Тие организираат кампањи за промоција на читањето, литературни конкурси, средби со автори, читања и разни активности кои ја поттикнуваат љубовта кон литературата и културата на читање. Ова е особено важно во време кога дигиталните медиуми и забавата често ја заменуваат книгата.

**Поддршка за општествениот прогрес и демократија**

Библиотеките се бранители на правото на информација и слободата на изразување. Тие обезбедуваат неутрални простори каде што граѓаните можат да пристапат до непристрасни и веродостојни информации. Ова ја поттикнува критичката

мисла и ги охрабрува луѓето да бидат информирани граѓани кои можат да учествуваат во демократските процеси.

**Инкубатори на иновации и креативност**

Современите библиотеки често се трансформираат во центри за иновации и креативност. Многу од нив нудат простори за соработка, лаборатории за 3D печатење, уреди за создавање музика и видео, и други алатки кои ги охрабруваат корисниците да истражуваат нови идеи и проекти. Библиотеките стануваат катализатори за локалните иновации и претприемништво. Во свет каде што технологијата и интернетот драматично го менуваат начинот на кој пристапуваме до информации, библиотеките остануваат клучни институции за поддршка на образованието, културата, и социјалната кохезија. Тие се адаптираат на новите услови и продолжуваат да ги задоволуваат потребите на општеството, промовирајќи еднаков пристап до знаењето и поттикнувајќи креативност и иновации.

**Првата Библиотека во светот**

Најстарата позната библиотека во светот е библиотеката во Асурбанипал, која се наоѓала во Ниневија, главниот град на античката Асирска Империја (денешен Ирак). Основана е во 7 век пр. н. е., за време на владеењето на кралот Асурбанипал (669–631 пр. н. е.), кој бил познат по својата љубов кон учењето и книгите е и првиот познат библиотекар во светот. Библиотеката во Асурбанипал содржела повеќе од 30 000 глинени плочи испишани со клинесто писмо, кои содржеле текстови со различни жанрови, вклучувајќи литературни дела, закони, научни записи, религиозни текстови, и историографски материјали. Еден од најпознатите текстови што е откриен во оваа библиотека е Епот за Гилгамеш, еден од најстарите познати литературни дела во светот. Оваа библиотека била  важен центар на учење и истражување во античко време и играла клучна улога во зачувувањето на културното и историското наследство на Месопотамија. Остатоците од библиотеката се откриени во 19 век од страна на британскиот археолог Остин Хенри Лејард.

**Првата библиотека кај нас**

Првата јавна библиотека во Македонија, која е и најстарата постоечка библиотека на територијата на денешна Република Северна Македонија, е Библиотеката на манастирот Свети Климент Охридски во Охрид. Основана е во 9 век од страна на Свети Климент Охридски кој се смета за првиот  библиотекар во нашата земја, еден од најпознатите ученици на светите браќа Кирил и Методиј и основач на

Охридската книжевна школа. Охридската книжевна школа, која е и првата словенска книжевна школа, функционирала како центар за образование и препишување книги на старословенски јазик. Во библиотеката на манастирот Свети Климент Охридски се чуваат бројни ракописи, книги, и други материјали кои биле препишувани и создадени од учениците на Свети Климент. Оваа библиотека имала огромно значење за ширењето на словенската писменост и култура на Балканот. Првата модерна библиотека во Македонија е Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" во Скопје, основана во 1944 година. Таа е најголемата и најважната библиотека во земјата и го носи името на светецот Климент Охридски во чест на неговиот придонес во развојот на писменоста и културата.

Асурбанипал и Свети Климент Охридски претставуваат две значајни личности во историјата на библиотекарството, кои ги поставиле темелите на библиотекарската пракса и зачувувањето на знаењето и културното наследство. Тие се сметаат за пионери во оваа област, кои значително придонеле за зачувување и ширење на знаењето во нивното време.

**Користена Литература**

Anderson, I. G., & May, F. A. (2010). Libraries in the Digital Age: The Role of Traditional Libraries in a Changing World. Journal of Library Administration, 50(5), 467-482.

Battles, M. (2003). Library: An Unquiet History. New York: W.W. Norton & Company.

Cassell, K. A., & Hiremath, U. (2019). Reference and Information Services: An Introduction. Chicago: ALA Editions.

European Bureau of Library, Information and Documentation Associations (EBLIDA). (2017). Libraries in Europe: Essential Partners in Digital Learning. Retrieved from EBLIDA website.

Freeman, G. T. (2005). The Library as Place: Changes in Learning Patterns, Collections, Technology, and Use. Council on Library and Information Resources.

Gross, M., & Latham, D. (2012). What's Skill Got to Do with It?: Information Literacy Skills and Self-Views of Ability Among First-Year College Students. Journal of the American Society for Information Science and Technology, 63(3), 574-583.

IFLA (International Federation of Library Associations and Institutions). (2021). Trends Report 2021: Libraries in the Digital Age. Retrieved from IFLA website.

National and University Library "St. Kliment Ohridski". (2022). History and Development of Libraries in Macedonia. Retrieved from NUK website.

Rubin, R. E. (2020). Foundations of Library and Information Science. Chicago: ALA Editions.

Serrano, S. C., & Martín, E. C. (2020). The Role of Libraries in Promoting Access to Knowledge in the Digital Era. Library Trends, 68(2), 314-331.

Zgaga, P., & Bren, M. (2021). Public Libraries and Digital Literacy in Europe: Comparative Analysis of Trends. International Journal of Information Management, 57, 102-118.

# Периодиката како меморија на едно општество

Андријана Апостоловска, виш библиотекар
ЈУ Градска библиотека „Браќа Миладиновци“ - Скопје
ancebo8@gmail, andrijanaapostolovska@yahoo.com

**Апстракт**

Во овие седумдесет и девет години постоење и делување, Градската библиотека „Браќа Миладиновци“ - Скопје која е институција од областа на културата остварува значајна улога во собирањето, чувањето, заштитата, истражувањето, проучувањето, промовирањето и користењето на пишаната културна историја, давајќи придонес во развивањето на знаењето и негувањето на националните културни вредности. Творбите што траат низ годините, создаваат историја. Тој збир од факти, расеани ширум плодното поле на творештвото е неосвестена историја. Вистинска историја е онаа којашто евидентира, собира, ќе го забележи и подреди секое дело како процес и така ќе ја историзира временската мапа на определено творечко подрачје. Дури во таков процес појавите добиваат време на создавање и се редат во временска низа.

**Клучни зборови**: периодика, публикации, весници.

**Вовед**

Периодиката игра важна улога како меморија на едно општество, бидејќи таа документира настани, идеи и движења кои го обликуваат историскиот, културниот и социјалниот контекст на времето. Весниците, списанијата и другите печатени медиуми претставуваат извор на информации кои овозможуваат ретроспектива и анализа на минатото. Преку чување на периодичните изданија, може да се следи развојот низ различни аспекти од општествениот живот, како што се културата, економијата, политиката и технологијата.

Во суштина, периодиката служи како хроничар на времето, документирајќи ги не само големите историски настани туку и секојдневниот живот на обичните луѓе. Таа претставува непроценлив извор за истражувачите, библиотекарите, историчарите и сите оние кои сакаат да разберат како живееле и мислеле луѓето во различни епохи.[1]

[1] Priscilla Coulter, What is a periodical?,**https://apus.libanswers.com/faq/102820** пристапено на (22.09.2024)

Периодиката во библиотеките се однесува на збирката на периодични публикации, како што се весници, списанија, научни и академски журнали, билтени и други изданија кои се издаваат на редовни интервали. Оваа збирка игра важна улога во обезбедувањето на тековни информации и истражувања на корисниците на библиотеката.

**Улоги на периодиката во библиотеките**

1. *Информативност:* Обезбедува актуелни и релевантни информации за различни теми.
2. *Истражување:* Ги поддржува научните и академските истражувања со обезбедување пристап до најновите истражувачки статии.
3. *Историја и архивирање:* Ги чува историските записи и контекстот на одредени настани или теми.
4. *Образование:* Ги поддржува образовните програми со тековни материјали кои се користат во наставата и учењето.
5. *Организација и управување:*

- Каталогизација. Периодиката се каталогизира за полесно пребарување и пристап.
- Дигитални архиви. Многу библиотеки имаат дигитализирани верзии на периодични изданија за полесен и побрз пристап.
- Пристап и лиценци. Некои периодични изданија бараат претплата или лиценци за пристап, особено академските журнали.[2]

**Оддел периодика при Градска библиотека „Браќа Миладиновци“ (1945-2000)**

Овој оддел започнува со работа во 1945 година, а бројот на весници и списанија изнесува 15, но во текот на годините бројката значително се зголемува. За десет години од започнувањето со работа оваа бројка достигнува до 150, а што се однесува за бројот на посетители во библиотеката во 1945 година изнесува 1 686 читатели, додека во 1955 година нивниот број изнесува 52 381. Дел од периодичните публикации кои не биле купувани како дневен печат, биле преземени од Јавната библиотека на град Скопје, која во тој период работи како режимска библиотека на српските окупаторски власти во Вардарска Македонија во периодот од 1935 до 1940 година. Градската библиотека била

[2] https://utopia.ut.edu/introductiontoresearch/periodicalsпристапено на (12.08.2024)

претплатена на сите весници и списанија што биле публикувани во Македонија, а на рафтовите се наоѓале и многу заглавија од други републики (Србија, Хрватска, Црна Гора и БиХ). Во 1950 година во овој оддел се набавуваат: „Нова Македонија", „Народна задруга", „Просветен работник", „Разгледи", „Трудбеник", „Просветна жена" и други. Освен тоа, овој оддел располагал со весници и списанија кои биле на српски, хрватски, бугарски, руски и други јазици. Најстарите периодични публикации датираат од 1888 година, меѓу кои биле и „Братство"- Белград, „Сборник"- Софија од 1892 година и др. Одделот периодика, исто така, располагаше со два вида картотеки: за периодични публикации и предметна картотека на определени теми од периодични публикации која опфаќа над 10 000 каталожни единици.

**Читалница за периодика во библиотеката „Браќа Миладиновци" (1945-2015)**

Преку периодиката читателот дознава за многу настани што се случуваат кај нас во Македонија и воопшто во светот. Важноста и улогата на читалницата за периодични публикации се мошне големи. Со помош на дневните весници и периодичните списанија што ги набавува и им ги става на располагање на читателите, таа извршува многу важна информативна работа. Токму во овие весници и списанија може да се прочита за многу настани од минатото кои поради времето паднале во заборав.[3]



*Слика 1 Картотека*



*Слика 2 Читална во оддел периодика*

**Одделение за периодични публикации**

Одделението располага со периодични публикации како што се: дневни и неделни весници, популарни ревии, стручни весници, периодични списанија од повеќе области, ретки и стари до нови и современи списанија, литературни списанија, првите броеви на весниците „Вечер" и „Нова Македонија", како и други публикации кои

[3] 55 години Библиотека „Браќа Миладиновци"- Скопје, 2000 година

излегувале во периодиката и даваат обемни информации во научно-истражувачката работа.

Одделот има и читална за користење на библиотечниот материјал кој е достапен за членовите на библиотеката и исто така, изданија што излегуваат во определен временски интервал (седмично, месечно или годишно).[4]



*Слика 3 Оддел периодика*

Весникот **„Остен“** е хумористично и сатирично списание од областа на уметноста, слободната мисла и слободното творештво од 1945 година. Преку Светската галерија на карикатури и Светската галерија на цртеж, „Остен“ ги презентира уметниците од светот. Од 1951 до 1966 година „Остен“ се развива како весник. Во тој период се јавуваат рубрики за хумор, сатира и карикатура во дневните весници, но започнува да се појавува и на нов медиум – Радио Скопје. Весникот оформува своја професионална редакција и нејзин прв главен уредник е Дарко Марковиќ.




[4] **ИНФОРМАТИВЕН ВОДИЧ низ библиотечната мрежа на ЈУ Градска библиотека „Браќа Миладиновци“- Скопје, 2018**

**„Македонка“**е лист на сите жени во Македонија. Во него треба да соработуваат селанки и работнички, интелектуалки и домаќинки, сите членки на Антифашистичкиот фронт на жените од Македонија.




Прв национален весник издаден пред 70 години во слободна Македонија, на македонски јазик и писмо и претставува бренд на македонската држава.

**„Пионерски весник“ – 1945-1946-1947 година**

Весник наменет за сите пионери (стихотворби, раскази, цртежи).




*Слика 4 Год. 1 бр. 1 среда 7 ноември 1945*

**„Нова Македонија“**- прво издание 29 октомври 1944 година




**„Современост“ -** најстаро македонско списание за литература, култура и уметност. Првиот број на списанието „Нов ден“ излегува во 1945 година, а списанието „Современост“ е негов директен наследник чиј прв број се појавил во април 1951 година. Првиот број на списанието „Нов ден“ бил пречекан со воодушевување и радост меѓу новинарите, писателите и културните работници. Почетниот печатен тираж бил од 5 000 примероци. Ова месечно списание нуди доста интересни теми од областа на литературата, прилози, проза, поезија, драмски текстови, интерпретации, вреднувања и истражувања.




*Слика 5 Современост 1956 година*

**Весник „Вардар“ 1932-1936 година**

Вардар е весник кој излегувал на српски јазик по иницијатива на Милан Јовановиќ, новинар од Белград. Во нашата библиотека ги има само броевите од 1934 и 1935 година. Во редакција на весникот бил и Јован Костиќ кој уредувал неколку броеви. Во почетокот излегувал како неделник, потоа два пати во неделата, а пред самиот крај, пред да згасне 1936 година излегува трипати неделно. Весникот е многу интересен и ако може да се забележи богат е со многу информации и настани, вести од надворешна политика, вести од регионот кој опфаќа Белград, Јужна Србија, Ниш,

Лесковац, Врање и Македонија. Исто така, богат е и културниот живот, разни матинеа, настапи на Марија Калас, оркестри, театри како и многу претстави, но и познати филмови како „Кинг Конг“ и други. Посебно се издвојува страната „Скопске новости“ со избор на разни информации (гостилници, аптеки, огласи, веридби, венчавки и погреби). Посебно би ги издвоила рекламите со слика и текст кои се навистина доста интересни, што просто те мамат да ги прочиташ. Преку рекламите и текстовите ние го осознаваме животот на луѓето, кој за нас во ова време на интернет е просто незамисливо да се живее без телевизија, компјутер и интернет.




*Слика 6 Вардар 1934 година*

Вардар е првото списание за наука, литература и политички прашања напишано на македонски јазик чиј уредник и основач бил Крсте Мисирков.

Месечно списание 1 септември 1905 година со седиште во Одеса, Украина. Вардар е составено од неколку секции каде се обработуваат македонското прашање и странските пропаганди, народното творештво, литература, статистика и етнографија на Македонија.[5]

[5] https://digitalna.gbsk.mk/collections/show/13 пристапено на (10.05.2024)



Год. I. 1-и Септемвриіа 1905 год. № 1

Излегуват на 1-и броі от секоі месец. **ВАРДАР** Нарединицана се наог'ат во Одеса, ул. Гогол' № 4

Наредник-издавач К. П. Мисирков.

Од нарединицана.

Нашиіот месечник іет нешчо ново, шчо ќе привлечит вниманіето на свите, шчо се интересуваіет со македонцкото прашаніе. Однапред можит за се речит, оти «Вардар» ќе бидит пострeтен от свите, шчо се интересуваіет со македонцкото прашаніе, осем западно-іевропеіците, као нешчо, шчо можит да принесит голема шчета на интересите на свите заинтересувани во македонцкото прашаніе балканцки народи. Од «Вардар» ќе бидат недоволни: турците, грците, бугарите, србите и самите македонци. Турците ќе се боіат да не предзнаменуват тоі некакво ново течеіне стред македонците, коіо би могло да предизвикат нови бркаиници во Македониіа. Грците іедваі ли ќе се порадуваіет на какво и да іет движеіне стред македонците, коіо би могло да покажит способност на борба за самосочувуваіне на словенцкиіот іелемент во некога класичната Македониіа. Бугарите и србите не милуваіет поіавуваіето на «Вардар» со неговата нова национална програма као нешчо, шчо можит да нанесит смртен удар на нивните национални стремеіна во Македониіа. Наіпосле по големиіот, ако не речиме наі големиіот, дел на македонцката интелегенциіа ќе іет против «Вардар» со неговата програма, зашчо свите македонци, противници на македонцкиіот национален сепаратизм, сет убедени, оти со пари во Македониіа човек можит да создадит од нашите македонци не само бугарцка, србцка, грцка или македонцка, ами и циганцка народност и циганцки интереси, а без пари не се правит ништо: противниците на националниіот сепаратизм мислат, оти

*Слика 7 Вардар списание -1.10.1905 год.*

**Монографија 70 години Градска библиотека „Браќа Миладиновци“ – Скопје**

Долгата историја на библиотеката со многу емоции е пренесена во монографијата. Авторите прават обид да ги претстават состојбите и активностите во библиотеката во изминативе 70 години, со изразит акцент на првата половина од историскиот развој, претставувајќи детали кои самите посетители немаат можност да ги запознаат. Во тој контекст оваа монографија претставува еден печат во времето и просторот, значаен едукативен материјал за сите генерации, читатели и сведок за активното учество при преведувачката и издавачката дејност и сведок за големиот библиотечен фонд и архива која ја има оваа институција. Во 1950 година оваа установа брои 9 520 книги, а денес бројката е над 1 200 000 книги и публикации. Денес, Градската библиотека „Браќа Миладиновци“-Скопје е современа библиотека и едукативен центар која извршува дејности од јавен интерес и наша цел е да продолжиме да работиме во насока на задоволување на потребите на нашите читатели. Творбите што траат низ годините, создаваат историја. Но, тој збир од факти, расеани ширум плодното поле на творештвото е „неосвестена“ историја. Вистинската историја е онаа која тој посев ќе го открие, ќе го евидентира, ќе го собере, забележи, подреди и конечно ќе го истражи, дело по дело и како процес, и така ќе ја историзира временската мапа на определено творечко подрачје. Дури во таков процес, појавите добиваат време на создавање и се редат во временска низа. Тогаш феноменот се овременува, се составува со другите сродни појави... и тој како и самиот процес добиваат историска свесност.




*Слика 8 Весник Вардар -2 август 1934 година*

Периодика – чувар на македонскиот весник низ историјата[6]



*Слика 9 Одделение за периодични публикации*

**Одделение на издавачка дејност и дигитализација на книжен фонд**

Градската библиотека, во 2006 година, започна со реализирање на проектот е – книга (електронска книга), со дигитализација на дел од библиотечниот фонд во PDF формат. Дигитализирани се старопечатени книги на македонски јазик, објавени во периодот помеѓу 1935 и 1950 година, како и понови изданија на македонската книжевна продукција. Дигиталната колекција е достапна за сите членови на библиотеката и може да се најде на интернет-страницата www.gbsk.edu.mk во делот за е-книги.[7]

[6] https://www.youtube.com/watch?v=MtxRS_5nyOM&t=5s пристапено на (12.07.2024)
[7] www.gbsk.mk пристапено на (15.03.2024)



*Слика 10 Одделение за издавачка дејност и дигитализација на книжен фонд*

**Користена литература:**

ИНФОРМАТИВЕН ВОДИЧ низ библиотечната мрежа на ЈУ Градска библиотека „Браќа Миладиновци“- Скопје, Данаилова, С. Темелкова, Ј. Скопје, 2018 стр.19
55 години Библиотека „Браќа Миладиновци“- Скопје, 2000 година
**Priscilla Coulter, What is a periodical?,**
**https://apus.libanswers.com/faq/102820(22.09.2024)**
**https://digitalna.gbsk.mk/collections/show/13(10.05.2024)**
**https://www.youtube.com/watch?v=MtxRS_5nyOM&t=5s(7.07.2024)**
https://utopia.ut.edu/introductiontoresearch/periodicals(12.08.2024)
www.gbsk.mk(15.03.2024)

**Abstract**

In these seventy-nine years of existence and operation, the City Library „Miladinovci brothers“- Skopje, which is an institution in the field of culture, has played a significant role in the collection, preservation, protection, research, study, promotion, and use of written cultural history, contributing to developing knowledge and nurturing national cultural values. Works that last through the years create history. That set of facts, scattered across the fertile field of creativity, is unconscious history. A true history records, collects, notices, and arranges each work as a process and thus historicizes the time map of a certain creative area. Only in such a process do the phenomena receive a time of creation and are arranged in a time sequence.

**Keywords:** periodical, publications, newspaper.

# Одделот периодика при ЛУБ „Благој Јанков Мучето“- некогаш и сега

Снежана Џорлева, библиотекар
ЛУБ „Благој Јанков Мучето“- Струмица
sdzorleva@yahoo.com

**Апстракт**

Во рамките на Меѓународниот форум на тема: „Размена на идеи за добри практики“, кој се одржа во Струмица, во втората половина на месец септември, годинава, ја подготвивме изложбата насловена како „Периодика - некогаш и сега“. Изложбата опфаќа: научни списанија од сите области на општественото живеење, печатени весници („Дневник“ 2002, „Нова Македонија“ 2002), билтени, зборници, алманаси, тековен дневен печат, од минатото па се до денешно време, кои се дел од полиците на одделот Периодика при ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ од Струмица.

Идејата за организирање на изложбата во рамките на овој форум за добри практики во библиотекарството произлезе од желбата да го покажеме овој книжевен фонд на јавноста и да ја актуализираме работата на одделот Периодиката, како и значењето на науката и научните списанија за понатамошниот развој на целокупното општествено живеење. Воедно, преку изложбата може да се осознае како се развивала набавката, обработката, сортирањето и грижата за овој книжен фонд низ годините, во рамките на нашата библиотека. Најстарото списание потекнува од 1946 год. „Разгледи“ па се до 2024 год. што значи период од осум децении.

**Клучни зборови**: книжевен фонд, оддел периодика, најдобри практики, изложба.

**Вовед**

ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ е сериозна научна и културна институција која во нашата општина опстојува повеќе од седум децении и зазема значајно место во овој простор на полето на културата, образованието и научното истражување. Нејзиниот развој е перманентен и континуирано ги прати сите нивоа на технолошки развој, како и дигитализацијата што се однесува на работата со книги и оставнина во книжевна форма. Во својот состав ги вклучува сите потребни оддели за нормално функционирање на една библиотека како културна институција, со повеќе оддели, меѓу кои и одделот Периодика чија цел е собирање, комплетирање, сортирање и обработка на периодичен книжевен материјал и списанија, како и вообичаен печат. Значи, покрај набавката на монографски публикации, односно книги, таа води грижа и за другите видови книжни материјали, како што се списанијата и весниците кои се значајни библиографски единици.

На кратко би спомнала дека одделот Периодика е формиран во 1982 год. со одделување, отцепување од одделот Роднокрајно и ретки и стари книги, кога се поделува книжниот фонд и се изделуваат двата оддели кои почнуваат да функционираат самостојно, во рамките на библиотеката. Книжниот фонд на одделот Периодика се збогатувал континуирано, а паралелно со набавката на научните списанија се набавуваат и три до четири наслови од печатените дневни весници, во зависност од тоа кои излегуваат во моментот и кои се актуелни. Истите можат да се користат во читалницата при самата библиотека, што е практика до сега.

Почнувајќи со скромен фонд на списанија, од тогаш до сега, бројот на библиотекарски единици или наслови значително е зголемен, а од 2013 год. воведена е автоматизација со што секој број од периодичните списанија се обработува стручно и се внесува во програмата COBISS3, според востановените правила. Постојано се сервисираат или обработуваат околу 150 библиотекарски единици, односно наслови во зависност од динамиката на нивното излегување, дали излегуваат неделно, месечно, квартално, на шест месеци или годишно. Од почетокот досега се направени над 2 000 записи, за сериски публикации во COBISS.

Библиотечната граѓа се каталогизира и се внесува во библиотечниот систем CO-BISS со цел да се овозможи едноставно пребарување и пристап од страна на секој корисник. Тоа подразбира вклучување метаподатоци, нивно индексирање и создавање разни видови каталози и бази на податоци. Предуслов за секоја дигитализација на некој податок е пронаоѓање квалитетен извор на информации, негов прецизен опис кој понатаму се презема како метаподаток и се унапредува, се надградува. Тоа е многу значајно за дигитална презентација на податоците, кои стигаат до нашите корисници.

Секој читател кој е заинтересиран да провери дали некое списание, статија и друг книжен материјал го има во нашата библиотека, со кликнување во програмата COBISS+, веднаш може да дојде до информација дали го поседуваме соодветното списание или каде се наоѓа некоја статија за која се интересира. Дел од статиите се ставени на оваа програма во дигитална форма ПДФ, со што пребарувањето во иднина се олеснува многу повеќе.



Библиотеката на УГД „Гоце Делчев“ подружница Струмица со проф. д-р Лилјана Колева-Гудева

Во одделот Периодика се извршуваат повеќе фази околу набавката и комплетирање на научните списанија кои со текот на годините залутале, се оштетиле или едноставно исчезнале, од разнoразни причини. Заради таквата ситуација на крајот од секоја тековна година се прави записник од кој се гледа кои списанија фалат во континуираната низа на нивната набавка. Истите записници се праќаат до националните институции и сродни институции од културата и се побаруваат оние броеви кои фалат. Тоа е еден од начините за комплетирање на фондот на Периодиката. Друг начин е преку директно обраќање до издавачот или подготвувачот на списанието, доколку е од истата општина кој може да ни излезе во пресрет и да ни додели комплетна серија на одредени списанија. Таква соработка имавме неодамна со

библиотеката во кампусот на УГД „Гоце Делчев“ од Штип, кој се наоѓа во Струмица и проф. д-р Лилјана Колева-Гудева.

За навремено пристигнување на информациите до корисниците на библиотеката, неопходно е постојано развивање на базите на податоци кои ги користи самата библиотека, со надградување и упростување на истите и постојана усовршување на знаењата на библиотекарите. Оттука произлезе идејата да изработиме каталог на периодичните списанија и публикации со цел фондот на Периодика да го предочиме, приближиме кон читателите и секој кој е заинтересиран може да го погледне. Истиот каталог беше презентиран и на изложбата на меѓународниот форум на 19.09.20024 г. кој се одржа во Струмица.




Изложба – прилог 1



Изложба – прилог 2

Цели на овој каталог, кој треба да претставува водич низ Периодиката при ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ се:

1. Подобар преглед на фондот периодика;
2. Подредување на фондот периодика по азбучен ред;
3. Испорака на информации до читателите сортирани и точни;
4. Развивање и унапредување на работата на периодика;
5. Создавање каталог кој ќе се презентира и надвор од општината.

**Заклучок:** Неопходна е перманентна и континуирана обработка на базата податоци со која располага библиотеката. Нејзино надградување, проширување и

упростување со информации, преку изработка на каталози, кои ќе ги задоволат потребите на корисниците т.е. читателите.

**Користена литература:**

Digital Library of Montenegro - Digitalna biblioteka Crne Gore | Cetinje | Facebook
IFLA -- Libraries, Development and the United Nations 2030 Agenda.
Водич низ периодика во НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола; Битола, 2009

**Abstract**

Within the framework of the International Forum on the topic: „Exchange of ideas for good practices", which was held in Strumica, in the second half of September this year, we prepared the exhibition entitled "Periodics - then and now". The exhibition includes: scientific journals from all areas of social life, printed newspapers ("Dnevnik" 2002, "Nova Makedonija" 2002), bulletins, collections, almanacs, current daily press, from the past to the present, which are part of the shelves of the Periodicals Department at the "Blagoj Jankov Mucheto" Library and Information Center from Strumica.

The idea of organizing the exhibition within the framework of this forum for good practices in librarianship arose from the desire to show this literary fund to the public and to update the work of the Periodicals Department, as well as the significance of science and scientific journals for the further development of the entire social life. At the same time, through the exhibition one can learn how the acquisition, processing, sorting and care of this book collection has developed over the years, within our library. The oldest magazine dates back to 1946. "Razgledi" up to 2024. which means a period of eight decades.

**Keywords:** book collection, periodicals department, best practices, exhibition.

# Библиотеките во дигиталниот простор

Тања Шенковска, библиотекар
Дом на култура „Димитар Беровски“ - Берово
tanja_sen@yahoo.com

**Апстракт**

Трудот има за цел да понуди објаснување на поимот дигитализација, нејзината примена во библиотеките и да ги прикаже библиотеките во физичките и дигиталните простори како места за работа, соработка и градење на заедницата. Преку објаснување што всушност претставува дигитализацијата, ќе укажеме кои се придобивките што може да ги има од нејзиното владеење, но и самите ризици од широката употреба на истата; ќе ги прикажеме библиотеките во дигиталниот простор наспроти физичкиот. Брзиот развој на технологијата во библиотеките е добра можност за воведување иновациски развој.

**Клучни зборови:** дигитализација, библиотека, технологија, простор.

Што е дигитална библиотека? Современото општество се наоѓа во епоха на брзи технолошки промени и дигитална трансформација, а тоа доведува до големи промени во начинот на комуникација и пристапот до информации. Развојот на технологијата е општествен предизвик и поле на истражување што е од особено значење во библиотеките кои се развиваат и приспособуваат кон иновациите. Како фактор на социјалната динамика, тие го интензивираат дејството на општествените појави и се стремат кон развивање нови, современи услуги за своите корисници.

Неколку различни термини, вклучувајќи „електронска библиотека“, „виртуелна библиотека“, „библиотеки достапни преку мрежа“ или „библиотеки без ѕидови“ беа користени за да се опише новиот феномен во раната фаза од развојот на дигиталната библиотека. Овие библиотеки нудат лесен пристап до информации, можности за вмрежување и универзална достапност на збирки, кои често содржат извори со отворен пристап.

Дигиталната библиотека е електронска информативна платформа за пристап, лоцирање, управување и складирање различни дигитализирани библиотечни информациски ресурси. Работејќи преку интернет, дигиталната библиотека е електронски дистрибуиран информациски систем, кој користи дигитални и мултимедијални технологии за обработка и складирање различни видови литература во

различни формати, како што се: архиви, атласи, книги, касети, документи, ракописи, музички белешки, периодични списанија, слики, табели и видеоленти. Во денешното информатичко општество, дигиталната библиотека доставува и дистрибуира дигитализирана литературна содржина преку многу различни технологии: компјутер, дигитална мултимедија, веб. За разлика од традиционалните библиотеки, дигиталните библиотеки се виртуелни и им овозможуваат на корисниците да пребаруваат и прегледуваат материјали онлајн, без потреба од физичка посета на зградата на библиотеката. Тие работат на целосен пристап до нивната содржина, имплементирајќи технологија за да го олеснат користењето на онлајн библиотечните услуги.

Приоритети на дигиталната библиотека во нејзините стратешки цели се: библиотеката да ја покаже својата посветеност кон обезбедување лесни за употреба и ефективни технолошки решенија за користење на библиотечните услуги, дигитализирање и обезбедување пристап до нивната сопствена дигитална содржина. Со користење на дигиталната библиотека, пристапот е обезбеден за секого, во секое време и во која било форма.

**За што се користат дигиталните библиотеки?**

Дигиталните библиотеки значително ги трансформираат традиционалните библиотечни услуги преку искористување на технологиите како што се: техниките за дигитално каталогизирање, стандардите за метаподатоци и алатките за автоматизација за да го подобрат управувањето со ресурсите, да ја подобрат ефикасноста и да го зголемат ангажманот на корисниците. Дигитализацијата на информациските ресурси доведе до создавање дигитални библиотеки како најкомплексна форма на информациски системи кои поддржуваат зачувување на дигиталните документи со дистрибуирана база на податоци кои може да се складираат и преземаат онлајн.

Како што дигиталните библиотеки продолжуваат да се развиваат нови функции како мултимедијална содржина, алатки за визуализација на податоци и интерактивни искуства се додаваат во софтверот за да ги направат дигиталните библиотеки уште попривлечни и покорисни.

Така, корисниците можат да пристапат онлајн до широк опсег на ресурси, до ретки и непечатени материјали кои може да биде тешко или невозможно да се лоцираат во физичките библиотеки. Не е неопходно да се оди физички и нема временско ограничување. Исто така, нудат различни функции за пребарување и сортирање. Со помош на информатичката технологија и библиотечните услуги базирани на веб, сите информации и содржини се достапни на десктоп/мобилен. Услуги на дигитални библиотеки и услуги на интернет библиотека се термините што се користат за

библиотечни услуги базирани на веб, кои главно се обезбедуваат од порталот на библиотеката кој дава интегриран пристап до различни бази на податоци. Ги собира сите корисни информативни ресурси во една веб-страница која им овозможува на корисниците да ги изберат и да ги видат своите ресурси.

Библиотеките се информациски системи без разлика дали се традиционални или модерни, бидејќи тие собираат, обработуваат, складираат, анализираат и дистрибуираат информации за одредени цели до одредени групи корисници.

Целта на дигитализацијата е да се подобри пристапот и да се унапреди зачувувањето. Дигитализацијата им овозможува на библиотеките да обезбедат виртуелен пристап до содржината со цел да се обезбеди откривање и пронаоѓање на содржината и подобрување на зачувувањето на истата. Ширењето на дигиталните технологии и движењето кон четвртата индустриска револуција треба да се гледа како можност за библиотеките за да ги подобрат услугите за корисниците, одговарајќи на нивните динамични потреби со адаптирање на иновативните дигитални технологии кои се појавуваат, вклучително и виртуелната реалност (VR).

**Дигиталните библиотеки во просторот**

Со доаѓањето на ИТ, библиотеките претрпеа длабока трансформација, преминувајќи од традиционалните физички складишта на книги кон динамични центри за дигитално знаење и информации. ИТ направи библиотеките да се приспособат и да напредуваат во ерата на брз технолошки напредок, од иновативни системи за каталогизација и онлајн бази на податоци до виртуелни ресурси и интерактивни платформи за учење. Оваа промена на парадигмата не само што ја подобри пристапноста и ефикасноста на библиотечните услуги, туку го збогати и корисничкото искуство, обезбедувајќи им на клиентите невиден пристап до огромна и разновидна низа ресурси од целиот свет.

Дигиталните библиотеки одат подалеку од традиционалните и не се ограничени со физичко присуство и време и подлежат на нови можности за организирано складирање, зачувување и пристапување до информации. Тие се вообичаено базирани на дигитални технологии, вклучувајќи компјутер, мрежи, бази на податоци, софтвер, апликации и сл.

Се смета дека физичките библиотеки имаат збирка од исклучиво физички материјали, додека дигиталните библиотеки одржуваат колекција на исклучиво електронски материјали.

Го разгледуваме прашањето за физичките и дигиталните простори во библиотеките како места за работа, соработка, градење заедница, одржување,

складирање, зачувување. Фокусот на овој модел е самиот простор, без разлика дали е физички или дигитален. Просторот мора да постои пред да се соберат, складираат материјалите во него и пред корисниците да дојдат до него. Материјалите, без разлика дали се физички или дигитални, се внесуваат во просторот преку процесот на колекција на развој, а просторот функционира како складиште за овие материјали. Дополнителна вредност се додава на просторот преку организациските структури кои го олеснуваат пристапот. Просторот е важен белег на физичката библиотека; на пример, износот на просторот на подот и просторот на полицата. Премалку простор може, на пример, да ја поттикне библиотеката да инсталира компактни полици за максимално да го искористи постоечкиот простор. Библиотеката треба да биде флексибилна, па така полека тешкиот, блокаден мебел што порано беше вообичаен во библиотеките се заменува со флексибилен мебел што може лесно да се преместува за да се поддржат различните намени на просторот, се користат дигитални пребарувачи, роботи, автоматски терминали за враќање книги, автоматизирани полици за складирање и испорака и многу други моќни алатки за работа. Изборот на мебел што овозможува ергономски и удобни услови за работа ќе ја направи библиотеката уште попривлечно место за посетителите, а најдобриот дизајн на библиотеката е оној што им помага на клиентите да пристапат до содржината и услугите што им се најпотребни. Како што пристапот до содржината се движи кон дигитални или онлајн формати, просторните потреби за физички материјали се намалуваат, оставајќи можност дизајните на библиотеката помалку да се фокусираат на основното складирање книги и повеќе на корисничкото искуство. Библиотеката Тијанџин Бинхаи, благодарение на нејзината популарност на социјалните мрежи поради дизајнот прима преку 10 000 посетители дневно. Футуристичкиот атриум има полици од подот до таванот, кои изгледаат неверојатно, а неговите недостапни полици се полни со слики од книги наместо вистински.

Прашањето за просторот е важно во физичкиот свет бидејќи количината на материјал што може да постои во физички простор е ограничен од големината на просторот и големината на материјали. Така, физичкиот простор силно влијае на повеќето функции на физичката библиотека.

Ова секако не е случај за виртуелниот „простор“ и електронските материјали. Електронските материјали не заземаат физички простор - или, ако може да се каже дека електронските материјали заземаат кој било воопшто физички простор, тие го зафаќаат просторот потребен за низата на дискот на која тие престојуваат. Придобивката од електронските материјали, од перспектива на физичкиот простор, е дека количеството физички материјали кои би заземале голем физички простор може да биде складирани во многу помал физички простор, ако се претворат во електронска форма. На пример,

десктоп компјутерите од висока класа се стандардни со хард-дискови до капацитет од 800 GB, што е количина на податоци еднаква на над осум илјади метри печатени текстуални материјали на полиците (Lyman & Varian, 2000).

Таквите модели на библиотеки диктираат одредени карактеристики на другите елементи, како што е форматот на материјалите што се наоѓаат во библиотеката, медиумите со кои корисниците може да „дојдат" во библиотеката и искуството што веројатно корисниците ќе го имаат од библиотеката, методи на прелистување и пребарување. Понатаму, додека пребарувањето може да биде најефикасниот метод на пристап во физичка библиотека бидејќи таа обезбедува точка на поврзување помеѓу шемата за класификација и физичкиот простор, пребарувањето во дигитална библиотека ги заобиколува и двете и шемата за класификација и виртуелниот простор создаден од неа.

Интеграцијата на информатичката технологија ги поттикна библиотеките експоненцијално да ги прошират своите збирки. Покрај сместувањето физички материјали, библиотеките сега чуваат огромни дигитални ресурси, вклучувајќи е-книги, аудиокниги и онлајн списанија. Дигиталните збирки може лесно да се ажурираат и да се пристапат, одржувајќи ги понудите на библиотеката релевантни и ажурирани. Оваа трансформација ги направи библиотеките подинамични и одговорни на постојано променливите потреби на нивните корисници.

Традиционалните библиотеки се со ограничени простор за складирање. Дигиталните библиотеки имаат потенцијал да складираат многу повеќе информации, едноставно затоа што дигиталните информации бараат многу малку физички простор. Како такви, трошоците за одржување на дигитална библиотека можат да бидат многу пониски од оние на традиционалната библиотека. Физичката библиотека мора да потроши големи суми пари плаќајќи за персонал, одржување книги, изнајмување и дополнителни книги. Дигиталните библиотеки може да ги намалат или, во некои случаи, да ги отстранат овие трошоци. И за двата типа на библиотека е потребен внес на каталогизација за да им се овозможи на корисниците лоцирање и пристап до потребните материјали. Дигиталната работна средина е клучна компонента на дигиталната трансформација. Раните проекти биле во центарот на создавањето на електронски каталог со картички познат како онлајн каталог за јавен пристап (OPAC). До 80-тите години на минатиот век, успехот на овие потфати резултирал со замена на традиционалниот каталог на картички од OPAC во многу академски, јавни и специјални библиотеки. Ова им дозволило на библиотеките да преземат дополнителни наградувачки кооперативни напори за поддршка на споделување ресурси и проширување на пристапот до библиотечните материјали надвор од поединечна

библиотека. Софтверот за институционално складиште е дизајниран за архивирање, организирање и пребарување на содржината на библиотеката. Мрежните технологии формираат уште еден клучен аспект на ИТ, олеснувајќи ја врската и комуникацијата помеѓу уредите и системите локално и преку интернет.

**Предизвици, придобивки и ризици од дигиталните библиотеки**

Информациската технологија продолжува да биде движечка сила во современото општество. Сепак, од суштинско значење е да се решат потенцијалните предизвици, да се максимизираат придобивките од ИТ, а истовремено да се ублажат неговите негативни страни.

Некои од клучните придобивки и недостатоци на информатичката технологија вклучуваат:

Лесен пристап до информации: Дигиталните библиотеки обезбедуваат навремен пристап до ажурирани информации, вклучувајќи наоди од истражувања, написи од вести и мултимедијални содржини.

Пребарување информации: Корисникот е во можност да користи кој било термин (збор, фраза, наслов, име, предмет) за пребарување на целата колекција. Дигиталните библиотеки можат да обезбедат многу лесни за кориснички интерфејси, овозможувајќи со клик пристап до неговите ресурси.

Нема физичко ограничување: Корисникот на дигиталната библиотека не треба да оди физички во библиотеката; луѓето од целиот свет можат да добијат пристап до истите информации, сè додека е достапна интернет врската.

Достапност во текот на целото деноноќие**.** Голема предност на дигиталните библиотеки е тоа што луѓето можат да добијат пристап до информациите 24/7.

***Зачувување:*** Дигиталните библиотеки влегуваат во дигитализирање и архивирање на историските документи и ретки материјали, обезбедувајќи нивна долговечност и пристапност за идните генерации.

***Повеќекратен пристап:*** Корисниците од различни делови на светот можат да пристапат до истите ресурси истовремено, поттикнувајќи меѓународна соработка и размена на знаење. Можеби не важи за материјал заштитен со авторски права: библиотеката може да има лиценца за „позајмување“ само на една копија истовремено; ова се постигнува со систем на управување со дигитални права, каде што ресурсот може да стане недостапен по истекот на периодот на позајмица или откако заемодавачот ќе избере да го направи недостапен (еквивалентно на враќање на ресурсот).

***Простор:*** Додека традиционалните библиотеки се ограничени со простор за складирање, дигиталните библиотеки имаат потенцијал да складираат многу повеќе информации, едноставно затоа што дигиталните информации бараат многу малку физички простор. А технологиите за складирање се подостапни од кога и да било порано.

***Додадена вредност:*** Дигитализацијата може да ја подобри читливоста и да ги отстрани видливите недостатоци, како што се дамки и промена на бојата, фондот.

***Заштеда на трошоци:*** Иако имплементацијата на ИТ инфраструктура може да има однапред трошоци, тоа често води до заштеда на трошоци на долг рок. Автоматизацијата ја намалува потребата за рачна работа, дигиталното складирање ги намалува трошоците за физичко складирање, а онлајн комуникацијата ја намалува потребата за патни трошоци.

***Зголемена ефикасност и продуктивност:*** Автоматизирањето и компјутеризирањето на задачите преку ИТ поттикна иновациски системи кои значително ја зголемија ефикасноста и продуктивноста во библиотеките.

***Безбедносни ризици:*** Со зголеменото потпирање на дигиталните системи и интернетот, заканите за сајбер безбедноста станаа значајна грижа. Хакирањето, прекршувањето на податоците, кражбата на идентитет и други сајбер криминали може да ги загрозат чувствителните информации и да предизвикаат финансиски загуби или штета на репутацијата.

***Загриженост за приватноста:*** ИТ често вклучува собирање и складирање на лични податоци, предизвикувајќи загриженост за приватноста. Злоупотреба или неовластен пристап до лични информации може да доведе до нарушување на приватноста и потенцијална злоупотреба на податоците.

***Нарушено работење:*** Прекините на мрежата, падовите на системот или загубата на податоци може да го нарушат работењето и да доведат до значителен прекин.

***Губење на работата:*** Одредени улоги може да станат застарени, што ќе доведе до губење на работни места за некои работници на кои им недостасуваат потребните дигитални вештини.

## Заклучок

Од оваа кратка стручна анализа може да се заклучи дека дигиталната библиотека е новата структура на традиционалната библиотека. Постојат многу причини за дигитализација на библиотеките, но главната причина за дигитализација е тоа што е од суштинско значење да се допре до корисничките информации со добар квалитет.

Неговото влијание ги надмина конвенционалните граници, воведувајќи ера на пристапност, интерактивност и инклузивност. Преку спојот на технологијата и потрагата по знаење, библиотеките продолжуваат да се приспособуваат и напредуваат, осигурувајќи дека длабокото влијание на информатичката технологија ќе продолжи да ја обликува иднината на овие непроценливи институции. Како што се развива технологијата, библиотеките се подготвени да останат во првите редови на иновациите.

Од библиотекарите се бара да развијат нови вештини и да ја искористат технологијата за да го премостат јазот помеѓу традиционалните и модерните библиотечни услуги, обезбедувајќи пристап до точни информации и ефикасна испорака на услуги.

Виртуелната или дигиталната библиотека станува еден информативен ресурс меѓу многуте, додека физичката библиотека останува светилник на знаење во нејзината заедница.

**Користена литература**


Bandi, S., Angadi, M., & Shivarama, J. (2015). Best practices in digitization: Planning and workflow processes.

Borgman, C. L. (1999). What are digital libraries? Competing visions. Information Processing & Management, 35(3), 227-243.

Herematsh, S. 2019. Technological trends in modern libraries, Volumen 4, Number 63-5, Indian j Libr Sci Inf Techno

Akst, D. (2003). The Digital Library: Its Future Has Arrived. Carnegie Reporter, 2(3), 4-8.

Pomerantz, Jeffrey, and Gary Marchionini. 2007. „The Digital Library as Place“. Journal of Documentation 63(4)


**Abstract**


The paper aims to offer an explanation of the term digitalization, its application in libraries, and to present libraries in physical and digital spaces as places for work, collaboration and community building. By explaining what digitalization actually is, we will indicate what are the benefits that can accure from its rulling, but also the risks of its wide use and we will present the libraries in the digital space opposed to the physical ones. The rapid development of technology in libraries is a good opportunity to introduce innovative development.


**Keywords:** digitalization, library, technology, space.

# Од ракописи до е-книги: историскиот развој на библиотеките

м-р Елена Станкоска, виш библиотекар
Национална Установа Библиотека „Григор Прличев“ – Охрид
elenastankoska@hotmail.com

**Апстракт**

Потребата за култура кај луѓето постоела уште од најстари времиња. Со појавата на писмото полека почнале да се создаваат првите библиотеки во светот. Разните древни цивилизации во минатото граделе велелепни згради за чување на сите ракописни богатства кои ги поседувале. Со тек на време, но и благодарение на културниот развој на луѓето, библиотеките низ историјата претставувале вистинско богатство од вредни книги, ракописи и разни материјали, па така се менувале и се приспособувале на новонастанатите општествени промени. Почнувајќи од првите библиотеки во светот, па до денешни дни на модернизација и висока технологија, библиотеките и библиотекарите имаат улога на чувари и пренесувачи на знаење на традиционален начин, но во последно време и на дигитален начин, преку кој се овозможува пристап до огромни збирки на информации. Целта на овој труд е да се направи компарација на библиотеките од минатото и денес.

**Клучни зборови**: библиотеки, антички библиотеки, модерни библиотеки, библиотекари, книги, е-книги.

**Вовед**

На почетокот, пред појавата на писмото древните цивилизации своите народни традиции, верувања, обичаи, песни и сл. ги раскажувале усно. Подоцна, со развојот на писмото се јавила потребата тие да бидат запишани и за идните генерации. Запишаните глинени плочки, пергаменти, папируси, итн. се чувале во специјални простори за таа намена. Тие простори се познати како библиотеки. Во минатото има многу примери на древни библиотеки, за кои народите знаеле да ја вреднуваат нивната важност и значење. Библиотеките биле нарекувани „куќа на мудроста“, „куќа на науката“ и сл.

Во нив се чувале голем број книги и тоа од различни области како филозофија, математика, историја, грчка, египетска, персиска и други книжевности.

Подоцна, се појавиле манастирските библиотеки во кои се чувал библиотечен фонд претежно со теолошка и богословска содржина. Манастирските библиотеки биле чувари на голем број оригинални и ретки ракописи и содржини како во христијанскиот, така и во исламскиот свет.

Со појавата на феудализмот започнал развојот на европските градови, во кои се развиле првите универзитети и универзитетски библиотеки во Европа. Со новите промени во општеството, библиотеките пронашле иновативен начин да ги приближат своите ресурси до сите граѓани. Благодарение на библиобусот, библиотеките се поблиску до граѓаните кои живеат во руралните и тешко пристапни области.

Денес, во услови на современо живеење и висок степен на технолошки иновации, библиотеките се лесно достапни до сите заинтересирани граѓани. Мобилните и веб-апликации нудат можност за онлајн пребарување во сите библиотеки низ светот, можност за онлајн продолжување на позајмената граѓа, итн. Во 21 век, сè почест е случајот во секојдневното библиотечно работење да се користи вештачка интелигенција и дигитализација на книжниот фонд.

**Библиотеките низ вековите**

Развојот на писмото опфаќа неколку фази. Во првите времиња, пред појавата на писмото, луѓето комуницирале меѓу себе со помош на разни средства, кои се познати како мнемотехнички средства. Тој начин подразбира испраќање на разни предмети или знаци кои пренесуваат одредена порака од испраќачот до примачот на пораката. Како препознатливи знаци кои се користат и денес, меѓу другите се белиот чад, белото знаме – како знак за предавање, сообраќајните знаци и други. Кај цивилизациите со повисок степен на развој се практикувала употреба на кипуи, што всушност претставува средство за запишување на човековите мисли со врзување јазли, рабуши, итн. Бидејќи човековата свест се развивала, од голема потреба било да се пронајдат поедноставни начини за запишување на мислите и нивно пренесување. Културната историја на човештвото започнува со појавата на сликовното – пиктографско писмо.[1] Луѓето на почетокот користеле сликовно писмо преку кое ги искажувале своите мисли, чувства, пренесувале пораки и сл. Вакви зачувани сликовни писма – пиктограми кои се во добра состојба има и денес во пештерите во Шпанија, Франција и други земји. Во Египет се користеле хиероглифи што е форма на сликовното писмо, а Маите како древна

[1] Петровски, Д. *Библиотекарство.* Битола: Универзитет „Св.Климент Охридски“ , Факултет за учители и воспитувачи. 1998. стр. 9.

цивилизација за пишување користеле комплексен систем на сликовно писмо, кој е зачуван на некои камени споменици или храмови. Како писма со светско значење се истакнуваат кинеско писмо, клинесто, египетско, критско и други писма кои до денес дел од нив за жал сè уште не се дешифрирани. Овие писма се од непроценливо значење затоа што како форми на запишување овозможуваат да разбереме историски настани, култури и цивилизации кои живееле многу години пред нас. Овие писма претставуваат основа за развој на нови форми на пишување и комуникација, имаат едукативна, уметничка и естетска вредност и се дел од културното наследство на човештвото. Како материјали за пишување биле користени коски од животни, камен, глина, восок, дрво, платно, метал, папирус, пергамент, а потоа се пишувало на хартија, како најсовршен материјал за пишување. Појавата на првите библиотеки во светот биле чувари на голем број пишувани содржини на разни материјали.

Како една од најпознатите древни библиотеки се истакнува библиотеката на царот Асурбанипал (668-626 г. пр. н. е. ), во која се проценува дека имало над 200 000 книги, односно глинени плочки со разни содржини во градот Нинива, денешен Мосул во Ирак. Царот Асурбанипал вложил големи напори за собирање текстови од целиот свет кои опфаќале астрономија, математика, историја, медицина, граматика, религија и друго. Меѓу најпознатите пронајдени текстови во библиотеката на царот Асурбанипал е „Епот за Гилгамеш“. Исто така, меѓу најпознатите древни библиотеки е библиотеката во Александрија која претставува симбол на интелектуалниот и културниот напредок на античкиот свет. Во оваа библиотека се верува дека работеле и до 100 луѓе кои имале голем број придобивки и предности како на пример имале висока плата, бесплатна храна и не биле обврзани да плаќаат даноци. Еден од најпознатите библиотекари бил Калимах, кој ја создал првата библиотечна каталогизација, т.н. Калимахов Пинакс. Во каталогот текстовите биле подредени според предмет и автор и истиот бил распореден во групи по литературни видови.

Развојот на старогрчките библиотеки започнува во вековите во кои живееле Аристотел и Платон. Во 3-тиот век пр. н. е. во Атина и во другите поголеми грчки градови постоеле приватни, јавни и школски библиотеки. Во времето на царот Константин Велики се претпоставува дека во Рим постоеле околу 28 јавни библиотеки.[2] Во Римската империја се создале првите јавни библиотеки кои биле достапни за сите граѓани.

Низ светската историја понатака се појавиле манастирските библиотеки во кои се чувале и препишувале голем број ракописни дела, библиски текстови, средновековни ракописи, итн.

---

[2] Khattab, Đ. *Historijabibliotekastaroginovogvjeka.*стр.37.

Со отворање на нови универзитети, како составен и важен дел на образованието и науката во склоп на новите универзитети, се отвориле универзитетски библиотеки. Меѓу најпознатите се универзитетот во Сорбона, Оксфорд, Кембриџ, универзитетот во Виена и многу други. Како и порано, така и сега библиотеките се важен дел од општествениот живот и се во улога на поддржувачи на граѓанското образование.

**Важни моменти во историјата на библиотеките**

Во 1440 година германскиот пронаоѓач Јоханес Гутенберг ја пронашол печатарската машина и ја започнал печатарската револуција во Европа. На тој начин, значително се зголемил бројот на книги, но се поедноставило и нивното производство. Во годините што следеле се зголемил бројот на нови јавни библиотеки во Европа и Америка.

Во 20-тиот век дошло до појава на библиобусите, како интересен, но значаен поддржувач на знаењето, образованието, науката и културата. Библиобус претставува подвижна библиотека која ги доближува своите услуги кон граѓаните кои немаат можност да дојдат до библиотека. Обично, се работи за граѓани кои живеат во тешко пристапни или рурални и неразвиени места. Библиобусот се појавил во 20-тиот век и се користел во Советскиот сојуз, Германија, Франција, скандинавските земји и Велика Британија. Првиот библиобус во САД бил развиен од страна на  Мери Лемист Титкомб (Mary LemistTitcomb).[3]

Во Англија првиот библиобус започнал со работа во 1857 година во градот Варингтон. Придобивките од библиобусот се однесуваат на пристап до информации за сите луѓе без разлика на пол, возраст, образование и сл., го промовираат читањето и навиките за читање, ја подигнуваат свеста за образование, даваат безрезервна поддршка на учењето, итн. Како позитивни примери од користење на мобилни библиотеки или библиотеки на тркала во светот се издвојуваат подвижната библиотека на магаре во Колумбија (Biblioburro), подвижна библиотека на камили во Кенија, подвижна библиотека на брод во скандинавските земји, летечки библиотекар (Flying librarian Program) во Австралија – програма која користи авиони за да достави книги до изолираните и рурални области во Австралија, познатиот библиобус во Италија и многу други. Во Македонија, за првпат мобилната библиотека почнала со работа во

[3] Akbari, Atul. „Services for Everyone in Everywhere: A Mobile Library.“ *ResearchGate*, August 31, 2019. https://www.researchgate.net/publication/335516875_Services_for_everyone_in_everywhere_a_Mobile_Libraryпристапено на 09.07.2024.

1968 година.[4] Целта била да се донесе книгата поблиску до граѓаните, особено до тие кои живеат во рурални средини каде нема постојани библиотеки.

Програми со инфобус кај нас се користат во Градската библиотека „Браќа Миладиновци" од Скопје, Универзитетската библиотека „Гоце Делчев" од Штип, библиотеката „Благој Јанков Мучето" од Струмица и други.

**Модерни библиотеки – дигитална револуција**

Со појавата на интернетот и компјутерите, библиотеките значително се променија. Нивните услуги станаа подостапни за поголем број корисници, а во последно време сè почесто се користи дигитализација на книжниот фонд. Во манифестот за дигитални библиотеки стои дека дигитална библиотека претставува онлајн збирка на дигитални објекти со проверен квалитет кои се достапни на интернет.[5] Благодарение на интернетот и дигитализацијата на книжниот фонд, настана револуција во библиотекарството, со што се овозможува лесен пристап до огромни збирки на книги и информации. Современите библиотеки претставуваат технолошки напредни центри кои нудат разни дигитални услуги, како и разни образовни и културни програми наменети за општествената заедница.

Почетокот на дигитални библиотеки започнува во 1991 година кога американската Национална фондација за наука финансиски помогнала и поддржала неколку работилници со тема за тоа како да се направи дигитална библиотека.[6] Со помош на дигитализацијата се овозможува пренос на библиотечен материјал во дигитална форма во збирки, кои корисниците можат во секое време да ги пребаруваат. Од библиотечна гледна точка, дигиталните библиотеки се организации кои пренесуваат и обезбедуваат дигитални информации.[7]

Почетокот на идејата за дигитални библиотеки започнува во периодот после Втората светска војна. Најстарата дигитална библиотека е проектот Гутенберг која бил основан во 1971 година со цел создавање на дигитални верзии на книги и нивно бесплатно поставување на интернет. Проектот Гутенберг има околу 60.000 бесплатни електронски книги кои се достапни за симнување и читање.[8] Во 90-тите започнал процесот на помасовна дигитализација на библиотеките. Меѓу првите проекти за

[4] Стефаноска, А. *Хронологија на значајни обележја од развојот на библиотекарството во Македонија.* Скопје: Библиотекарско здружение на Македонија, 2015. стр. 58.

[5] https://cdn.ifla.org/wp-content/uploads/files/assets/digital-libraries/documents/ifla-unesco-digital-libraries-manifesto-sr.pdf пристапено на 10.07.2024.

[6] Calhoun, K. (2014). Exploring, Digital Libraries Foundations, Practice, Prospects. Journal of Hospital Librarianship, 14. пристапено на 10.07.2024.

[7] Трајанова, Т., Јоновска-Стефковска, Б. *Дигитализација на книжевната граѓа.*Скопје: Институт за македонска литература. стр.338.

[8] Босанац, У. *Дигиталне збирке Националне и свеучилишне књижнице у Загребу.* Загреб: Филозофски факултет. 2023. стр.20.

дигитализација на библиотеките се издвојуваат проектот DELOS, што претставува интернационално списание чија тема е дигитализација;[9] проектот Mercury од 1991 година;[10] проектот CORE преку кој се скенирале над 400.000 страници од 20 списанија за хемија;[11] големите американски проекти DLI-1 и DLI-2 од 1994 година кои биле финансирани од Националната научна фондација, НАСА и Агенцијата за одбранбени истражувања;[12] проектот Europeana – европска дигитална библиотека чиј основач е Европската асоцијација на библиотеки, музеи и архиви; проектот Milion Book од 2002 година кој прераснал во Universal Digital Library;[13] Google Books кој Google го реализирал во соработка со големите светски библиотеки[14] и многу други проекти чија цел е дигитализацијата. Библиотеките постојано се во чекор со последните општествени и технолошки промени и достигнувања. Библиотекарите имаат сериозна задача да бидат пренесувачи на знаење, но и да вршат едукација на корисниците за технолошките активности, програми и проекти. Во последно време, библиотеките сè почесто ја користат вештачката интелигенција во секојдневното библиотечно работење. Меѓу библиотеките кои ја користат вештачката интелигенција се;

- Националната библиотека во Франција која има дигитална платформа наречена Gallica. Оваа платформа содржи милиони дигитализирани книги, карти, стари ракописи, фотографии и други документи;[15]
- Британската библиотека води проект „Turning the Pages" кој овозможува виртуелно прелистување ракописи и други ретки книги;
- Национална библиотека на Норвешка – целта е да се дигитализираат сите книги, весници и списанија во Норвешка од 1814 година.

Еден интересен пример за користење на вештачка интелигенција во библиотеките е примерот во библиотеката во Херкуланеум. Херкуланеум бил древен римски град, кој заедно со Помпеја бил уништен од ерупција на вулканот Везув. Археолошките ископувања откриле добро сочувани згради, мозаици, фрески и разни свитоци, односно текстови. Со користење на вештачка интелигенција дел од текстовите се дешифрирани, со што се овозможува откривање нови работи за античката култура и традиција. Уште еден пример за користење дигитализација во библиотеките е проектот

[9] Calhoun, K. Exploring, Digital Libraries Foundations, Practice, Prospects. Journal of Hospital Librarianship, 14.2014.
[10] Исто. стр.10.
[11] Исто.
[12] Calhoun, K. Exploring, Digital Libraries Foundations, Practice, Prospects. Journal of Hospital Librarianship.2014. стр.16.
[13] http://ulib.isri.cmu.edu/пристапено на 10.07.2024.
[14] Трајанова, Т., Јоновска-Стефковска, Б. *Дигитализација на книжевната граѓа.*Скопје: Институт за македонска литература. стр. 339.
[15] https://www.bnf.fr/en/gallica-bnf-digital-libraryпристапено на 10.07.2024.

„Scribes of the Cairo Geniza“ кој вклучува дигитализација на ракописи од Каирската генеза.

Во светот голем е бројот на програми и проекти чија цел е дигитализација на книжниот фонд. Вакви програми употребуваат речиси сите поголеми библиотеки како Националната библиотека на Австралија, Конгресната библиотека во Вашингтон, познатите универзитети како Стенфорд, Оксфорд и други, Кралската библиотека во Данска, Германската национална библиотека, итн.[16]

И земјите од нашето соседство во своето секојдневно библиотечно работење користат дигитализација на своите книжни фондови и креираат уникатни програми, користејќи ги делата на познати писатели, поети и други личности, или стари и вредни книги, ракописи и сл. Библиотеките во Србија имаат неколку значајни проекти кои се однесуваат на дигитализација. Меѓу нив се Народната библиотека на Србија, универзитетската библиотека „Светозар Марковиќ“ чија дигитална збирка вклучува дигитализација на книги, научни трудови, дисертации и други образовни материјали, библиотеката Матица Српска, САНУ, библиотеката во Нови Сад, Јагодина и други. Библиотеката од Јагодина има проект „дигитален граѓанин“, чија цел е преку неговата имплементација јавните библиотеки да се трансформираат во дигитални, иновативни и образовни центри за развој на дигитални компетенции, знаења и вештини кај децата и кај возрасните.[16]

Кај нас постои дигитална библиотека на Република Северна Македонија при Националната Библиотека „Свети Климент Охридски“, која има обврска за дигитализација на редок библиотечен материјал.[17] Исто така, дигитализација на материјали од културно и историско значење врши и Градската библиотека „Браќа Миладиновци“ од Скопје. Дигитализирани се стари и ретки книги, разгледници, фотографии, ракописи и сл.[18] МАНУ има проект за дигитална база на податоци на македонските дијалекти, кој е наменет да овозможи зачувување, преглед и пребарување на околу 50.000 дијалектни лексеми.[19]

Библиотеката при Институтот за македонска литература има проект за дигитализација на својата книжевна граѓа – Дигитална библиотека на ИМЛ. Оваа дигитална библиотека е идеална за сите кои сакаат да ги прочитаат изданијата на Институтот за македонска литература кои веќе не се печатат и кои се исцрпени, а кои се барани од страна на корисниците, како на пример зборник на трудови посветени на

[16] Ѓалевска, Ж. *Примена на вештачката интелигенција во библиотеките.* Достапно на https://bibliotekastrumica.org.mk/wp-content/uploads/2024/06/Binder1.pdf

[16] Танасијевиќ, С., Пешиќ, И. *New normal изазови и могучности за библиотеке – пример добре праксе Digital citizen(ship).* Вишеград: Друштво библиотекара Републике Српске. 2023. стр.243.

[17] http://www.dlib.mk/ пристапено на 10.07.2024.

[18] https://digitalna.gbsk.mk/index.php пристапено на 10.07.2024.

[19] http://dict.manu.edu.mk/ пристапено на 10.07.2024.

„Животот и делото на Григор С. Прличев“ и „Творештвото на Ацо Шопов“, чиј тираж е целосно исцрпен.[20]

**Заклучок**

Библиотеките од нивниот почеток и развој биле средиште на наука, образование и култура. Луѓето уште од порано, од древните цивилизации ја знаеле важноста на библиотеките. Библиотеките поминале низ значителна еволуција, почнувајќи од антиката, па до денес, претворајќи се од скромни колекции на ракописи и свитоци во напредни дигитални информативни центри. Со промените во општеството, и библиотеките ги следеле новонастанатите промени и биле секогаш во чекор со нив. Во античкиот период, библиотеките и манастирските библиотеки играле клучна улога во зачувување на знаењето и културното наследство. Денес, вештачката интелигенција и дигитализацијата на книжниот фонд претставуваат нова фаза во еволуцијата на библиотеките, притоа овозможувајќи им да продолжат да бидат центри на знаење и култура. Библиотеките биле и продолжуваат да бидат организации кои го пренесуваат и поддржуваат знаењето.

**Користена литература**


Akbari, Atul. (2019). „Services for Everyone in Everywhere: A Mobile Library“. *ResearchGate*.

Босанац, У. (2023). *Дигиталне збирке Националне и свеучилишне књижнице у Загребу*. Загреб, Филозофски факултет.

Ѓалевска, Ж. *Примена на вештачката интелигенција во библиотеките.* https://bibliotekastrumica.org.mk/wp-content/uploads/2024/06/Binder1.pdf

Calhoun, K. (2014). Exploring, Digital Libraries Foundations, Practice, Prospects. Journal of Hospital Librarianship.

Khattab, Đ. *Historijabibliotekastaroginovogvjeka.*

Котовчевска, С. (2011). *Библиотеките во средниот и новиот век.* Скопје, Министерство за култура на Р.Македонија.

Петровски, Д. (1998). *Библиотекарство.* Битола, Универзитет „Св.Климент Охридски“ , Факултет за учители и воспитувачи.

Станковиќ, Д. *Дигиталне библиотеке.* Образовна технологија, бр.1-2/2009.

Стефаноска, А. (2015). *Хронологија на значајни обележја од развојот на библиотекарството во Македонија.* Скопје, Библиотекарско здружение на Македонија.

Танасијевиќ, С., Пешиќ, И. (2023). *New normal- изазови и могучности за библиотеке – пример добре праксе Digital citizen(ship).* Вишеград, Друштво библиотекара Републике Српске.

Трајанова, Т., Јоновска-Стефковска, Б. *Дигитализација на книжевната граѓа.* Скопје, Институт за македонска литература.


[20] Трајанова, Т., Јоновска-Стефковска, Б. *Дигитализација на книжевната граѓа.*Скопје: Институт за македонска литература. стр.345.

**Користена онлајн литература**

ifla-unesco-digital-libraries-manifesto-sr.pdf
http://ulib.isri.cmu.edu/
http://www.dlib.mk/
https://digitalna.gbsk.mk/index.php
http://dict.manu.edu.mk/
https://www.bnf.fr/en/gallica-bnf-digital-library

**Abstract**

The need for culture among people has existed since ancient times. With the emergence of writing, the first libraries in the world gradually began to form. Various ancient civilizations built magnificent buildings to house all their manuscript treasures. Over time, and thanks to the cultural development of people, libraries throughout history have represented the true wealth of valuable books, manuscripts, and various materials. Thus, they have changed and adapted to new social changes. From the first libraries in the world to the present day of modernization and high technology, libraries and librarians have played the role of guardians and transmitters of knowledge in a traditional way, but recently also in a digital way, enabling access to vast collections of information. This paper aims to compare libraries of the past and present.

**Keywords:** libraries, ancient libraries, modern libraries, librarians, books, e-books.

# Улогата и значењето на издавачката дејност во библиотеките

Милкица Масева, библиотекар
ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ - Струмица
milkica.masseva@yahoo.com

**Апстракт**

Издавачката дејност е издавање, дистрибуција и промет на публикации во печатен и електронски облик во повеќе примероци кои се наменети за јавноста. Издавач е правно лице регистрирано за вршење издавачка дејност. Издание се сите примероци на една публикација од истото оригинално дело што го издал издавачот без оглед на медиумот на кој е издадено. Во ова излагање се излегува од границите на Законот за вршење издавачка дејност и се дава послободно толкување на одредени прашања во поглед на формата и содржината на издаваштвото со цел размена на идеи за добри практики. Денес, библиотеките не се само складишта за книги, туку и платформи за пристап до културна содржина, за добивање информации, за производство и регенерирање на знаењето. Затоа се става акцент на трансформацијата на веб-страниците на библиотеките во вистински издавачки проекти, оти служат како виртуелно продолжување на физичкиот простор и обезбедуваат пристап до ресурси, услуги, информации, интересни податоци и до творби од автори учесници на конкурси.

**Клучни зборови**: библиотека, издавачка дејност, платформа, веб страници.

Основна цел на јавните библиотеки е да го поддржат читањето и да создадат еднакви услови за пристап до информации, материјали за читање, за да да им помогне на луѓето да учат, да работат, да спроведуваат истражувања на различни нивоа и да уживаат во приказните раскажани од мајсторите на пишаниот збор. Активноста на читање помага во градењето на културниот идентитет и им дава сила на граѓаните во едно демократско општество. Библиотеките, во суштина, во еден свој дел претставуваат и сервиси на граѓаните за користење на сите видови издадени публикации во книжен и електронски облик. Тие се трезори каде се чува националното книжно богатство.

Издавачката дејност, пак, во една библиотека, се однесува на процес на објавување различни видови печатени и електронски публикации од различни видови библиотеки, како што се национални, истражувачки, универзитетски, специјални,

училишни и јавни библиотеки. Процесот вклучува и дигитални библиотеки како посебен вид библиотеки кои, сами по себе, се сметаат за издавачки проект.

Во нашата библиотека, издавачката дејност, подразбира издавање, дистрибуција и промет на публикации во печатен облик во повеќе примероци наменети за јавноста. Во суштина, со издавачката дејност, библиотеката се стреми кон поголема достапност на делото до пошироката јавност.

Библиотеките, денес, сè повеќе, нудат бројни услуги кои ги надминуваат „едноставните“ функции фокусирани на книги, позајмување и користење читална. Не се само складишта за книги, туку и платформи за пристап до културна содржина, за добивање информации, за производство и регенерирање на знаењето. Голем број библиотечни активности се, всушност, „издавачки“, и бараат од библиотекарите да имаат знаење и вештини за да ги управуваат. Со широката употреба на веб-сајтови, овие компетенции стануваат неопходни. Без разлика дали се објавуваат избрани библиографии, каталози на изложби или списанија, интернетот ги трансформира веб-страниците на библиотеките во вистински издавачки проекти.

Затоа, во ова излагање се дава поинаков пристап во улогата и значењето на издавањето како дејност во една библиотека. За каков пристап станува збор? Тргнуваме од премисата дека технологијата ја промени самата идеја за публикување и дека преминувањето од печатено на онлајн објавување влијае на улогата на библиотеките и нивната способност да преземаат нови улоги како издавачи и се налага прашањето, има ли нови, можеби, футуристички замисли, во кои библиотеките ќе бидат инволвирани како издавачи. Ќе се наведе пристап каде што се става акцент на библиотеките како платформа за пристап до културна содржина, за добивање информации, за производство и регенерирање на знаењето, преку веб-страниците како дел од културната и општествена функција на библиотеките за дистрибуција на литературна мисла и активност како готов производ, достапен до повеќе читатели.

Добро структурирана веб-страница и социјална мрежа е витално богатство за секоја модерна библиотека. Служи како виртуелно продолжување на физичкиот простор и обезбедува неопходна платформа за корисниците да пристапат до ресурси, услуги, информации, интересни податоци и до творби од автори учесници на конкурси. Ги истакнува претстојните настани, работилници и програми кои се грижат за различни возрасни групи и интереси. Веб-страницата е литературен рај со воодушевувачки написи, препораки за книги, академски разговори, објавени трудови од конференции и форуми, претставувајќи комбинација на привлечна естетика со корисен материјал. Пронаоѓањето на совршената книга или ресурс е лесна работа благодарение на корисничките можности за пребарување и едноставна навигација.

Зошто сето ова би се сметало за издавачки проект? Затоа што да се издаде и објави, значи да се направи содржина достапна за пошироката јавност. Иако специфичната употреба на терминот може да варира меѓу земјите, таа обично се применува на текст, слики или друга аудио-визуелна содржина, вклучително и хартија (весници, списанија, каталози, итн.), како што е издаваштвото во вистинска смисла на зборот. Што значи објавената содржина? Тоа значи да се направат достапни информациите за луѓето, особено во книга, списание, весник и на социјална мрежа, или да се произведе и продаде книга, списание или весник.

Издавачката индустрија не е ограничена само на физички печатени дела, туку се појавува и како дигитална информација, а индустријата за книги сега објавува и во блогови, на веб-страници и други електронски формати. Кои работи се објавуваат? Книгите, приказните во весниците и статии во списанијата може да се опишат како објавени, но исто така и онлајн содржини како есеј или пост на блогови, па дури и фотографија на социјалните мрежи.

Во иднина, библиотеката треба да промовира култура на учење и истражување преку објавување виртуелни работилници, онлајн курсеви, дигитални изложби и креативни проекти со едукативна и информативна содржина, вклучувајќи содржини како интервјуа со автори. Се разбира сето тоа, на наше огромно задоволство, би можело да биде испечатено и во книжен фонд како доказ за плоден ангажман на сите вработени. Да не се заборави да се каже, библиотеката „вложува“ и во електронски книги иако евидентно е отсуството на аудиокниги кои во последните години доживуваат забележителен пораст и интерес во светот.

Сепак, традиционално, терминот издаваштво, се однесува на создавање и дистрибуција на печатени дела, како што се книги, стрипови, весници, списанија и сл. Библиотеката, досега, од евиденцијата на доделените ISBN броеви, се има појавено како издавач на околу стотина монографски публикации. Библиотеката, и во иднина, ќе го негува издаваштвото во контекст на објавување нови содржини за популаризација на книгата и доближување на пишаниот збор до читателите и збогатување на културно-уметничкиот и литературен живот во општината.

**Резиме:** Како заклучок, без сериозна дистрибуција на културните добра, нема ни сериозни културни добра. Библиотеките, како „креативни индустрии“ во поглед на издаваштвото, треба да се вложат во поголема дистрибуција и пристапност на книгата до читателот и самото Министерство за култура треба да даде поголема поддршка на нови идеи за да „уметничката литература“ го најде својот пат до читателот. Може да се каже дека ова излагање дава идеја за современо сфаќање на „издаваштвото“ односно „издавачката дејност“, гледано како општествена и социолошка категорија.

Размислување со цел творечкото изразување да ги надмине институционалните норми и рамки и за достигнување високи дострели на културно опстојување и достапност.

**Користена литература:**

Туџаровска – Ќупева, Б. 2012. Македонската книжевност во контекст на издавачката дејност во Република Македонија (1991 – 2007). Скопје: ВиГ ЗЕНИЦА.

**Онлајн-извори**

https://www.sciencedirect.com/topics/computer-science/library-publishing, (пристапено на: 1.9.2024)

https://en.wikipedia.org/wiki/Library_publishing,(пристапено на: 1.9.2024)

**Abstract**

In conclusion, without serious distribution of cultural goods, there are no serious cultural goods. Libraries, as "creative industries" in terms of publishing, should invest in greater distribution and accessibility of the book to the reader and the Ministry of Culture itself should give more support to new ideas so that "artistic literature" finds its way to the reader . It can be said that this presentation gives an idea of the modern understanding of "publishing" i.e. "publishing activity" seen as a social and sociological category. Thinking in order for creative expression to transcend institutional norms and frameworks and to reach high levels of cultural persistence and accessibility.

**Keywords:** library, publishing, platform, websites.

# Приложение на библиотерапията в библиотеките

Славина Кацарска, библиотекар-експерт
Регионална Библиотека „Димитър Талев“ - Благоевград
*Р Бугарија*

**Увод**

Библиотерапията е слабо позната в българската практика и рядко се прилага в дейността на библиотеките. Често приложението ѝ е резултат от случайно съчетаване на няколко техники по инициатива на различни библиотечно-информационни работници. Тези тенденции изискват един нов поглед и възможност за изграждане на актуална и работеща стратегия за използване на библиотерапията от по-широк кръг специалисти.

Използването на библиотерапията в работата на библиотеките несъмнено ще съдейства за повишаване на нейния авторитет като социална институция. Това е нова набираща популярност форма на работа с читатели и средство за справяне със стреса. Във време на забързано ежедневие и психическо натоварване е най-важно да запазим психологическото, емоционално и душевното си състояние. В такива ситуации се нуждаем от чудодейно лекарство, а кое би било най-подходящо, ако не книгите.

**1.Защо е важна библиотерапията?**

Понякога човек не знае как да изрази своите емоционални страхове. Ако тези състояния се омаловажават, това води до по-сериозни психологически проблеми, причиняващи сериозни щети, които могат да са и непоправими.

Емоционалните страхове провокират психични проблеми - тревожност (стрес), страхова невроза, мъка на загубата, безсъние, кошмари. Това са състояния, които освен психични проблеми водят и до спад на имунната система.

Психоневроимунологията или психоимунологията спада към най-значителните области н модерното медицинско изследване. Тя осведомява за взаимодействията между психиката, нервите и имунната система, т.е. „психосоматиката”. Американският психолог Робърт Адер (1932-2011), през 1974 г. доказва експериментално, че имунната система работи съвместно с централната нервна система и се учи от нея.

Затова полезна стратегия, която може да бъде приложена в такава ситуация, е библиотерапията.

**2.Определение за библиотерапия.**

Етимологията на термина „библиотерапия” е комбинация от гръцките думи „βιβλίο” [vivlío] – книга и „θεραπεία” [therapeia] – терапия / лечение. Буквалният му превод е „лечение чрез книги”, в научната литература могат да се срещнат термините „библиотерапия”, „лечебно четене”, „направлявано четене”, „терапевтично четене” и др. Има много определения на самото понятие в зависимост от призмата, през която се разглежда, и областта, в която се прилага. Библиотерапията се намира на границата между медицината, психологията, педагогиката и не на последно място - библиотекознанието.

Основните начини, по които се възприема, са:

- ***Спомагателно лечебно средство***

Според лекарите тя се явява метод на психотерапията, използван за психическо въздействие върху болния с лечебна цел. Използва се за корекция на състоянието при определена диагноза с помощта на специално подбрана литература. Процесът на лечение не винаги е осъзнат и търсен, хората инстинктивно намират сила в четенето на определен вид литература. Създават си свят, в който по-лесно преминават през болестта.

***- Ръководене на четенето или направлявано четене***

При него с моделите на поведение от художествените произведения се дава основа за преосмисляне и промяна на собствените възгледи. Мотивира се личността за промяна и решаване на проблемите чрез литературни проекции. Тук книгата не се разглежда като лечител, а като източник на възможни решения. Този процес може да бъде част от организирана дейност с помощта на специалист или да се извършва самостоятелно от читателя.

Обобщено можем да кажем за библиотерапията - това е използване на различни материали за четене, които служат и подпомагат лечение с терапевтична насоченост на лица с различни проблеми.

**3. Видове библиотерапия**

*3.1. Терапевтична библиотерапия*

Терапевтична библиотерапия - включва използването на специфични материали за четене и работни книги за справяне с различни проблеми, свързани с психичното здраве. Самопомощта може да се провежда с или без ръководството на терапевт. А когнитивно поведенческо терапевтът, който преподава на някой техники за дълбоко

дишане и регулиране на емоциите, може да предостави на това лице практическа работна книга, която да се използва у дома.

3.2. Книги по рецепта

Книги по рецепта е модел, при която материалите за четене, насочени към специфични нужди на психичното здраве, се „предписват“ от специалисти по психично здраве, за да намерят подходящите книги. Повечето библиотеки в Съединените щати носят набор от книги от одобрения списък за тази цел, често предоставяйки като списък с книги на своя уебсайт.

***3.3. Творческа библиотерапия***

Творческа библиотерапия използва въображаема литература - романи, разкази, поезия, пиеси и биографии - за подобряване на психологическото благосъстояние. Чрез включването на внимателно подбрани литературни произведения терапевтите често могат да насочват хората на лечение към пътешествие на самооткриване. Този метод е най-полезен, когато хората могат да се идентифицират с даден герой, да изпитат емоционален катарзис в резултат на това идентифициране и след това да получат представа за собствения си житейски опит.

**4. Техники на библиотерапията**

Техники на библиотерапията се използват изключително широко в редица психотерапевтични направления. Този факт само доказва широкия спектър от методи, с които може да се подкрепя пациента или читателя в зависимост от необходимостта, която имат.

Някои основни техники, които могат да служат като база за психотерапевти или консултанти по библиотерапия, описани в книгата на Дончо Донев и Минчо Николов - Наръчник за консултанти по библиотерапия (библиотекари). Това са:

*4.1. Библиорецептурник*

С това понятие се обозначава списъкът с книги, които са предназначени за четене от определен човек. Съставянето и използването на библиорецептурник е една от основните библиотерапевтични техники.

Библиорецептурникът не е прост сбор от заглавия, разглеждащи проблем, сходен с този на читателя. Списъкът трябва да бъде съобразен както с конкретната житейска ситуация, в която се намира личността, така и с нейните индивидуални особености, социален опит, образователно или интелектуално ниво.

Библиорецептурникът се съставя за всеки конкретен читател и за всяка отделна ситуация. По своята същност този списък представлява план за действие на библиотерапевта. Чрез него се „начертава пътят”, който читателят ще „извърви”,

подкрепян от библиотерапевта. Важно е да се уточни, ще библиорецептурникът е динамичен. В процеса на терапията може да се променя, като определени заглавия се подменят с други, отпадат, добавят се нови или се разменя последователността им. Това зависи изцяло от личността на читателя и преценка на библиотерапевта.

*При подбора на произведения за библиорецептурника следва да се спазват няколко основни критерия:*

*= Художествени литературни произведения*

*= Тематична обвързаност с актуалните потребности на читателя*

*= Поддържане интереса и мотивация за четене*

*= Съобразеност с конкретните цели на библиотерапията.*

Много често, когато стане въпрос за библиотерапия, първосигнално възниква представата, че читателят трябва да получи информация за своето състояние, както и конкретно решение. Затова в този случай се препоръчва научна литература или така наречените книги за самопомощ. За целите на библиотерапията обаче по-подходящи са художествените произведения. Ако човек се чувства самотен, той няма нужда да знае какво точно представлява самотата или колко типа самота съществуват (нещо, което биха му дали научните разработки по темата), още по-малко е нужно да знае как сам си е причинил това или какво не прави „както трябва” (често срещан подход при книгите за самопомощ). Художествената литература представя на читателя по ненатрапчив начин различни гледни точки към ситуацията, в която се намира. Позволява му да се идентифицира с герои, преодолели сходен проблем, което повишава личната мотивация за справяне. Позволява му да преживее емоционалните и социалните последствия от положението, в което се намира или да се подготви за тях. Оказва му подкрепа - съществуват и други хора, които реално са преживели подобни кризи. Именно тези възможности на художествената литература са в основата на библиотерапията.

4*.2. Стопиране на четенето*

След като читателят е получил задача да прочете определено произведение до следващата си среща с консултанта по библиотерапия, може да му бъде показан и начинът, по който да извършва самото четене.

*Техника стопиране на четенето може да се прилага, когато:*

*= читателят няма формиран навик за четене на дълги текстове;*

*= консултантът по библиотерапия иска да провокира фантазното мислене на читателя;*

*= необходимо е да се помогне на читателя да вникне (мисловно и емоционално) в текста.*

Прилагането на тази техника изисква при четене на дадено литературно произведение читателят да спре на определено място. Това място се определя от консултанта по библиотераия или библиотерапевта.

Важно е четенето да се прекъсне преди да бъде завършена дадена сюжетна линия. По този начин читателят не получава авторовото развитие на вече започналото действие. Ако текстът е породил интерес у читателя, той със сигурност ще иска да разбере „какво става след това". Следвайки забраната за четене след отбелязаното място, читателят ще започне да предполага как се развива сюжетът. Той ще се опитва да предусети логиката на автора, за да завърши вместо него действието.

Този подход може да помогне на читателя да осъзнае, че ситуациите в които изпадаме могат да имат различни и много варианти за изход и кризата, в която той се намира не е изключение.

*4.3. Библиотерапевтичен читателски дневник*

Почти всеки човек е виждал или водил личен читателски дневник. Някои педагози използват този метод за да стимулират своите ученици да четат. Други го прилагат като начин за контрол над четенето – дали ученикът наистина е прочел даденото произведение.

Библиотерапевтичният читателски дневник е малко по-различен. В него фокусът не е върху самото произведение, а върху читателя. Този читателски дневник се отнася само за произведение, препоръчано от консултанта по библиотерапия. Техниката се прилага най-често, когато:

*= е необходимо читателят да обръща повече внимание на емоциите, а не на фактите;*

*= е нужно читателят да извърши самоанализ;*

*= консултантът иска да проследи как читателят възприема дадено произведение в библиотерапевтичен аспект.*

Техниката библиотерапевтичен читателски дневник изисква предварителна подготовка от страна на консултанта. Необходимо е той да постави маркери в произведението. Всеки път, когато читателят стигне до маркер в текста, е нужно да попълни своя читателски дневник. Разбира се, той може да попълва в дневника колкото пъти почувства, че иска, но не трябва да е по-малко от броя на маркерите.

Записите в библиотерапевтичния читателски дневник не бива да са много пространни, но трябва да са много ясни и насочени към читателя, а не към произведението, което той чете.

За да се избегнат есеистични и литературно-аналитични текстове, консултантът по библиотерапия предоставя на читателя не повече от пет въпроса, на които той ще трябва да отговаря всеки път, когато пише в своя дневник. Важно е всеки въпрос да насочва читателя към вглеждане в себе си, а не в героите и действието в литературното произведение. Такива въпроси могат да бъдат:

- „Как се чувстваш в този момент?”
- „Кое те накара да се чувстваш така”
- „Прочетеното напомня ли ти на някоя реална случка, в която си участвал” и др.

Основният смисъл на тази техника е фокусиране върху читателя, неговите емоции, чувства, преживявания.

*4.4. Реполяризация на образ*

Почти всеки персонаж в литературата може да бъде класифициран като добър или лош, морален или аморален, позитивен или негативен и т.н. В библиотерапевтичен аспект читателят винаги използва симпатия или антипатия към конкретни образи. Тук няма значение какви са обективните причини за това. Важна е емоционалната реакция на читателя.

Основната цел на техниката реполяризация на образ е да се разшири кръгозорът на читателя, да се появи неговата търпимост към останалите хора и да се формира умение за емпатия. Влизайки косвено в ролята на непредпочитан от него образ, читателят започва по-добре да разбира чуждите мотиви. Може да се окаже, че тъкмо този „отхвърлен” литературен герой дава нов поглед към ситуацията, в която се намира читателят, а защо не и адекватно решение.

Техниките използвани в библиотерапевтите, са многобройни и не е възможно да бъдат обхванати в тяхната изчерпателност. Посочените тук са достатъчни при провеждане на консултации по библиотерапия. Всеки консултант може да проявява креативност, да използва нови техники спрямо случая, който води.

**5. Методи на библиотерапията**

Библиотерапията или библиопсихотерапията е разновидност на психотерапевтичната практика, при която средството за лечение е книгата.

Най-честото лаическо използване на библиотерапията е в случаите, когато болният чете с цел да отвлече вниманието си от собствените си проблеми или болест, каквато и да е тя. В този случай е хубаво да се ползват приключенски книги, исторически, семейни и др. с възможно повече страници.

*Подходящи са успешните филмирани литературни произведения.*

*Като пример ще посочим романите Реймънд Чандлър, Агата Кристи, "Богат, беден" на Ървинг Шоу, "Сага за Форсайтови" на Джон Голсуърти, "Конникът без глава" на Майн Рид, "Крадецът на праскови" на Емилиан Станев и др.*

При хора с психически травми, стрес, емоционални проблеми може да се прилагат два подхода, конкуриращи се един друг.

**- Единият е *заместването*** на негативните емоции с позитивни. В тези случаи трябва да препоръчваме на пациента развеселяващи и оптимистични книги главно от хумористичния жанр или от приказките. Биха могли да бъдат използвани произведенията на Чудомир, класическите романи на Илф и Петров „Златният телец" и „Дванадесетте стола", книгите на Йордан Радичков, сборници с вицове и анекдоти, "Мечо Пух" на Алън Милн, приказките на братя Грим, на Шарл Перо, на Вилхелм Хауф, на Ханс Кристиян Андерсен и др.

**- Вторият подход е базиран на *сравняването* на описанието в книгата и настоящото битие на пациента.** При това сравнение той трябва да осъзнае, че положението, в което се намира, не е най-лошото, че има много по-тежки и по-жестоки ситуации.

В този случай са подходящи книги от тежкия трагичен жанр, в който има описание на злото: "Замъкът на шапкаря" на Арчибалд Кронин, "Архипелаг Гулаг" на Александър Солженицин, книгите на Варлам Шаламов за живота в лагерите, "Голи сред вълци" на Бруно Апиц (за Бухенвалд), трагедиите на Шекспир и др.

Библиотерапията може да въздейства ефективно и спрямо психични проблеми на пациента от екзистенциален вид (безсмислие на съществуването, чувство за самота и обреченост, угнетеност, панфобия и др.) В подобни случаи четенето на книги от автори екзистенциалисти като Албер Камю, Дино Будзати, Жан-Пол Сартр и др. е много подходящо, тъй като и в тях по перфектен начин се прокламира „нежно безразличие към света", което единствено може да донесе безметежност и чувство за собствена свобода.

Избирането на психотерапевтично четиво трябва да стане много внимателно, като се отчитат особеностите на пациента и характеристиките на самото му психично страдание.

Библиотерапията не е само четене на литературни произведения.Тя включва и *обсъждането* им в група от пациенти или читателски терапевтични клубове, след като са прочели съответното произведение.

В някои случаи е целесъобразно при четенето да се води дневник с бележки и разсъждения на пациента върху текста и асоциациите, които той предизвиква в него.

Много резултатни при библиотерапията са дискусиите по *прочетена* книга, които се провеждат в група и много внимателно се ръководят от психотерапевта.

Задължително е при избирането на терапевтично четиво за пациент или читател то много внимателно да е съобразено с проблемите и конкретната необходимост.

За да се положи началото на тази услуга в библиотеките е необходимо първо да се премине обучение на библиотекари за консултанти по библиотерапия.

Провеждане на обучението по библиотерапия, протича в две части: Първата включва теоретична рамка,а втората представлява работа под наблюдение с реални потребители.

В рамките на проект „Обучение на библиотекари за предоставяне на иноватовна услуга за приемни родители, деца и семейства в риск" консултанти по библиотерапия от Регионална библиотека „Захарий Княжески" – Стара Загора и библиотека „Родина" са изготвени два примерни библиорецептурника.

**Библиорецептурник на тема: Раздяла и загуба**

| № | Заглавие, автор |
|---|---|
| 1. | „Пепеляшка", Шарл Перо |
| 2. | „Майчина сълза", Ангел Каралийчев |
| 3. | „Малката кибритопродавачка", Ханс Кристиан Андерсен |
| 4. | „Хайди", Йохана Спири |
| 5. | „Пипи дългото чорапче", Астрид Линдгрен |
| 6. | „Изпитанията на малката Пиерета", Хектор Мало |
| 7. | „Без дом", Хектор Мало |
| 8. | „Тайната градина", Франсис Ходжсън Бърнет |
| 9. | „Боен кон", Майкъл Морпурго |
| 10. | „Сърце", Едмондо де Амичис и др. |

**Библиорецептурник на тема: Аз и семейството**

| № | Заглавие, автор |
|---|---|
| 1. | „Пепеляшка", Братя Грим |
| 2. | „Пипи дългото чорапче", Астрид Линдгрен и др. |
| 3. | „Снежната кралица", Ханс Кристиан Андерсен" |
| 4. | „Детство, юношество, младост", Лев Толстой |
| 5. | „Матилда", Роалд Дал |
| 6. | „Златното сърце", Калина Малина |

7. „Дейвид Копърфийлд”, Чарлз Дикенс
8. „Лятна книга”, Туве Янсон
9. „Домашни правила”, Джоди Пико
10. „Червената къща” Франческа Марчано и др.

Следващите два общи библиорецептурника са създадени от участниците в първото национално обучение по библиотерапия, организирано от Българската библиотечно-информационна асоциация и Регионална библиотека „Захарий Княжески” – Стара Загора в края на месец март 2016 г.

**Библиорецептурник на тема: Ниска самооценка (самочувствие)**

№ Заглавие, автор

1. „Рибката си намери дом”, (Поредица „Искрящо езеро”)
2. „Грозното патенце”, Ханс Кристиан Андерсен
3. „Пепеляшка”, Шарл Перо
4. „Лунната люлка”, Анета Дучва
5. „Пипи дългото чорапче”, Астрид Линдгрен
6. „Снежното еленче”, Холи Уеб
7. „Ние врабчетата”, Йордан Радичков”
8. „Тина и половина”, Юлия Спиридонова
9. „Уроци по целуване. Признанията на Джорджия Никълсън”, Луис Ренисън
10. „Търговецът и папагалът. Ориенталски приказки в помощ на психотерапията”, Носрат Песешкиан и др.

**Библиорецептурник на тема: Самота**

№ Заглавие, автор

1. „Патиланци”, Ран Босилек
2. „Ян Билбиян”, Елин Пелин
3. „Ние, врабчетата”, Йордан Радичков
4. „Деца играят вън”, Георги Данаилов
5. „Карлсон, който живее на покрива”, Астрид Линдгрен
6. „Пипи дългото чорапче”, Астрид Линдгрен
7. „Алиса в страната на чудесата”, Луис Карол
8. „Малкиат принц”, Антоан дьо Сент-Екзюпери
9. „Приключенията на Том Сойер”, Марк Твен

10. „Без дом”, Хектор Мало и др.

/Донев, Дончо, Николов, Минчо. Наръчник за консултанти по библиотерапия (библиотекари). София, Фондация „Глобални библиотеки – България“, 2016. 56 с./

*Анкетно проучване* върху терапевтичните функции на четенето изготвено 2023г. от Антоанета Ребрейска, библиотекар-експерт в РБ “Димитър Талев”- Благоевград.

Анкета във фейсбук групата "Какво четеш", събрала 1351 гласа












Анкетното проучване показва, че създаването на библиотерапевтичен клуб в библиотеките и библиотерапевтичното консултиране е добра идея, а читателите съзнателно или не използват библиотерапията като самопомощ при обсъждане на книги в литературните клубове, били те онлайн във Фейсбук, или физически посещаеми.

**Заключение**

Често библиотечните специалисти имат нереалистични очаквания към възможностите и границите на библиотерапевтичните техники. Нерядко те са свързани с желанието им да въздействат на читателите, с които работят, по индиректен и скрит начин – без прякото активно участие на читателя, а в някои случаи дори и без неговото знание.

Обикновено тези очаквания се свързват с желанието на библиотекаря да повлияе върху ирационалното поведение на определен читател, да подобри емоционалното му

състояние, да помогне на читателя да се справи с определен проблем без знанието на самия читател.

Предоставянето на библиотерапевтично консултиране като услуга в българските библиотеки набира все по-голяма популярност. С нарастване броя на консултантите по библиотерапия се увеличава и интересът от страна на читателите. В голяма част от страната има библиотекари, преминали тренингово обучение за консултанти по библиотерапия.

Това не означава, че тази услуга се предлага активно в почти цялата страна. Една част от консултантите изпитват неувереност, поради което не провеждат реални срещи с читатели.

На други места липсва материална обезпеченост (подходящи помещения с обзавеждане) или достатъчно популяризиране на тази услуга. Повечето библиотекари, решили да се занимават с библиотерапевтично консултиране, успяват да намерят индивидуални решения по отношение на времето, мястото и начина за провеждане на срещите. Въпреки всички условности немалка част от тях провеждат реални консултации с читатели. За да могат тези решения и добри практики да се споделят между библиотекарите е създадена група във Фейсбук. Като тип тя е затворена и представлява виртуално пространство на консултантите по библиотерапия.

Освен чисто прагматичното споделяне на идеи и информация тази група стимулира усещането за общност (принадлежност) и подкрепа на консултантите. В нея се обсъждат конкретни казуси, свързани с реални читатели и се развиват общите библиорецептурници – списъци от литературни произведения, които биха могли да се използват в консултирането на читатели с идентични проблеми.

**Използвани източници**


**Библиотерапия** - Психология - 2022 – larafornm https://larafornm.com/bibliotherpy-410

**Донев, Дончо, Николов, Минчо**. Наръчник за консултанти по библиотерапия [библиотекари]. София, Фондация „Глобални библиотеки – България“, 2016. 56 с.

**Донев, Дончо**. Първа национална среща на консултантите по библиотерапия / Дончо Донев. // ББИА онлайн [София], 2017, N 5,

**Ефтимова, Събина**. Библиотерапията в България / Събина Ефтимова. // Психология - теория и практика [София], 2018, N 4, с. 39-48.

**Ефтимова, С**. [2020]. Библиотерапията – спасение за съвременния човек във времена на криза. В: ICERI2020, стр. 1366–1372.

**Иванов, Петър**. Психотерапевтични практики [ръководство]. Русе, "Ахат", 2021. 136с.

**Недкова, С**. [2020]. Суперсилата на книгите : Не мога да се сетя за по-добър начин да излезеш навън. https://www.ploshtadslaveikov.com/supersilata-na-knigite/

# Библиотерапија во училиштата

## Интегрирање на литературата како алатка за поддршка на емоционалниот и психолошки развој на учениците

Билјана Лотеска воспитувач и психолог
ЈУДГ „Детска Радост"- Општина Гази Баба, Скопје

*„Не постои полојален пријател од книга."*
*Ернест Хемингвеј*

Во денешниот брзо променлив свет, училиштата се соочуваат со предизвици не само во обезбедување на академски знаења, туку и во поддршката на емоционалниот и психолошки развој на учениците. Многу деца и млади луѓе се справуваат со различни емоционални предизвици, вклучувајќи анксиозност, депресија, **врсничкото насилство (булинг – bullying)**, и социјални конфликти. Во оваа насока, библиотерапијата се јавува како иновативен пристап кој може да ги задоволи овие потреби. Преку користење книги и литература како алатки за саморефлексија и раст, библиотерапијата нуди можност за учениците да ги истражат своите емоции, да развијат емпатија и да се справат со животните предизвици на креативен и конструктивен начин. Овој проект има за цел да ја истражи употребата на библиотерапијата во училишните програми и да ги покаже нејзините придобивки за целокупниот развој на учениците.

Верувам во нејзината способност да поддржи емоционален и психолошки развој на учениците. Еве неколку причини зошто ова е значајно:

**1. Промовирање емоционална интелигенција**

Библиотерапијата помага на учениците да развијат емпатија и самосвест, што се клучни компоненти на емоционалната интелигенција. Читањето книги кои се фокусираат на емоционални и социјални предизвици им помага на децата да ги разберат своите и туѓите чувства.

**2. Поддршка за ментално здравје**

Во современите училишта, потребата за поддршка на менталното здравје на учениците е поголема од кога било. Библиотерапијата може да биде ефективна алатка за превенција и интервенција, помагајќи им на учениците да ги идентификуваат и управуваат со емоционалните проблеми на сигурен и поддржувачки начин.

**3. Развој на комуникациски вештини**

Преку групни читања и дискусии, библиотерапијата поттикнува активно учество и развој на комуникациски вештини кај учениците. Тие учат како да се изразуваат, да ги слушаат другите и да споделуваат свои искуства.

**4. Зголемување на интересот за читање**

Библиотерапијата може да ја поттикне љубовта кон читањето. Кога учениците читаат книги кои ги разбираат и со кои се поврзуваат, тие често развиваат поголем интерес за литературата, што може позитивно да влијае на нивните академски перформанси.

**5. Создавање поддржувачка училишна заедница**

Библиотерапијата помага во изградба на позитивна училишна клима каде што учениците се чувствуваат безбедно и поддржано. Споделувањето лични приказни и учење од искуствата на другите го зајакнува чувството на заедништво и меѓусебна поддршка.

6. **Интеграција на културната разновидност**

Преку избор на литература која ги одразува различните култури и искуства на учениците, библиотерапијата може да го промовира разбирањето и почитувањето на различностите. Ова е особено важно во мултикултурни училишни средини.

Со еден ваков проект за употреба на библиотерапијата во училиштата, има можност да се направи значителна промена во образованието и да се помогне во градење на емоционално интелигентна и поддржувачка училишна заедница.

Да, библиотерапијата може да се користи многу успешно во училиштата и има бројни придобивки за учениците. Еве неколку начини како може да се примени:

- *Развој на социјални и емоционални вештини*

Библиотерапијата може да им помогне на учениците да развијат емпатија, самосвест, и вештини за управување со емоциите. Преку читање на приказни кои обработуваат различни емоции и социјални ситуации, децата можат да научат како да се справат со сопствените чувства и да разберат како се чувствуваат другите.

- *Справување со одредени проблеми*

Книгите можат да бидат користени за да се обработуваат специфични проблеми како што се булинг, развод на родителите, загуба, и други животни предизвици. Преку идентификација со ликовите кои минуваат низ слични искуства, учениците можат да добијат поддршка и нови перспективи.

- *Подобрување на читањето и писменоста*

Со избор на литература која ги ангажира и инспирира учениците, библиотерапијата исто така може да ја зголеми нивната заинтересираност за читање и да ги подобри нивните читачки вештини. Кога учениците читаат книги кои ги

разбираат и со кои можат да се идентификуваат, тие често се повеќе мотивирани да читаат.

- *Поддршка за ментално здравје*

Во училишните средини, библиотерапијата може да биде дел од програмите за поддршка на менталното здравје. Учениците можат да читаат книги кои им помагаат да ги разберат и управуваат со стресот, анксиозноста, и други емоционални проблеми. Ова може да биде корисно како превентивна мерка или како дел од интервенција за поддршка на учениците кои се справуваат со специфични предизвици.

- *Групни активности и дискусии*

Учениците можат да учествуваат во групни читања и дискусии каде што заедно анализираат и споделуваат мисли за книгите. Ова може да ги поттикне да се изразуваат, да учат како да ги слушаат и разбираат другите, и да развиваат важни комуникациски вештини.

**Примери на книги за библиотерапија во училиштата**

За помладите ученици: Книгите со едноставни приказни за пријателство, љубомора, и споделување можат да им помогнат на децата да ги разберат овие концепти и да се научат како да се справат со нив.

За постарите ученици: Романи и новели кои обработуваат посериозни теми како булинг, ментално здравје, и семејни проблеми можат да бидат користени за подлабоки дискусии и рефлексија.

Улога на наставниците и училишните библиотекари

Наставниците и библиотекарите имаат клучна улога во имплементирањето на библиотерапијата. Тие можат да изберат соодветни книги, да водат дискусии и да создадат поддржувачка и безбедна средина каде што учениците можат слободно да ги споделуваат своите мисли и чувства.

Соодветно имплементирана, библиотерапијата може да биде многу ефективна алатка за поддршка на емоционалниот и социјалниот развој на учениците во училиштата. Во суштина, библиотерапијата нуди безбедна средина преку која учениците ќе можат да се истражат себеси и своите чувства преку светот на литературата, што може да доведе до значителни лични трансформации и психолошко заздравување.

**И како за крај неколку поучни цитати од книги на македонски автори:**

Засакај се себе и ќе го засакаш сиот свет. Помогни му на другиот и си се спасил себе. *„Полиња од диви нарциси“ Винка Саздова*

Богат не е тој што има пари, вели, туку тој што нема сиромашна душа.

*„Пиреј“ Петре М. Андреевски*

# Библиотечни благодати – истражување на наградите во библиотечната пракса

м-р Јована Рилак, виш библиотекар
Национална Установа – Универзитетска Библиотека „Гоце Делчев“ - Штип,
jovana.stuparic@hotmail.com
м-р Елена Станкоска, виш библиотекар
Национална Установа Библиотека „Григор Прличев“ - Охрид
elenastankoska@hotmail.com

**Апстракт**

Наградите кои се доделуваат од страна на библиотеките или библиотекарските здруженија претставуваат средство за зголемување и поттикнување на културниот развој на поединецот, но и на општествената заедница. Наградите, како симбол на признание и чест, играат значајна улога врз мотивацијата и посветеноста на библиотекарите. Различни библиотеки во светот имаат востановено свои награди и признанија каде нивните имиња се поврзани со значајни личности од областа на културата, образованието и библиотекарството како наука. И во РС Македонија, како земја од која потекнуваат писменоста и културата, постојат неколку значајни награди и признанија кои се доделуваат на истакнати поединци или библиотеки. Како една од најважните и најпрестижни награди кои се доделуваат на поединец во библиотекарството во Македонија е Климентова повелба за животно дело.

**Клучни зборови**: библиотечни награди, библиотечни признанија, Климентова повелба за животно дело.

**Вовед**

Библиотеките отсекогаш претставувале центри на знаење и култура, притоа играјќи клучна улога во образованието, но и врз личниот развој на поединците. Како една од значајните активности на библиотеките е доделување награди за различни видови достигнувања и придонеси во полето на литературата, читањето и културниот живот. Исто така, библиотеките како општествено одговорни установи, знаат да ја ценат важноста на кадарот кој работи во библиотеките, па затоа библиотеките и библиотекарските здруженија речиси во сите земји, на вработените во библиотеките им доделуваат свои специфични и уникатни награди и признанија. Овие награди и

библиотекарски признанија не само што ја признаваат и вреднуваат работата на вработените, туку ги инспирираат и идните генерации да продолжат да создаваат и истражуваат во богатото поле на библиотечната дејност.

Наградите кои библиотеките ги доделуваат имаат своја богата историја. Истите може да бидат во различни форми. Играат клучна улога во мотивацијата на вработените, во нивниот професионален развој и нивна поддршка. Преку добивање награди, библиотечниот кадар чувствува дека нивниот труд е ценет и признат од страна на заедницата и професионалната сфера. Кога библиотекарите добиваат награди, тоа се одразува многу позитивно и на угледот на самата библиотека. Угледна библиотека со наградуван кадар привлекува повеќе корисници и добива поголема поддршка од заедницата. Признанието на трудот на библиотекарите е од суштинска важност за нивното лично задоволство, но и за успешното функционирање на библиотеката како целина. Менаџментот во библиотеките има сериозна задача да го препознае талентот кај вработените, да им даде поддршка и разбирање и достојно да го вреднува нивниот труд и посветеност.

Следејќи го светскиот тренд на доделување награди и признанија во библиотеките, и во Македонија постои долгогодишна традиција за доделување награди и важни признанија. Како една од ретките награди кои се доделуваат во регионот, е наградата за најдобар библиотекар, која се доделува кај нас во Македонија, и тоа за библиотекар на годината во јавните и училишните библиотеки. Тоа е факт дека вложениот труд и посветеност секогаш се признати.

## *Награди и признанија во библиотеките во регионот*

### Република Србија

Во Р Србија постојат десетина професионални награди во областа на библиотекарството и неколку десетици книжевни награди востановени од библиотеките.

Библиотечното здружение на Србија секоја година доделува три награди на библиотечните работници за посебна посветеност и резултати, за подобрување на библиотечната дејност и за придонес во популаризација на книгите и читањето. Наградата „*Стојан Новаковиќ“ (*се доделува на поединец/коавтори/група автори за објавено оригинално авторско дело на српски јазик), наградата „*Запис“* (се доделува на поединец за долгогодишна работа и исклучителни резултати во промотивните библиотечни и информативни активности) и наградата „*Најдобар библиотекар“* (се

доделува на поединец, член на Библиотечното здружение на Србија за значајни резултати во подобрување на библиотечно-информативната дејност).[1]

Заедницата на матични библиотеки на Србија формира награди: „*Милорад Паниќ Суреп*“ (од 1971-2001) и „*Ѓура Даничиќ“* од 2009 година. Во периодот од 1971-2001 година, наградата „*Милорад Паниќ Суреп*“ ја добиле 78 институции и 133 поединци. По пауза од осум години и по обновувањето на работата на Заедницата, се појавила идеја за ревитализација на наградата „Суреп“. Така, во 2009 година се востановила наградата именувана по Ѓура Даничиќ, познат српски писател и значаен менаџер на Народната библиотека на Србија, која се доделува еднаш годишно на поединец за севкупен придонес во библиотекарството и српската култура. Со доделување на наградата, Здружението има за цел да придонесе за подобрување на статусот на библиотекарите и културните работници, да ја афирмира примената на современите технологии и вештини во библиотечно-информациските активности и културата како целина, како и да ги промовира библиотечните и информативните активности во културата во Србија. Во текот на 15 години од доделувањето, наградата била доделена 14 пати.[2]

Во рамки на Собирот на библиографите во спомен на д-р Георги Михаиловиќ, што Народната библиотека „Д-р Ѓорѓе Натошевиќ“ во Инѓија го организира веќе четириесет години, се доделува признание за придонес во областа на библиографијата, првично наречена „*Митровденска повелба“*, а сега награда „*Душан Панковиќ*“. Комитетот на Собирот на библиографите дал предлог претходниот назив на наградата за истакнати достигнувања во областа на српската библиографија да се промени и да го носи името на Душан Панковиќ, познат и заслужен српски библиограф, библиотекар, писател, просветен и културен работник и еден од основачите на Собирот на библиографи. Наградата се состои од повелба и парична сума, чија висина ја утврдува Управниот одбор на библиотеката, на предлог на Комитетот на собирот на библиографи. Признанието е единствено во Србија, но и во регионот.[3]

---

[1] Јанковиќ, А., Петаковиќ, М. Н. *Систем награђивања у Библиотекарском друштву Србије.* (труд претставен на Жички сабор библиотекара, Краљево, Р.Србија, 4-6. Октомври, 2023). Достапно на: https://kv-biblio.org.rs/wp-content/uploads/2023/12/Zbornik-2023-za-STAMPU-1.pdf пристапено на 19.7.2024.

[2] Милуновиќ, Д. *О смислу и значају награђивања: студија случаја награда Милорад Панић Суреп и Ђура Даничић Заједнице матичних библиотека Србије.* (труд претставен на Жички сабор библиотекара, Краљево, Р.Србија, 4-6. Октомври, 2023). Достапно на: https://kv-biblio.org.rs/wp-content/uploads/2023/12/Zbornik-2023-za-STAMPU-1.pdf пристапено на 19.7.2024.

[3] Степановиќ, В. *„Награда Душан Панковиќ као једино и јединствено признање за библиографски рад“.* (труд претставен на Жички сабор библиотекара, Краљево, Р Србија, 4-6 октомври, 2023). Достапно на: https://kv-biblio.org.rs/wp-content/uploads/2023/12/Zbornik-2023-za-STAMPU-1.pdf пристапено на 19.7.2024.

**Република Српска**

Од 2002 година, Здружението на библиотекари на Република Српска започнало со доделување на годишната награда *„Ѓорѓе Пејановиќ"* на најдобрите библиотеки и библиотекарски работници, за забележителни резултати и значајни достигнувања во областа на библиотекарството и библиотечната дејност. Од 2008 година, наградата *„Ѓорѓе Пејановиќ"* се доделува и на најдобриот менаџер за успешни резултати во управувањето со библиотеката. Наградата го носи името по успешниот библиотекар, библиограф, историчар и теоретичар на библиотекарството и еден од иницијаторите за формирање на Здружението на библиотекари на Република Босна и Херцеговина, кое започнало со работа на 18.09.1949 година.[4] Исто така, Здружението на библиотекари на Република Српска доделува и признанија на библиотекари кои дале придонес во работата на Здружението „за добротворни цели на оние кои овозможиле книгата да биде во служба на човекот-блиску до луѓето", но и на развој и унапредување на библиотекарството во Р Српска.[5]

**Република Словенија**

*„Наградите Чоп"* се најпрестижни награди кои ги доделува Сојузот на библиотечни здруженија на Словенија, наменети да ги одбележат извонредните достигнувања во областа на библиотекарството. Постојат три типа на награди Чоп: Чоп дипломи, Чоп признанија и Чоп плакети. „*Чоп дипломите*" претставуваат награди за животно дело за библиотекарство. Тие можат да бидат примени само еднаш од полноправни или почесни членови на Сојузот на библиотечни здруженија на Словенија (SLA). *„Признанијата Чоп"* се доделуваат за посебни професионални достигнувања во однос на популаризација на библиотекарството, одржување на јавниот углед на библиотеките, библиотекарите и библиотекарската професија и развој на библиотекарството во целина. Тие можат да бидат примени еднаш или повеќе пати од полноправни или почесни членови на SLA и повремено од други организации и нивни членови, кои го поддржуваат Сојузот или библиотекарството како целина.

Како дел од Здружението, функционира и *Меморијалниот фонд Бруно Хартман (Spotinski sklad dr. Bruna Hartmana),* именуван по познатиот словенечки библиотекар Бруно Хартман, чија цел е да промовира докторски студии по библиотекарство и да го поттикне проучувањето на библиотекарската наука. Нуди стипендии за постдипломци на библиотекарски науки кои се активни членови на библиотечни здруженија и активно придонесуваат во областа.

[4] https://dbrs.rs.ba/?p=1131 пристапено на 19.7.2024.
[5] https://dbrs.rs.ba/?p=1139 пристапено на 19.7.2024.

*Фондацијата Калан* е меморијален фонд именуван по библиотекарот и просветен работник Павле Калан. Била основана во 1974 година, а нејзина цел е да ја олесни професионалната, теоретската и истражувачката работа на словенечките библиотекари. *„Наградите на фондацијата Калан“ (Nagrade Kalanovega sklada)* им се доделуваат на библиотекари за пишани стручни или научни трудови кои значително придонесуваат за развојот на библиотечната и информатичката наука и библиотекарството.

*„Горопевшките признанија и Горопевшките повелби“ (Goropevškova priznanja in Goropevškove listine)* се државни награди за исклучителни успеси во областа на локалното проучување и културното наследство, кои се од пошироко општествено значење и придонесуваат за напредокот на локалното проучување.[6]

**Црна Гора**

Здружението на библиотекари на Црна Гора ја има востановено наградата *„Д-р Нико Симов Мартиновиќ“* како форма на јавно признание на библиотечните работници за долгогодишна работа и значајни резултати во унапредувањето на библиотечната дејност. Повелбата го носи името на угледниот црногорски писател, новинар и публицист, истакнатиот научник и долгогодишен директор на Централната народна библиотека „Ѓурѓе Црнојевиќ“. Наградата била основана во 1988 година и се доделува на секои две години со цел да се оддаде признание за посветената работа и придонес во развојот на библиотечните активности во Црна Гора и пошироко, со цел да се поттикне работата на библиотечните и информатичките експерти и да се истакне важноста и улогата на библиотеките во општеството.[7]

**Република Северна Македонија**

*Признание „Библиотека на годината“*

Библиотекарското здружение на Македонија распишува конкурс за признанието *„Библиотека на годината“*. Право на учество имаат сите видови библиотеки од земјата, кои во прилог доставуваат пропратна документација како доказ за работата, програмите, проектите кои библиотеката ги остварила во изминатиот период. Досегашни добитници на признанието се:

- 2014 година - Локална библиотека „Гоце Делчев“ - Велес

[6] https://www.zbds-zveza.si/skladi-in-nagrade-4/ пристапено на 19.7.2024.

[7] Бајо, Ј., Марковиќ, Д. *Награда Д-р Нико Симов Мартиновиќ.* (труд претставен на Жички сабор библиотекара, Краљево, Р Србија, 4-6 октомври, 2023). Достапно на: https://kv-biblio.org.rs/wp-content/uploads/2023/12/Zbornik-2023-za-STAMPU-1.pdf пристапено на 19.7.2024.

- 2016 година - Локална библиотека „Гоце Делчев“ - Велес и локална библиотека „Страшо Пинџур“ - Неготино
- 2018 година - училишната библиотека на ОУ „Св. Кирил и Методиј“ - Битола
- 2019 година - ЈУ Градска библиотека „Браќа Миладиновци“ - Скопје и Општинската народна библиотека „Браќа Миладиновци“ - Радовиш
- 2021 година - училишната библиотека при ООУ „Невена Георгиева – Дуња“ - Скопје и библиотеката „Макс ван дер Штул“ - Универзитет на Југоисточна Европа - Тетово
- 2022 година - Основно училиште со ресурсен центар „Иднина“ - Скопје, средното училиште „Јосип Броз Тито“ - Битола и НУ Библиотека „Григор Прличев“ - Охрид
- 2023 година - НУБ „Кочо Рацин“ - Тетово, библиотеката при ООУ „Ј. Х. Песталоци“ - Скопје и Библиотеката при Институтот за историја на Филозофски факултет – Скопје

***Награда „Климентова повелба за животно делоп“***

Наградата „Климентова повелба за животно дело“ од областа на библиотекарството и библиотечното работење се доделува во чест на Свети Климент Охридски, кој се смета за основоположник на библиотекарството во Македонија. Наградата се однесува за постигнати особени резултати од пошироко значење за развојот и афирмацијата на библиотечната дејност и претставува една од најважните и најзначајните награди во областа на библиотекарството во Македонија.

Досегашни добитници на наградата „Климентова повелба за животно дело“ се:

**1999 година**: проф. д-р Добри Петровски, виш библиотекар, МУБ „Св. Климент Охридски“ - Битола;

**2002 година**: Миле Бошески, библиотекар-советник, раководител на Одделот за матична дејност и развој, НУБ „Св. Климент Охридски“ - Скопје;

**2004 година**: Богомир Наумоски, виш библиотекар, Народна библиотека „Димитрија и Константин Миладиновци“ - Струга;

**2006 година**: Зорка Чекичевска, библиотекар-советник и Јелена Фидановска, НУБ „Св. Климент Охридски“ - Скопје;

**2008 година**: д-р Сузана Котовчевска, виш библиотекар, ЈБ „Браќа Миладиновци“ - Скопје;

**2010 година:** Благој Николов, библиотекар-советник, НУУБ „Св. Климент Охридски“ - Битола;

**2012 година**: д-р Николче Вељановски, библиотекар-советник, НУУБ „Св. Климент Охридски“ - Битола;

**2014 година:** Анета Стефановска, библиотекар-советник, НУУБ „Св. Климент Охридски“ - Битола;

**2018 година:** Блага Спиридонова, библиотекар-советник, НУ УБ „Гоце Делчев“ - Штип;

**2022 година:** д-р Наде Караџоска, библиотекар-советник, ЈОУ ГБ „Борка Талески“ -Прилеп.

***Признание „Библиотекар на годината“***

Во рамки на Меѓународната литературна манифестација „Средби под јаворите - Видое Подгорец“, од 2020 година се доделува Признание *„Библиотекар на годината – Павлина Цунева Маказлиева“* за врвни достигнувања од областа на библиотекарството и информациската дејност во јавните и училишни библиотеки. Целта на оваа награда е да се оддаде признание на библиотекарите во националните и училишните библиотеки, кои претставуваат важен дел од библиотекарството, но и иднината на оваа дејност.

**Досегашни добитници на наградата од категоријата јавни библиотеки се:**

**2020 година:** м-р Фатма Бајрам Аземовска, НУ-УБ „Климент Охридски“ - Битола;

**2021 година:** Соња Манева, НУ-УБ „Гоце Делчев“ - Штип;

Во 2021 година *Пофалница* за вложување во личниот професионален раст и развој во областа на библиотекарството, категорија – јавни библиотеки, ја доби м-р Аница Глигорова Милева од ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ - Струмица.

Додека *Пофалница* за истражувачка дејност во сите области на библиотекарството, категорија – јавни библиотеки ја доби д-р Наде Караџоска, ЈОУ Градска библиотека „Борка Талески“ - Прилеп.

*Благодарница* за особен придонес во афирмацијата на библиотечната дејност припадна на Иванка Ризова Соколова од ОНБ „Браќа Миладиновци“ - Радовиш, додека *Благодарница* за меѓународна афирмација на библиотекарството ја доби Тинка Барбутов Крстева, I Гимназија, од Загреб, Република Хрватска.

**2022 година:** м-р Елмедина Абдулахи, Универзитет ЈИЕ - Тетово;

**2023 година:** Тања Гошева, ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ - Струмица;

*ПРИЗНАНИЕ* за особени достигнувања во библиотекарството и информациската дејност во Одделението за зајмување, услуги и информации за деца во јавните библиотеки доби Магдалена Кочовска Салтирова од ЈОУ Библиотека „Искра“ - Кочани.

**2024 година:** Фетија Куртагиќ, ЈУ Народна библиотека - Рожаје, Република Црна Гора.

Признание *„Библиотекар на годината – Павлина Цунева Маказлиева“ – училиштен библиотекар*, се доделува за врвни достигнувања од областа на библиотекарството и информациската дејност во училишните библиотеки.

**Досегашни добитници на наградата се:**

**2020 година:** д-р Лили Бошевска, ООУ „Свети Кирил и Методиј“ – Битола;

**2021 година:** м-р Маја Трајковиќ, ООУ „Невена Ѓоргиева – Дуња“ –Скопје;

**2022 година:** Маргарита Филоповска, ООУ „Јан Амос Коменски“ – Скопје;

**2023 година:** Анета Велкоска, ООУ „Кирил Пејчиновиќ“– Скопје;

Во 2023 година *БЛАГОДАРНИЦА* за особени достигнувања од областа на библиотекарството и информациската дејност во унапредувањето на условите и начините за работа во училишните библиотеки по пат на креативни промотивни активности ја доби Љупка Стојменова, од ООУ „Никола Карев“, Кочани.

Додека *БЛАГОДАРНИЦА* за особени достигнувања од областа на библиотекарството и информациската дејност во унапредувањето на работата во училишните библиотеки, особено во делот на промотивната електронско – информациска активност и видливост ја доби Бранка Ивановска Блажевска од ООУ „Јан Хајнрих Песталоци“, Скопје.

**2024 година:** м-р Љупка Стојменова, училиштен библиотекар во ООУ „Никола Карев“ -Кочани.

**Заклучок**

Библиотекарските награди и признанија претставуваат важен елемент во поттикнување и одржување на високите стандарди и професионализмот во библиотекарството. Тие служат како мотивација за библиотекарите, а истовремено ја промовираат нивната посветеност и ангажираност во развојот на културните и образовните активности. Овие награди, често именувани по значајни личности од областа на културата, го истакнуваат значењето на нивниот придонес и влијанието врз општеството. Во РС Македонија, признанијата како Климентовата повелба, библиотекар на годината и сл., ги препознаваат и наградуваат исклучителните индивидуи и институции кои направиле значаен придонес во библиотекарството. Ваквите награди не само што го поддржуваат професионалниот развој на библиотекарскиот кадар, туку и ја зголемуваат свеста за важноста на библиотеките како центри за културен и образовен развој.

## Користена литература

Бајо, Ј., Марковиќ, Д. (2023). *Награда Д-р Нико Симов Мартиновић*. Краљево, Народна библиотека „Стефан Првовенчани".

Јанковиќ, А., Петаковиќ, Н. М. (2023). *Систем награђивања у Библиотекарском друштву Србије*. Краљево, Народна библиотека „Стефан Првовенчани".

Милуновиќ, Д. (2023). О *смислу и значају награђивања: студија случаја награда Милорад Панић Суреп и Ђура Даничић Заједнице матичних библиотека Србије*. Краљево, Народна библиотека „Стефан Првовенчани".

Станкоска, Е., Рилак, Ј. (2023). *Професионални награди во библиотекарството во Македонија*. Скопје, Современост, бр.4.

Степановиќ, В. (2023). *Награда Душан Панковић као једино и јединствено признање за библиографски рад*. Краљево, Народна библиотека „Стефан Првовенчани".

Стефановска, А. (2015). *Хронологија на значајни обележја од развојот на библиотекарството во Македонија. Книга 1*. Скопје, Библиотекарско здружение на Македонија.

Стефановска, А. (2016). *Хронологија на значајни обележја од развојот на библиотекарството во Македонија. Книга 2*. Скопје, Библиотекарско здружение на Македонија.

Стефановска, А. (2017). *Хронологија на значајни обележја од развојот на библиотекарството во Македонија. Книга 3*. Скопје, Библиотекарско здружение на Македонија.

## Користена онлајн литература

https://gla.aksawards.com/AwardWinners

https://www.leibniz-gemeinschaft.de/en/about-us/whats-new/news/forschungsnachrichten-single/newsdetails/national-library-award

https://www.caut.ca/about-us/awards-scholarships/lists/awards-and-scholarships/academic-librarians%27-distinguished-service-award

https://www.ifla.org/ifla-systematic-public-library-of-the-year/

https://www.slv.vic.gov.au/interact-with-us/scholarships-awards/dromkeen-awards/dromkeen-librarians-award

https://dbrs.rs.ba/?p=1139

https://dbrs.rs.ba/?p=1131

https://www.zbds-zveza.si/skladi-in-nagrade-4/

https://bzm.mk/

## Abstract

Awards given by libraries or library associations serve as a means to enhance and encourage the cultural development of individuals and the community. As symbols of recognition and honor, awards play a significant role in motivating and dedicating librarians. Different libraries worldwide have established their awards and recognitions, usually named after prominent figures in culture, education, and librarianship as a science. In the Republic of North Macedonia, a country from which literacy and culture originate, several significant awards and recognitions are given to distinguished individuals or libraries. One of the most

important and prestigious awards given to an individual in librarianship is the Clement Charter.

**Keywords:** library awards, library recognitions, Clement Charter.

# Награди и признанија кои ги доделува НУУБ „Св. Климент Охридски“- Битола

м-р Гордана Ѓоргиевска Неделковски -библиотекар
gordana_pfbt@yahoo.com
м-р Фатма Бајрам Аземовска- библиотекар-советник
fatma.azemovska@gmail.com
НУУБ „Св. Климент Охридски“- Битола

**Апстракт**

Нашата библиотека секоја година организира најразлични настани, распишува конкурси и организира натпревари за нашите ценети читатели по повод различни светски денови или теми од областа на творештвото. Целта на овие конкурси е поттикнување на читателите и љубителите на пишаниот збор да сакаат активно да се вклучат во светот на книгите и активностите на библиотеката, а за тоа нашата библиотека ги наградува и им подарува различни награди.

**Клучни зборови:** награди и признанија, книги, конкурси, читатели.

**Вовед**

Националната установа - Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“- Битола постои веќе 79 години. Во својата дејност таа има организирано голем број на настани  и има распишано голем број на литературно ликовни конкурси во кои се доделуваат награди и признанија по различни основи. Со цел да ги промовираме сите активности на оваа тема, во овој труд ќе бидат опфатени и образложени сите награди и признанија кои ги доделува нашата библиотека континуирано, како и награди кои произлегле од некој настан и се доделуваат еднократно.

Многу често светските денови ги одбележуваме со литературно-ликовни конкурси на кои добитниците добиваат најразлични награди, како што се книги, ваучери за бесплатна едногодишна членарина и слично. Библиотеката исто така има награди за роднокрајните автори, награди за краток расказ, го организира натпреварот „Млади библиотекари“ итн.

Во овој труд ќе бидат презентирани токму овие награди, со цел да ги прикажеме и пред останатите библиотеки и да ги поттикнеме да воведат и тие некоја од овие награди.

## 1. Награда за најдобар млад библиотекар на Општинскиот натпревар „Млади библиотекари“

Нашата библиотека веќе 23 години е дел од натпреварот „Млади библиотекари“ на којшто се доделува награда за најдобар млад библиотекар во Општина Битола. Право на учество имаат учениците од осмо и деветто одделение од основните училиште во нашиот град и подрачните училишта. Победникот од општинскиот натпревар кој се одржува во просториите на библиотека, потоа има право да учествува на Републичкиот натпревар „Млади библиотекари“, кој секоја година се одржува во друг град. На овој натпревар, награда земаат три учениците со освоени најмногу поени, односно се доделуваат три награди: прво, второ и трето место. Ученикот кој ќе освои прво место потоа под менторство заминува да се натпреварува на Републичкиот натпревар „Млади библиотекари“.[1]





Слика 1 и 2
23. Општински натпревар „Млади библиотекари“- 2024 година

Жири-комисија составена од тројца библиотекари ги подготвува прашања на кои присутните учениците одговараат. Овие тестови се изработени по стандардизирани критериуми кои треба да ги има секој тест. Потоа комисијата ги прегледува тестовите, на кои нема име, само шифра од учениците кои сами си ја избрале. Тестовите ги оценуваат по претходно подготвен стандардизиран прашалник и клуч за оценување. Доколку има учениците кои имаат ист број на бодови, тие одговараат на дополнителни прашања.

[1] Општински натпревар „Млади библиотекари“ Библиотечен тренд бр. 58/2024 година, списание на Националната установа -Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“- Битола, стр. 26

Исто така, сакаме да напомниме дека сите учесници имаат право да си го видат тестот, со цел да имаат целосен увид на нивното знаење.

**2. Награда „Читатели на годината“**

По повод 25 март, денот на основањето на нашата библиотека, секоја година Библиотеката ги наградува нашите најверни читатели,[2] односно читателите кои прочитале најмногу книги во претходната година во повеќе категории. Читателите се поделени по категории и тоа: претшколска возраст, основци, средношколци, студенти, вработени и пензионери.

Cobiss+ програмата ни овозможува да знаеме точно колку книги има прочитано секој член на нашата библиотека во дадена година. На тој начин членовите со најмногу прочитани книги ние ги имаме по број на членска карта. Потоа комисијата ги бара по име и презиме и навремено ги контактира и информира за добиената наградата.

На овој начин, ги мотивираме сите наши членови да читаат повеќе, се со цел да ја добијат и тие оваа награда или пак да ја задржат истата и наредната година повторно да бидат прогласени за читатели на годината во нивната категорија.



Слика 3
Доделени награди за „Читатели на година“- 2023 година

Директорот на библиотеката ги наградува најверните читатели по категории со книги и благодарници.

**3. Награди и признание за „Роднокраен автор“**

Во библиотеката од 2023 година се започна со доделување награда за „Роднокраен автор за 2022 година“ и тоа во три категории проза, поезија и награда за животно дело на роднокраен автор.[3] Оваа награда побуди голем интерес помеѓу

[2] Награди за „Читатели на година“- Библиотечен тренд бр. 52/2021 година, списание на Националната установа -Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“-Битола, стр. 12
[3] Награди за нашите читатели и роднокрајните автори, Библиотечен тренд бр. 56/2023, стр. 15

роднокрајните автори, бидејќи на конкурсот се јавија голем број на роднокрајни автори кои ги исполнуваа условите.



Слики 4 и 5
Доделени наградите за „Роднокраен автор за 2023 година"

Оваа година по втор пат беа доделени награди за роднокраен автор, но овој пат во 4 категории и тоа: проза, поезија, драма и животно дело на роднокраен автор. Трочлената комисија по разгледување на пристигнатите кандидатури увиде дека има потреба да се воведи и категоријата драма, бидејќи помеѓу пристигнатите документи имаше и автор кој пишува драми.

Целта на оваа награда е да ги мотивира авторите да творат, но исто така, според критериумите кои се поставени да мора да имаат и други достигнувања во литературата и книжевноста како што се учество на поетски манифестации, освоени награди итн.

**4. Награда за краток расказ во соработка со Организацијата на жени од Битола**

Оваа година беа прославени 10 години од културната манифестација на која можат да учествуваат љубителите на пишаниот збор од цела држава. Наградата за краток расказ се доделува по повод 8 Март – денот на жената.[4] Секоја година се одбира тема поврзана со жената, на која секој може да испрати краток расказ.



[4] Доделени наградите за краток расказ, Библиотечен тренд бр. 58/2024, стр. 24

Слика 6
Доделени награди за краток расказ на тема „И цвеќе и шлаканица"- 2024 година

На овој настан, право на учество имаа љубителите на пишаниот збор од целата наша држава. Тие своите раскази ги испраќаат во две категории и тоа ученици и возрасни. Темата како што споменавме и претходно секоја година е различна, но е поврзана со жената и нејзиното битие во сите полиња.

Наградите ги доделува трочлената комисија која секогаш е составена од еден претставник од библиотеката, еден од Организацијата на жени и еден наставник по македонски јазик.

## 6. Награди за ликовни и литературни конкурси

Многу често нашата библиотека по повод светските денови распишува најразлични ликовно - литературни текстови, со цел активно да ги вклучи и да ги поттикне да творат и сликаат нашите читатели, без разлика на возраста. Учесниците во овие награди се секогаш наградени со книги или со ваучери за едногодишно бесплатно членство во нашата библиотека.

Во овој труд ќе споменеме неколку од нив:

**Ликовен и литературен конкурс по повод месецот на книгата 2022 година**

По повод октомври - месецот на книгата, нашата библиотека во 2022 година имаше распишано ликовен-литературен конкурс за учениците од основните и средните училиште.[5] Од пристигнатите цртежи беше поставена изложба во холот на библиотеката, а најдобрите цртежи беа и наградени. Исто така, наградени беа и голем број на творби кои пристигнаа на дадениот конкурс.



Слика 7
Доделени награди на ликовниот и литературен конкурс по повод месецот на книгата и училишните библиотеки

[5] Ликовен и литературен конкурс по повод Месецот на книгата и училишните библиотеки, Библиотечен тренд бр. 55/2022 година, стр. 27

### Цвеќе и книга по повод Светскиот ден на книгата

По повод 23 Април – Светскиот ден на книгата и авторските права, директорот на НУУБ „Св. Климент Охридски“ - Битола, м-р Бојан Стефановски на нашите драги сограѓани им подари книга и цвеќе. Овој гест привлече големо внимание, особено кај љубителите на книгата, кои со нетрпение чекаа да ја отворат наградата и да видат која книга ја добиле.




Слика 8
Цвеќе и книга по повод Светскиот ден на книгата[6]

Во оваа прилика ние како установа имавме можност да ги слушнеме и сугестиите на нашите читатели, во насока на подобрување на нашето работење, од типот кои книги би сакале да ги имаме или какви настани сакаат да се случуваат итн.

### Награди за читателите кои испратија најубави божиќни пораки

По повод Божиќните празници НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола и Ротари клубот Битола Широк Сокак во 2022 година наградија повеќе читатели за најубави пораки поврзани со Божиќ и волшепствата што овој празник ги носи.[7]

Добитниците беа наградени со новогодишни пакетчиња.

### Ликовно конкурс на тема „Со маските научивме да се смееме со очите“

Во просториите на НУУБ „Св. Климент Охридски“- Битола беше поставена изложба на ликовните творби испратени на конкурсот на тема „Со маските научивме да се смееме со очите“ во организација на Inner Wheel Club-Bitola и Друштвото на ликовни уметници на Битола.

[6] Цвеќе и книга по повод Светскиот ден на книгата, Библиотечен тренд бр. 54/2022 година, стр. 17

[7] Награди за читателите кои испратија најубави божиќни пораки
http://old.nuub.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=2176:2022-01-18-10-18-39&catid=55:2009-03-03-08-10-23&Itemid=58



Слика 9
Со маските научивме да се смееме со очите

НУУБ „Св. Климент Охридски“- Битола, исто така, награди 10 ликовни творби со едногодишна бесплатна членарина.[8]

**„Биди Cool и прати ни Selfie со твојата домашна библиотека“**

НУУБ „Св. Климент Охридски“ –Битола, неколку пати објави конкурси на тема „Биди Cool и прати ни Selfie со твојата книга“ и „Биди Cool и прати ни Selfie со твојата домашна библиотека“, од големиот број пристигнати фотографии, најкреативните беа наградени со ваучер за едногодишна бесплатна членарина.[9]

[8] „Со маските научивме да се смееме со очите“ http://old.nuub.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=2174:2022-01-10-10-42-21&catid=55:2009-03-03-08-10-23&Itemid=58

[9] „Биди Cool и прати ни Selfie со твојата домашна библиотека“




Слика 10
Добитник на наградата „Биди Cool и прати ни Selfie со твојата домашна библиотека"

**Награди по ликовно-литературниот конкурс на тема „Рацете во портокалово срце" дел од „16 дена активизам за спречување на насилство"**

Националната установа Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" – Битола со литературен и ликовен конкурс насловен „Рацете во портокалово срце" учествува со настан кој е во рамките на кампањата „16 дена активизам за спречување на насилството врз жените и девојчињата".[10]




Слика 11
Рацете во портокалово срце

Овие и уште многу други конкурси се дел од активностите на нашата библиотека. Секогаш како тим наоѓаме различни поводи да ги наградиме нашите редовни читатели, но и да привлечеме и нови.

[10] Библиотеката дел од кампањата „16 дена активизам за спречување на насилство врз жените и девојчињата"

**Заклучок**

Библиотеката е како втор дом. Секоја посета во нашата библиотека не останува незабележана. Секој љубител на пишаниот збор гледаме да го наградиме и да му дадеме признание и потврда дека ние постоиме тука за нив, но и тие се тука за нас. Заедничката симбиоза ние ја карактеризираме со голем број на неделни активности, настани и трибини. Со други зборови, има за секого по нешто. Овие награди се само едно големо благодарам за одвоеното време да се посети нашата библиотека, но и големо благодарам за негувањето на пишаниот збор.

**Користена литература**

Општински натпревар „Млади библиотекари“, Библиотечен тренд бр. 58/2024 година, стр. 26

Награди за „Читатели на година“- Библиотечен тренд бр. 52/2021 година, стр. 12

Награди за нашите читатели и роднокрајните автори, библиотечен тренд бр. 56/2023, стр. 15

Доделени наградите за краток расказ, Библиотечен тренд бр. 58/2024, стр. 24

Ликовен и литературен конкурс по повод Месецот на книгата и училишните библиотеки, библиотечен тренд бр. 55/2022 година, стр. 27

Цвеќе и книга по повод Светскиот ден на книгата, библиотечен тренд бр. 54/2022 година, стр. 17

Награди за читателите кои испратија најубави божиќни пораки http://old.nuub.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=2176:2022-01-18-10-18-39&catid=55:2009-03-03-08-10-23&Itemid=58

„Со маските научивме да се смееме со очите“ http://old.nuub.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=2174:2022-01-10-10-42-21&catid=55:2009-03-03-08-10-23&Itemid=58

Биди Cool и прати ни Selfie со твојата домашна библиотека“ http://old.nuub.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=1892:-cool----selfie----&catid=55:2009-03-03-08-10-23&Itemid=58

Библиотеката дел од кампањата „16 дена активизам за спречување на насилство врз жените и девојчињата“ https://nuub.mk/%d0%b1%d0%b8%d0%b1%d0%bb%d0%b8%d0%be%d1%82%d0%b5%d0%ba%d0%b0%d1%82%d0%b0-%d0%b4%d0%b5%d0%bb-%d0%be%d0%b4-%d0%ba%d0%b0%d0%bc%d0%bf%d0%b0%d1%9a%d0%b0%d1%82%d0%b0-16-%d0%b4%d0%b5%d0%bd%d0%b0/slobodan/

**Abstract**

Every year, our library organises a variety of events, announces competitions and organises competitions for our awesome value in the case of different world days or themes in the field of creativity. The purpose of this competition is to encourage readers and lovers of

the soft written word to want to be actively involved in the world of books and library activities, and for our library to reward them and give them various prizes.

**Keywords:** awards and recognitions, books, competitions, readers.

# Ергономија во библиотеките

м-р Аница Глигорова Милева, библиотекар-советник
м-р Гонца Запрова Анастасова, виш библиотекар
ЛУБ „Благој Јанков Мучето“- Струмица
a.mileva@yahoo.com
zaprovagonca@gmail.com

**Апстракт**

Ако го анализираме зголемениот број на мускулно-скелетните нарушувања, повредите на работното место и стресот кај вработените во библиотеките, природно ни се наложува потребата од имплементација на стандарди за ергономијата. Ергономијата е истражување на продуктивноста на луѓето на работното место, практика на создавање или организирање работни места, предмети и системи за да одговорат на потребите на корисниците. Ергономијата има големо значење во правилниот дизајн на опремата и активностите што луѓето ги користат како и дизајнот на работната и животната средина. Потребно е да се користат информациите кои ги нуди оваа наука, сѐ со цел да се дизајнираат ергономски обликувани системи, кои со сигурност ќе овозможат комфор при нивната употреба. Доколку бидат задоволени потребите на човекот при неговата интеракција со системите, тогаш со сигурност ќе се постигне поголем квалитет при работењето, како и поголема мотивација кај самиот корисник на ергономски дизајнираните системи. Крајниот резултат е исполнување на двете основни цели на ергономијата, функционална ефективност и човекова благосостојба. Овој труд дава преглед на ергономските методи и техники кои овозможуваат структуриран пристап кон анализа и евалуација на проблемите поврзани со ергономскиот дизајн на условите на работното место и работните методи.

**Клучни зборови:** ергономија, мускулно-скелетни нарушувања, имплементација на стандардите за ергономијата, функционална ефективност и човекова благосостојба.

## Вовед

### Која е поврзаноста на ергономијата и библиотеките?

Библиотечна ергономија е проучување на имплементацијата на ергономијата во однос на персоналот на библиотеката и корисниците на библиотеката. Ергономијата на библиотеката вклучува традиционална библиотечна работа, распоред на седиштата на персоналот и корисниците на библиотеката, столчиња за читална, осветлување, дизајн и

уредување на мебелот, заедно со модерна автоматизирана работа во библиотеката. Ергономијата во библиотеката ќе помогне да се зајакне работната култура во библиотечно опкружување, за да се зголеми продуктивноста на библиотечните услуги и задоволството на читателите/корисниците. Вработените во библиотеката извршуваат различни типови на работи како - движења кои се повторуваат: на пр. операции за внесување податоци, како што се: каталогизација на библиотечниот материјал, дигитализација со скенери, зајмување и користење на бар-кодови.

Непријатно држење на телото како што е ставање книги или пишување на тастатури кои се на незгодна висина; Неподвижно држење во подолг временски период: на пр. држење на телефонот во иста положба подолго време или ставање обемни книги на скенер; Движења/дејства што предизвикуваат напор: туркање на колички и кревање кутии со книги. Други вообичаени дејства кои предизвикуваат стрес - лошото седење предизвикува болки во грбот. Недоволното осветлување во библиотеката предизвикува замор на очите.

Терминот „Ергономија“ првично бил користен во еден полски весник во деветнаесеттиот век од полски просветител по име Војчеих Јастржебовски. Зборот ергономија потекнува од грчкиот збор ергон (ergon) - работа и номос (nomos) - закон. Ергономијата е мултидисциплинарна наука и за неа постојат голем број дефиниции на пр. „Ергономијата е технологија на комуницирање во системот човек-машина или ергономијата е научно истражување на односот помеѓу човекот и работната средина.

Со оглед на тоа што во последните неколку години се посветува големо внимание на ергономските норми кои мора да се почитуваат на работното место за да се подобри продуктивноста на вработените, овој труд ќе ги претстави тие норми, важноста од нивната примена и последиците од нивното занемарување. Исто така, опишани се условите за работа кои преовладуваат во библиотеките, повредите кои може да настанат поради непочитување на основните ергономски барања и превентивните мерки препорачани од експерти.

**Цели на ергономијата**

*Основни цели на ергономијата:*

**Првата** цел е да се зголеми ефективноста и ефикасноста на работењето како и на другите активности што ги извршуваат луѓето.

**Втората** цел е да се зголемат одредени посакувани човекови вредности, вклучувајќи подобрена сигурност, намален замор и стрес, зголемен комфор, поголемо прифаќање, зголемено задоволство од работењето и подобрен квалитет на живеење.

Иако, како приод на ергономијата е наведен само ергономскиот дизајн, мора да се нагласи дека ергономијата не е само дизајнот на предметите, туку многу повеќе од тоа.

Притоа, дадена е една дефиниција која ја објаснува ергономијата најблиску до тоа што навистина е: „Ергономијата открива и врши применување на информациите за однесувањето на луѓето, нивните можности, ограничувања, како и за други карактеристики кои се важни за дизајнот на алатките, машините, системите, задачите, работата и околината, со цел за нивна продуктивна, сигурна, комфорна и безбедна употреба“.

**Со примена на ергономијата се појавува:**

- Повисок морал кај вработените и зголемено задоволство од работата;
- Зголемена продуктивност;
- Повисок квалитет во работењето;
- Поголема компетивност на пазарот;
- Намалена можност за несреќи и грешки;
- Подобрена безбедност и здравје на работното место;
- Намалено отсуствување и откази на вработените;
- Намалени медицински трошоци и трошоци за отштета за вработените.

Постојат низа последици кои се појавуваат доколку не се применува ергономијата. Тоа може да бидат замор, стрес, како и најразлични болести и нарушувања во човековото тело (болки во грбот, рамената, вратот, мускулите, прстите, стапалата итн.).

Административни алатки кои можат да бидат ефективни во работата:

*Проширување на работата.* Вработените да работат повеќе различни задачи, а не само една специфична задача која се повторува цело работно време.

*Ротација на работни места.* Вкрстена обука на вработените за разни работни задачи. Ротирање на вработените на работни места на кои се активираат различни мускулни групи.

*Паузи.* Вработените да имаат почести кратки паузи при извршувањето на повторливи задачи во текот на денот.

*Обука.* Обуката обезбедува информации кои ги ублажуваат ергономските оштетувања, стратегии за подобрување на распоредот на работното место и вежби за намалување на стресот.

Во ергономија постојат десет физички принципи и тоа:

*ПРИНЦИП 1 –Сè да биде на дофат*

Посегнувањето по оддалечени предмети или контролни уреди, може да го истегне телото, да ја отежне работата и при тоа да се изгуби време. За да можат задачите полесно да се извршуваат, потребно е работите кои најмногу се користат да се чуваат на дофат. Овој принцип иако е наједноставен и лесен за примена, честопати се занемарува.

*ПРИНЦИП 2 - Работа на соодветна висина*

Секојдневен проблем е несоодветноста помеѓу висината на луѓето и работата којашто тие ја вршат. Ова може да предизвика работење во незгодни или искривени положби, што последователно може да доведе до замор, неудобност, дури и повреда.

*ПРИНЦИП 3 - Работа во неутрална положба*

Работењето во незгодни и искривени положби го зголемува физичкиот стрес на телото и често ја намалува силата, а тоа доведува до отежнување на работата. Алатите, опремата, уредите и задачите со чие маневрирање телото е поставено во неутрална положба, можат да ја зголемат продуктивноста и да спречат повреди, како што се проблеми во долниот дел на грбот. Најдобри положби се оние кои го одржуваат телото во неутрална положба, односно: поставеност на грбот во природна положба во форма на буквата S, природно држење на лактите од страните на телото и зглобовите да бидат во неутрална положба.

*ПРИНЦИП 4 - Редуцирање прекумерна енергија*

Непотребната прекумерна енергија може да ги преоптовари мускулите и да предизвика замор, или пак, повреда. Затоа е потребно работите да бидат дизајнирани така што ќе се редуцира количеството на вложената енергија.

*ПРИНЦИП 5 - Намалување на заморот*

Преоптоварувањето на способностите на човекот може да доведе до повреди, несреќни случаи, лош квалитет на работење и намалување на продуктивноста. Добро дизајнираните задачи можат да спречат појава на замор, а притоа да се постигне максимална ефикасност.

Посебно важен вид на замор е статичкиот товар, кој претставува постојано напрегање на истата мускулна група, за подолг временски период што причинува неугодност и болка. При работење во иста положба за подолг временски период, комбинирано со голем напор и неадекватна положба, мускулните групи се преоптоварени и крвотокот се намалува во тој дел од телото.

*ПРИНЦИП 6 - Намалување на прекумерното повторување*

Повеќекратните движења кои се потребни за изведување на задачите имаат големо влијание на оштетувањето на телото. Прекумерните повторувања можат да

доведат до повреди на чувствителното ткиво на зглобовите, а исто така и да доведат до неефикасно трошење на времето.

*ПРИНЦИП 7- Обезбедување слободен простор и приод*

Многу е важно работните простории да бидат дизајнирани со доволен простор за да се заврши задачата и да се добие лесен приод до сè што е потребно. Соодветен слободен простор е потребен за главата, рацете, телото, колената и стапалата. Исто така, не треба да има пречки помеѓу лицето и предметите со коишто работи човекот во текот на извршувањето на задачата.

*ПРИНЦИП 8 - Намалување на оптовареноста при контактот*

Директен притисок или оптовареност при контактот е вообичаен за многу задачи. Покрај тоа што е неудобен, може да ја спречи функцијата на нервите и крвниот тек.

Оптовареноста при контактот најчесто делува на дланката, подлактницата, бутовите, потколеницата и стапалата.

*ПРИНЦИП 9 - Обезбедување мобилност и промена на положба*

Без разлика дали станува збор за седечка или за стоечка работна положба, потребно е да се прават промени на држењето на телото во текот на работниот ден. Постојат работни маси кои се адаптирани и за седечка и за стоечка положба. Покрај работните маси, треба да се применуваат и адаптабилни столчиња со различни димензии.

На вработените потребно е да им се овозможи промена на работните места, односно ротација на работните места, со што се постигнува активирање на различна група мускули. Не треба да се запоставаат честите паузи на работните места со кои се овозможува опуштање на телото и промена на положбата.

*ПРИНЦИП 10- Влијание на удобна работна средина*

Околината во којашто се одвива работата може директно и индиректно да влијае не само на удобноста и здравјето на луѓето, туку и на квалитетот и ефикасноста на извршената работа.

Најголемо влијание врз квалитетот на извршените задачи имаат:

- соодветното осветлување;
- соодветната температура и влажност на воздухот;
- определениот степен на вибрација;
- одредено ниво на бучава.

Работата во библиотека бара бројни задачи за рачно ракување кои вклучуваат ергономски фактори на ризик, како што се ставање книги и маневрирање колички со

книги. Овие активности може да предизвикаат стрес на грбот, рамената, рацете, рацете и зглобовите и може да го зголемат ризикот од повторливи повреди и стрес.

Мускулно-скелетно нарушување поврзано со работата (WMSDs) се јавува од повторени физички движења што ги оштетуваат тетивите, нервите, мускулите и другите меки телесни ткива што произлегуваат од секојдневните задачи што ги извршуваат библиотекарите.

Мускулно-скелетните нарушувања се потенцијално сериозни повреди и може да се случат како резултат на лоши работни практики, техника и позиции на телото кои предизвикуваат непотребен стрес на тетивите и нервите во раката, зглобот, рацете, рамената, вратот.

Примерите вклучуваат:

Тежина на книги – Ракување со книги кои се разликуваат и по големина и по тежина.

Поткревање и свиткување - влечење или замена на книги на различни висини на полиците.

Висока стапка на повторливи задачи - извршување иста задача во подолг временски период, како што е постојано ставање книги на полиците.

Непријатни положби на зглобот, рацете и рацете – погрешно фаќање на книгата или туркање/влечење колички.

Кревање или туркање тешки предмети.

Со цел да се намалат повредите, еден или повеќе од факторите на ризик треба да се намалат или елиминираат. Постојат многу начини на кои можеме да ги приспособиме нашите работни навики за да одржуваме здрави ергономски принципи.




Виткањето на половината предизвикува стрес на грбот. Клекнете кога ги ставате книгите на ниски полици или седете на столче, притоа држете го грбот исправен.







Носење премногу книги додека ги ставате на полиците може да предизвика стрес на вашата рака и рамења. Носете само книга што ќе ја ставите на полиците или намалете го бројот на книги што ги земате при едно носење.

Совети за безбедно поставување книги на високи полици. Кај поткревање на прсти за поставување книга на највисоката полица над глава се јавува стрес на рамената, рацете и горниот дел од грбот. Користете столче за нозе или скала кога ставате книги на високи полици.

При подигање товар, максимално користете ги своите нозе за да го заштитите грбот и `рбетниот столб. Свиткајте ги колената кога го подигате товарот и држете го грбот исправен. Заземете стабилна положба, подигнете го товарот полека и не го



виткајте телото. Ако товарот е премногу тежок, побарајте помош или употребите механичка сила. Не носете товар од кој не можете да гледате пред себе. Расчистете се што може да ви пречи на патот пред да го подигнете товарот, а воедно затворете ги и сите отворени фиоки. Предмети од десет килограми ќе извршат притисок од 100 килограми на вашиот грб ако неправилно ги

кревате.







Треба да се избегнува стискање. Зафат со стискање дава дополнителен физички стрес на целата рака, зголемувајќи го ризикот од повреда на зглобот.

Наместо тоа, користете колку што е можно повеќе од раката за да ја зголемите површината, да ја зголемите силата и стабилноста и да го намалите притисокот.

**Колички за книги**

Кога разнесувате книги со количка одете со нормално или бавно темпо додека ја туркате.

Важно е да се напомни - Добро одржуваната количка ќе помогне да се спречат несреќи и ќе создаде помал физички стрес на библиотекарот. Спроведувањето на периодична проверка на количката и последователните поправки ќе помогнат да се одржува количката во добра состојба.

Проверката на количката треба да вклучува:

проверка на лабави и/или истрошени тркала;

стабилност;

леснотија на движење;

леснотија на маневрирање.









Уверете се дека количката со книги овозможува доволно простор за нозете за да може природно да се движите

НЕ користете оштетена количка, особено количка со неисправни тркала и без кочница.

НЕ користете количка ако ви е попречен видот.

Користете колички со рачки, секогаш кога е можно.

Држете ги рацете и прстите во периферијата на количката за да спречите повреда.

**Заклучок**

*Предности на ергономијата за библиотечното опкружување*

Во библиотеките, ергономијата може да биде исклучително корисна за библиотекарите и за квалитетот на услугата. Ергономското образование на библиотекарите, помага да се промовира здрава и продуктивна работна средина.Ефективното ракување со книги може да доведе до помалку изгубено време и помали шанси за несреќа. Имплементацијата на ергономијата може да ја зголеми ефикасноста, квалитетот на работа на вработените, намалување на ризикот од мускулно-скелетни заболувања. Со спроведување на програма за ергономија, организацијата може да ги намали трошоците поврзани со прашања како што се промена на персоналот заради боледување и отсуство од работа. Работата, исто така, може да биде поефикасна со дизајни на работното место што создаваат помалку грешки. Организациите кои имаат систематски пристап кон ергономијата, користејќи основна листа за проверка за да воспостават ергономски здрава околина, имаат многу подобри резултати и помалку повреди и отсуства од работа. Крајната цел на имплементацијата на ергономијата во библиотеката е намалување на мускулно-скелетните проблеми. Со цел да се задоволат потребите на корисниците, да се зголеми продуктивноста во активностите за истражување и учење и да се обезбеди здрава и безбедна средина во библиотечните единици, треба да се посвети внимание на поимот ергономијата на работните места и да се избегнат некои секојдневни проблеми што се појавуваат на работното место. Многу од типичните проблеми на работното место поврзани со компјутерите може да се избегнат со правилно позиционирање на мониторот, висината на бирото, вртлив работен стол, тастатура, осветлување.

**Користена литература:**

Ергономија. Поленаковиќ, Радмила; - Скопје: Национален центар за развој на иновации и претприемачко учење, 2012

**Онлајн-извори**

https://www.researchgate.net/publication/323756342_MAN-COMPUTER_INTERACTION_AND_ERGONOMIC_ISSUES (пристапено на 29.7.2024)

https://www.sjasd.ca/AboutUs/Safety%20Program/ergonomics/Documents/libraryergonomics.pdf (пристапено на 29.7.2024)

https://www.usg.edu/facilities/training/stacking/13.php (пристапено на 3.8.2024)

https://citaliste.rs/casopis/br28/adzic_aleksandra.html (пристапено на 3.8.2024)

https://www.ff.unsa.ba/files/zavDipl/23_24/psi/Lejla-Mujovic.pdf (пристапено на 10.8.2024)

https://www.extensionjournal.com/article/view/251/7-1-97 (пристапено на 12.8.2024)

https://nwcentral.org/wp-content/uploads/2016/09/Ergonomics-in-the-Library.pdf (пристапено на 18.8.2024)

https://ehs.yale.edu/sites/default/files/files/ergo-library.pdf (пристапено на 18.8.2024)

**Abstract**

If we analyze the increasing number of musculoskeletal disorders, workplace injuries and stress among library employees, the need to implement standards for ergonomics naturally arises. Ergonomics is the study of human productivity in the workplace, the practice of creating or organizing workplaces, objects and systems to meet the needs of users. Ergonomics is of great importance in the proper design of equipment and activities that people use as well as the design of work and living environments. It is necessary to use the information offered by this science, all in order to design ergonomically shaped systems, which will surely provide comfort during their use. If the needs of the person are satisfied during his interaction with the systems, then a higher quality of work will certainly be achieved, as well as a higher motivation among the user of the ergonomically designed systems. The end result is the fulfillment of the two basic goals of ergonomics, functional effectiveness and human well-being. This paper provides an overview of ergonomic methods and techniques that allow a structured approach to the analysis and evaluation of problems related to the ergonomic design of workplace conditions and work methods.

**Keywords:** ergonomics, musculoskeletal disorders, implementation of ergonomics standards, functional effectiveness and human well-being.

# Книжевноста, јазикот и библиотечните ресурси

проф. д-р Мито Спасевски
проф. д-р Елизабета Бандиловска
Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје

**Вовед**

Книжевноста со својата теориска и уметничко-естетска, интеркултурна и интердисциплинарна енергија претставува една од подоминантните зафатнини на книжевната граѓа приредена и понудена низ библиотечниот излог.

Библиотечните ресурси во својот комплексен капитал го одразуваат севкупниот сензибилитет на библиотечната материја што ја владеат и ја „пласираат“ до читателот како примач. Тоа укажува на фактот дека во секојдневните универзално мисионерски професионални постапки и процеси што се збиднуваат на релацијата издавач – библиотека – читател се остварува несекојдневна професионална, но и флуидна комуникација на траекторијата на книжевноста и на библиотечните ресурси.

Комплетната и сеопфатна артикулација на библиотечните ресурси е условена од повеќе аспекти и фактори. Во таа смисла, комплексот фактори, меѓу другото, го сочинуваат издавачката продукција, нејзината инфраструктура, (разновидноста на издавачката продукција), организациската структура, архитектура и поставка на дејноста на библиотечната инфраструктура, медиумската логистика на ваквата дејност, читателската доктрина и бројни други аспекти.

Во фокусот на оваа опсервација се актуализирани дел од релевантните партиципативни компоненти во физиономирањето на структурата на ова прашање.

Кога зборуваме за книжевноста, неодминлива е нејзината нераскинлива врска со јазикот. Впрочем, за да имаме книжевност и книжевни дела, најпрвин мора да имаме јазик, устроен на високо академско ниво, стандардизиран на сите јазични рамништа.

Од друга страна, за да се истакне улогата на библиотеката како активен чинител во една општествена заедница, како битен фактор се јавува комуникацијата што се остварува меѓу библиотеката и нејзините корисници. А основно средство преку кое се реализира комуникацијата е токму јазикот. Оттука, евидентна е заемната врска меѓу јазикот, книжевноста и библиотеката како обединувачки произлез чија цел е да се претстави преку пишаниот збор сето она што го создава човекот во своето опкружување, но и да се зачува како пишана трага она што веќе е создадено и се

создава за идните генерации. Во оваа смисла, библиотеката се јавува како преносител на знаења и информации, како оригинален извор на интерпретација и споделување на огромен број записи на човечката мисла во сите облици и во сите области на колективниот и личниот живот на поединецот и како единка и како член на една општествена средина.

Ваквите записи секогаш се поврзуваат со културните, историските и идентитетските прашања на еден народ и на еден јазик, а токму библиотеките се чувари и сведочници на развојниот патопис низ вековите на секоја нација. За нашиот, македонски јазик ваквата развојна врвица е тесно врзана со развојот на словенската писменост уште во далечниот 9 век, со создавањето оригинални и преведени дела на општословенски јазик, но и со создавањето на библиотеките, вообичаено како дел од манастирските комплекси, како центри од каде што почнувала и се одвивала целокупната дејност на јазично и на книжевно поле, но и како места каде што се чувале сите црковни книги, ракописи и прирачници неопходни за учење, за поучување и за ширење на словенската писменост. Првата создадена библиотека на македонски простор, и воопшто меѓу Јужните Словени, се врзува со Охрид и со дејноста на св. Климент Охридски како создавач на првата манастирска библиотека во рамките на манастирот „Св. Пантелејмон“ и претставува зачеток на македонското библиотекарство.

**Книжевноста, јазикот и библиотечните ресурси**

Интегрално гледано, низ призмата на науката и на научните опсервации, но неразделно и како уметничко творештво и со нејзините специфики како уметност, книжевноста и книжевната граѓа отсекогаш биле темелна основа на библиотечниот ресурс. Книжевноста била своевиден столб на структурирањето на библиотечните дејности. Таа била вистински предзнак на поимањето на детерминантата – библиотека. Книжевноста отсекогаш била, но и останува синоним на библиотеката како културолошко огниште.

Во овој контекст, на иста линија со книжевноста се јавуваат и јазикот и целата продукција во лингвистичка смисла. Сосема разбирливо е дека јазичната и книжевната граѓа се во заемна спрега, но и дека лингвистичките книги, монографии, речници, прирачници ја исцртуваат развојната патека на јазикот и претставуваат основа за секој друг вид на создавачка активност, вклучувајќи ја тука и книжевноста.

Оттука, од јазично-книжевен аспект може да се каже дека библиотеките претставувале и претставуваат незаменливо духовно и творечко вдахновение и напојувалиште на најголем дел од литературните и лингвистичките творци од светски

формат. Тие биле неразделен дел од писателските секојдневија и вистинска творечка обземеност. Одделни записи укажуваат дека во библиотечните огништа, книжевните автори и лингвистите ги расплодувале и творечкото и скришното внатрешно, сликовито надоаѓање на новото дело, напати идејно-творечкото и зародувачко вриежно чувство на авторот насочено кон изнедрување на новото дело. Во библиотеката авторите се чувствувале како во свој дом или во свој творечки храм. Библиотеката со својата дејност не треба да се движи по времето, туку во и од него, но и пред времето од аспект на нејзината дејност.

**Книжевно-јазичните библиотечни ресурси и трансмисијата до читателот**

Во појдовноста на поставката на ова прашање е и дилемата како до читателот да стигне квалитетна информација за библиотечната понуда на литературните и на лингвистичките дела што се составен дел од нејзините присутности, како таа информација да се валоризира и како читателот да стане составен дел на библиотечните книжевно-јазични консументи. Иако е факт дека на тој план не се вршени некои продлабочени истражувања, евидентно е дека „мостот“ што треба да го изгради медиумот меѓу читателот и библиотеката во практиката се остварува повремено, во определена форма и некакви модели и недоволно за посеопфатно медиумско одгласување на книжевната и на лингвистичката понуда.

Ако се поаѓа од тековните состојби, најчесто во медиумите се пласираат кратки информации за одделен одржан настан во одделна библиотека, при што се пласираат само кратки информации за настанот или за авторот, а не за делото или за делата. Информациите од ваквите поводи повеќе говорат за местото и за времето на одржување на настанот одошто за суштественоста на литературното/ лингвистичкото дело и притоа како да не се прави обид во согласност со неговите уметничко-естетски и јазични одлики „да се фрли јадица“ за регрутирање нови читатели и нова библиотечна мисија.

Наспроти тоа речиси малубројни се медиумите кои во својот програмски дел реализираат емисии што се тематски посветени на библиотечните анимирања на книжевен или научен прозорец кон опкружувачката средина и читателскиот фонд кон читателите. Уште повеќе дали и колку во односниот медиум е ангажиран новинар во чиј дискурс посебно место има библиотечната мисија што преартикулирано станува значаен предуслов за квалитативен медимуски библиотечен отворен прозорец и негова мисија кон опкружувачката средина.

Незабележливи се и посебните тематски емисии и прилози на различни аспекти за посебното значење на мисијата на библиотечната функција, нејзината мисија во

профилирање на младата, следствено и кај возрасната личност, градење на општа општествена свест за овој вид духовно и културолошко живеење.

Авторските истражувања во еден истражувачки период укажуваат на фактот дека речиси и да нема медиум кој во својата програма реализирал актуелна, дебатна, отворена медиумска трибина за местото, состојбите, улогата, проблемите и редица други аспекти на библиотечното функционирање, а во тој контекст и артикулирањето на книжевната, но и на лингвистичката граѓа во библиотеките.

**Библиотечните ресурси и издавачката продукција**

Издавачката продукција претставува значаен фактор во моделирањето на интегративноста на јазикот, книжевноста и библиотечната дејност и нејзините ресурси. Разбирливо е ова во контекст на издавачката продукција на книжевноста која се создава во рамките на автентичната книжевна материја како национална книжевно-издавачка продукција, но и во однос на јазикот како стручна материја и секогаш актуелна во однос на низа јазични прашања и состојби, особено денес во однос на процесите на глобализација и од јазичен аспект. Ова дотолку повеќе што во библиотечните ресурси, во големиот книжевен и лингвистички корпус се наоѓаат и мноштво изданија кои во библиотечните ресурси доаѓаат од други национални продукции надвор од нашата земја.

Важен аспект во квалитативниот степен на издавачката продукција на книжевното и на лингвистичкото творештво е и еквивалентноста на изданијата со уметничко-естетските и високостручните вредности на изданијата како на уметничката книжевност и на лингвистичките објави, така и на научната верификативност на изданијата од теориските и емпириските книжевни и јазични дострели. Тоа значи дека не е сеедно дали во библиотечните ресурси се депонирани и на читателска понуда се поставени литературни и лингвистички дела со дискутабилна книжевно-уметничка и стручно-научна вредност или со вистински книжевни и јазични вредности. Во таа смисла се и квалитативите на издавачките изданија кои третираат прашања низ научен аспект, ова во контекст на дилемата дали станува збор за дела од угледен научен предизвик или се на линијата на маргинални научни објави.

Не смее да се занемари и фактот дали во издавачката продукција се објавуваат само дела од современата литература или тоа се чини и со народната литература, дали се издаваат литературни дела од сите книжевни родови и жанрови, дали и колку се издаваат стручни дела посветени на различни теми од македонистиката, дела од различни творечки генерации и редица други пристапи на вреднување на литературните и на лингвистичките објави.

Актуелно е и прашањето околу издавањето на јубилејни книжевни и јазични едиции кои репрезентираат релевантен книжевен и лингвистички опус и би биле допадлив и интересен влог во библиотечниот фонд. Ефектот од таквиот зафат би бил уште поголем ако предмет на едициите се книжевни и лингвистички автори кои маркираат изразити уметнички одредници и, секако, значајни и предизвикувачки прашања од областа на јазикот и се во корелација со одделни текови на националната, европската и светската книжевност и лингвистика.

Библиотечните книжевно-јазични ресурси треба да претставуваат постојан и квалитетен израз на тежишните стратешки издавачки цели на литературната и на лингвистичката граѓа која го олицетворува книжевно-јазичниот творечки капитал на националната и на светската литература и лингвистика.

Тоа, се разбира, дека треба да биде константа на долгорочната издавачка, следствено на тоа библиотечна дејност. Низ призмата на општествените перцепции на книжевно-јазичните библиотечни ресурси, на ова прашање треба да му се приоѓа како на витално, а не како на прашање од втор ред чија актуелност во слухот на општествената заедница се прокламира само во определени поводи.

**Изборот на книжевни и лингвистички дела за превод и библиотечните ресурси**

Преведената литература, исто така, претставува незанемарлив книжевен и лингвистички корпус кој во библиотечните ресурси има значаен влог. Фокус на преведената литература, првостепено треба да бидат литературни и лингвистички дела актуелни во други јазични, меѓународни, книжевни и лингвистички продукции. Книжевните високи рамништа на повеќејазичните литературни уметности, но и високите стручно-научни универзални категории и вредности од јазичен аспект само го зголемуваат тоналитетот на читателското љубопитство за прочит и проследба на други литературни појави и лингвистички истражувања и го отвораат широкиот читателски видик кон странските литературни и лингвистички објави.

Неретко изборот на преведената книжевна и лингвистичка литература го вршат лица чија стручна верификација за таква сложена и одговорна задача речиси е минимална. Тоа продуцира паушален избор со ирелевантни критериуми што, пак, доведува до целосно деградирање на целта и мисијата на преведување респектни книжевни и лингвистички дела од пошироките книжевни и лингвистички меридијани. Тоа, пак, повлекува бесцелно потрошени средства, при што наместо врвни и високоценети книжевни и лингвистички дела ќе бидат преведени ирелевантни дела, а

тоа, пак, продуцира игнорирање од читателската публика и нејзино одвраќање од читателските побуди, особено дерегрутирање на млада читателска публика.

Покрај факторот на подобност на квалитетно избрани литературни и лингвистички дела за превод, во остварување на следователниот ефект значајна улога игра преведувањето странска литература (книжевни и лингвистички дела) да се чини како континуирана и планска активност, а не инцидентно. Инцидентноста е исто толку лоша, колку и отсуството на слух за значењето на преведената книжевна уметност, но и на преведените лингвистички истражувања.

Сразмерноста на бројот на преведени книжевни и лингвистички дела, јазични подрачја како основа за преведена литература, национални книжевности од кои се преземаат книжевните дела, светски јазици од кои се прифатливи и применливи одделни лингвистички истражувања, како и тиражот на преведените дела, исто така, е неспорен фактор во вкупните заложби за облагородување на библиотечните книжевно-јазични ресурси.

Особено упатно во оваа смисла би било да се остваруваат аналитички периодични проследби за проверка на тоа дали изборот на книжевни и лингвистички дела што ќе бидат третирани во корпусот на преведена книжевна и лингвистичка граѓа е на рамниште на очекуваната цел. Ако тоа е изместено, тогаш разумно би било тоа да биде вистинска поука за натамошните постапки на избор на книжевноста и на лингвистиката како преведена литература, достапна и полезна за широк круг читатели од различни возрасти.

**Библиотечните книжевно-јазични ресурси и општествениот третман**

Од неспорно важно значење за квалитетната присутност и анимираност на книжевната и на лингвистичката граѓа во програмскиот комплекс на содржајноста на библиотечните ресурси е и општествениот третман, како заемно покритие на трите области - на библиотеката, на јазикот и на книжевноста. За да се оствари висок степен на библиотечно репрезентирање на книжевноста и на јазикот и обратно, преку книжевното и јазичното култивирање на библиотечната улога во општествените развојни текови, надлежните општествени институции од областа на образованието и на културата (министерства, фондови, тела, комисии и др.), треба да имаат чувство и целосно разбирање за фундаменталното значење на библиотеката и на нејзината мисионерска улога. Со тоа се позиционира и се зацврстува уште посилно статусот на книжевноста и на јазикот во создавањето на националниот културолошки и образовен развој, соодветно се вреднуваат книжевната духовност и јазичната систематизираност како непроценлива вредност, но и севкупните текови во профилирањето на личноста.

За таа цел општествената заедница мора да има системски, а не кампањски решенија. Решенијата мора да бидат со целосна поддршка, а не парцијална поткрепа која е со краток здив. Општествената заедница во книжевно-јазичните библиотечни ресурси мора да го препознава и националниот самоидентитет и фактот дека тоа е значаен столб во вкупната архитектура на државотворноста. Детерминирањето на националните значења на библиотеките без соодветниот третман на библиотечната зафатнина на книжевноста, но и на јазикот како основа на сите општествени текови, е порозно и неавтентично поимање на институцијата – библиотека.

Духовната трансмисија што ја зрачи од себе книжевното и лингвистичкото благо како библиотечен ресурс, неспоредливо повеќе од која било друга возможна алтернатива, дава трајни уметничко-естетски, лингвистички, културолошки, творечко-проникнувачки вредности и рефлексии.

„Историјата на библиотеките е историја на служење. Тоа е историја на промени.... Само една вредност од минатото е задржана во новото опкружување. Мисијата на библиотеките едноставно може да се објасни како овозможување на неопходните услуги кон корисниците. Оваа мисија ја споделуваат сите библиотеки во светот“.[1]

Во бележитоста на историските датуми на библиотеките, упатно е да се посочи првото устројување на библиотеки во сумериските храмови во периодот на 3 000 година пред новата ера, египетската колекција на папируси од 2 400 години пред новата ера, азиските збирки од осмиот век пред новата ера и други.

Историскиот след на ова прашање фактографира податоци со кои во библиотечните ресурси (овде проследен и од аспект на присутностите на книжевните и на лингвистичките дела), ги определува како исклучително значајна компонента во вкупните општествени текови.

Имено, во оние општествени заедници во кои прогресивните слоеви (во одделни случаи дури и владејачките слоеви, но и војсководачи во време на воени походи), пројавувале посебен интерес и третман на библиотеките од грижа за нивна заштита до заземање како воен плен. [2]

Некои од нив создавале наменски амбиент за основање, развој и разгранување на културолошката духовна наслага. Притоа разбирливо и реално би било и да се очекува создавање библиотеки и нивно разгранување и библиотечно живеење. Видно

[1] Friendm Frederick J.: New Mission? Or old Mission with a New Face? – http://www.lib.pku.edu.cn/98conf/paper/a/FredFriend.htm p.2

[2] Библиотеките покрај нивната мирновремена важност, претставувале и клучна цел на воените походи. Неретко библиотеките уште во времето на Стар Рим биле дури и воен плен. Така, една од првите библиотеки која како воен плен била донесена во Рим била библиотеката која ја донел војсководачот Емилио Пауло, кој по победата на Македонците кај Пидне во 168 година пр. н. е. ја однел како воен плен дворската библиотека на македонските владари.

во библиотечната зафатнина значаен удел имале книжевните дела, со што книжевноста била таа која во најголема мера го идентификувала и го олицетворувала библиотечниот амбиент. Секако, овде мора да се споменат и ретките и бесценето значајни лингвистички дела како сведоштва за создавањето и развојниот пат на многу од светските јазици, се разбира, овде мислиме и на македонскиот јазик.

Библиотеката мора да „живее со времето, таа мора и преку книжевните ресурси да биде ехо на тековите на времето или како што посочува Мерилин Гел Мејсон „**јинг и јанг, сознавање, машки и женски принципи, сонце и месечина**“.[3]

Библиотеката и библиотечните фондови, особено оние од книжевноста и од јазикот, во постојан активен дослух треба да го поставуваат значењето на библиотеките во високообразовните установи, училишта, градинки, центри за култура и други сродни институции.

Образовните институции се посебно вруточиште на остварувањето на мисијата на библиотеките и библиотечните ресурси. Тие се вистински расадник на читателскиот аудиториум и регрутна база на младата читателската популација „од мали нозе“, токму кога најефективно и најцелисходно во свеста на младата популација треба да се всадува и на тој начин љубовта кон книгата. Библиотеката во образовната институција е персонификација на јазикот и на книжевноста во една творечка симбиоза и нејзино мисионерско разжарување на читателствувањето.

## Заклучок

Комплексноста на прашањето за книжевноста, јазикот и библиотечните ресурси продуцира отворен простор за натамошни негови проследби од различни аспекти и стојалишта. Во него се вкрстуваат интердисциплинарни присмотри. Секоја од нив атакува кон суштественоста на таа материја. Тоа ќе биде релевантно опсервирано во следствените текови на овој план.

Библиотеката со своите темелни постулати артикулира ретко значаен репрезент на општествените, националните и општочовечките атрибути на духовната култура, културолошките вредности и вонвременските библиотечни мисионерства.

Нејзината комплексна структура ја сочинуваат повеќе компоненти, сегменти и партиципативни содејства.

Библиотечните ресурси претставуваат стожер на библиотечните системи. Тие се своевидна основна артерија на остварувањето на функцијата на библиотечната дејност.

[3] Mason, M. G. (2005) A Guide to public speaking Student handbook. Thomson Ceaton Publishing.

Библиотечните ресурси се интегрален комплекс на постојната библиотечната понуда. Особено репрезентен дел на библиотечниот ресурсен капитал е книжевната граѓа, но секако значајно место ѝ припаѓа и на лингвистиката, на нејзините стручно-научни проследувања на јазикот низ различни временски оски.

Остварувањето на вредносната цел на библиотечната дејност низ призмата на библиотечните ресурси, е значаен, сложен и комплексен процес. Него го условуваат повеќе фактори. Во оваа пригода анимирани се само дел од нив. Во примарните поставени се општествениот третман на библиотеките, процесот на книжевната и на лингвистичката понуда, репрезентноста на книжевниот и н лингвистичкиот избор на дела со врвни уметнички и лингвистички квалитети, рамномерното репрезентирање на дела од различните книжевни родови и жанрови и лингвистички области.

Неспорно значаен е и аспектот на моделот на библиотечната книжевна и лингвистичка понуда и нејзината мрежа од библиотеки, застапеноста на дела од категоријата на преведена литература од други јазични творештва, издавачката поддршка со актуелни изданија на книжевни и лингвистички дела, осмислената програмска дејност и редица други компоненти.

**Користена литература**

Friendm Frederick J.: New Mission? Or old Mission with a New Face? – http://www.lib.pku.edu.cn/98conf/paper/a/FredFriend.htm p.2;

Mason, M. G. (2005) A Guide to public speaking Student handbook. Thomson Ceaton Publishing.;

Evans GE (2000). Developing library and information centar collection, $4^{th}$ ed. Endlewood. Co: Libraries Unlimited;

Ferguson, S and Weckert, J (1998) “The librarian’s duty of care: emerging professionalism or can of worms?” The Library Quaterly 68: 365-389.;

Мито Спасевски, сопствени истражувања.

## Содржина

Патувањето на исфрлените книги од ѓубре до библиотека ... 2

Споделување добри практики во работењето на библиотеките ... 11

Волонтирањето во библиотеките (зошто, како, со кој) – алка за поврзување и зајакнување на заедниците и генерациите ... 20

Популаризација на книжниот фонд преку позиционирање на библиотеката како активно културно јадро ... 28

Споделување на добра практика ... 36

Нови комуникационни и медийни модели в популяризирането на регионалното културно наследство ... 43

Библиотеките некогаш и сега ... 49

Иновативни придобивки и предизвици во библиотеките ... 60

Библиотеките некогаш и сега ... 69

Периодиката како меморија на едно општество ... 79

Одделот периодика при ЛУБ „Благој Јанков Мучето“- некогаш и сега ... 89

Библиотеките во дигиталниот простор ... 94

Од ракописи до е-книги: историскиот развој на библиотеките ... 102

Улогата и значењето на издавачката дејност во библиотеките ... 111

*Приложение на библиотерапията в библиотеките* ... 115

Библиотерапија во училиштата ... 127

Библиотечни благодати – истражување на наградите во библиотечната пракса ... 130

Награди и признанија кои ги доделува НУУБ „Св. Климент Охридски“- Битола ... 140

Ергономија во библиотеките ... 150

Книжевноста, јазикот и библиотечните ресурси ... 160

**Благодарност до Министерството за култура и туризам, до Општина Струмица и Локалната Библиотека „Благој Јанков Мучето“ Струмица за поддршката да се реализира проетот Форум „Размена на идеи за добри практики“.**

**Издавач:**
**ЛУБ „Благој Јанков Мучето”, Струмица**

**За издавачот:**
**Денис Мустафов**

**Главни уредници и редактори на е-Зборникот:**
**м-р Аница Глигорова Милева, библиотекар-советник**

**Носители на проектот:**
**м-р Аница Глигорова Милева, библиотекар-советник**
**Гонца Запрова Анастасова, виш библиотекар**

**Лектор:**
**м-р Аница Глигорова Милева, библиотекар-советник**

**Техничка обработка:**
**Гонца Запрова Анастасова, виш библиотекар**

**CIP - Каталогизација во публикација**
**Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје**

**021.4(062.552)**

**ЛУБ „Благој Јанков Мучето" (1 ; 2024 ; Струмица)**
**Размена на идеи за добри практики [Електронски извор] : прв меѓународен форум / [главни уредници и редактори на е-Зборникот Аница Глигорова Милева, Гонца Запрова Анастасова ; носители на проектот Аница Глигорова Милева, Гонца Запрова Анастасова]**

**Начин на пристапување (URL):**
**https://bibliotekastrumica.org.mk/wp-content/uploads/2025/10/razmena-na-idei-za-dobri-praktiki-elektronsko-izdanie-2024-godina.pdf.**
**- Текст во ПДФ формат, содржи 170 стр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 10.11.2025. - Фусноти кон текстот. - Библиографија кон трудовите. - Апстракти, Abstacts**

**ISBN 978-608-5083-03-9**

**1. Гл. ств. насл.**
**а) Прв меѓународен форум (Струмица ; 18.9.2024) -- Собири б) Библиотекарство -- Практики -- Развој -- Собири**

**COBISS.MK-ID 67122693**

2025